**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 мај 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седница на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот на Декларацијата за состојбите на дел од северната граница на Република Македонија кон СР Југославија.

За збор се јави господин Ненад Ристовски.

Не е тука.

Има збор господин Златко Стојменов.

Не е тука.

Има збор господин Љупче Ристевски.

Не е тука.

Има збор господин Абдулади Алију.

Не е тука.

Има збор господин Сејфедин Харуни.

Не е тука.

Има збор господин Рамадани Исмет.

Не е тука.

Има збор господин Никола Поповски.

Не е тука.

Има збор господин Талевски Александар.

Не е тука.

Има збор господин Пранговски Илија.

Не е тука.

Има збор господин Петковски Тито.

Не е тука.

Има збор господин Караџовски Жарко.

Не е тука.

Има збор господин Хацирeџа Кастриот.

Не е тука.

Има збор госпоѓа Гулистана Марковска.

Не е тука.

Има збор господин Чифлиганец Ванчо.

Не е тука.

Дали некој друг бара збор?

Збор има господин Спанаков Ристо.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Иако сте релативно малку на број, морам да кажам неколку работи во врска со Предлог на Декларацијата што сметам како документ треба да биде донесена заради тоа што сепак сметам дека Република Македонија како држава, институција, како меѓународно-правно признат субјект во меѓународни рамки има право да го каже своето мислење по однос на оваа декларација, по однос на состојбите што се случија неодамна. Но, мислам дека треба на одредени сегменти да се укаже и да се реагира и на Декларацијата што беше донесена во Собранието на Република Македонија кога се спореа границите на Република Македонија кон северниот сосед, СР Југославија тогаш, така што не би било добро да поминеме преку таквите случувања што водат кон дестабилизација на целокупниот регион.

Предлог декларацијата што е понудена за усвојување ја отсликува реалната состојба на теренот што постои и по тој основ сметам дека треба да биде донесена, при што морам да кажам дека таа се состои од три сегменти.

Едниот сегмент е реафирмирање на границите на Република Македонија кон северниот сосед, Сојузна Република Југославија, при што морам да кажам дека тој Договор со СР Југославија беше меѓународно признат и од ОН. Така што не постои никаква можност понатаму за редефинирање на таквата граница. Секој оној кој се стреми тоа да го направи, всушност, предлага нешто што на овие простори одамна би требало да биде завршена работа затоа што секое редефинирање на граници всушност значи објауваше на војна на државата со која тоа го барате. Дури ако тоа произлегува, пак, и од непостоечки правен субјект, кој што во своите размисли, преточувајќи ги во сега веќе непостоечка резолуција, мислам дека на тој начин јасно покажува за нивните цели и интенции што ги има.

Мене не ме чуди тоа што на таков начин се реагира од таа страна, затоа што основните цели и заложби на Призренската лига,морам да ги кажам јасно и гласно, се "Голема Албанија" и кон тоа се стреми албанскиот фактор. Ме чуди тоа што пратениците албанци во Македонското Собрание јасно не се дистанцираат од таквата определба на таканареченото Косовско Собрание. Јас ќе го наречам таканаречено, иако тоа е всушност времена институција под протекторат на ОН. Ме чуди тоа што Меѓународната заедница не реагира онака

како што ѕреба, соодветно, брзо и адекватно на одредени работи што се случуваат таму.

Овој пат, за мое изненадување, мислам дека Меѓународната заедница многу брзо реагирање, многу брзо донесе одлука да таквата иницијатива, таквото донесено решение на Косовското Собрание го елиминира веднаш го прогласи за ништовно, и беше прашање дали во Собранието на Република Македонија воопшто требаше да се дискутира по таквото изјаснување на меѓународната заедница.

Сепак, мислам дека Собранието на Република Македонија треба да донесе еден акт или документ со кој што јасно ќе укажеме на неповредливоста на границата, јасно ќе сигнализираме на меѓународната заедница што сакаме и од тој аспект гледано јас ја поддржувам Деклараци-јата и ако мислам дека е премногу блага. Дури, мислам дека во неа треба да се содржат елементи малку поостри, посилни, елементи што јасно ќе укажат на Меѓународната заедница што никој нема право да бара ревизија на границата кон Република Македонија, меѓународно призната.

Не сакам да ги читам сите елемен,ти што стојат во декларацијата. Мислам дека оваа деклрација во еден дел својата работа си ја заврши со тоа што започна, всушност, да укажува на Меѓународната заедница што всушност Република Македонија сака да постигне. Мислам дека е добро Собранието да ја донесе оваа Декларација.

Уште еднаш ќе повторам дека кон оваа Декларација треба да се приклучат и албанските колеги пратеници, затоа што на тој начин ќе го верификуваат Рамковниот договор, она што го потпишаа во Охрид. Во спротивно ќе сметам дека тие го сметаат Рамковниот договор од Охрид за ништавен.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, присутни пратеници, без претставници од Владата,

Долго време се мислев дали воопшто да дискутираме на оваа тема, бидејќи за нас како партија, Македонска ВМРО, рековме дека веќе таканаречена резолуција на Парламент без легитимитет за такви резолуции за нас е безпредметна и поради тоа и на почетокот на седницата побаравме да се расправа во овој Парламент, но за друга точка, точка што ќе ги опфати вкупните состојби на нашата северна граница и евентуално некои други точки што се од интерес на предлагачите на оваа точка. Да не се дава легитимитет на една нелегитимна установа, па макар и тоа се викало Косовски Парламент.

Седницата почна како што почна, се покажа дека и оваа, како и многу други седници почнати - недовршени се само една фарса да се изнесат некои ставови и да се најави на македонската јавност што подготвуваат партиите на власт во периодот што следи.

Иако во почетокот мислевме дека сите сме избрзале, дека подобрата, навремена и остра реакција на Меѓународната јавност т.е. факторите што тие ја претставуваат, каде што Република Македонија го доби она што се вели сатисфакција во однос на оваа провокација, но сепак сите знаеме како продолжи и по говорот од премиерот вчера не можам да кажам друг збор освен скандалозен говор, што дефинитивно за нас не е државнички, туку чисто во партиска некоја намена. Затоа јас нема да се задржувам во говорот на резолуцијата, таканаречена на Косовскиот Парламент, бидејќи таа е веќе ништовна, но ќе земам некои релации во однос на обраќањето на господинот Замир Дика како гласноговорник, координатор на Партијата ДПА кој , сепак за мене е релевантен политички фактор што ја оддржува Владата на господинот Георгиевски. Тој е столб за оваа Влада, но столб и на она што се вели проект на разградба на Македонија.

Тие си беа многу јасни. Два дена - три пред ова Собрание се изјаснија дека за нив таа Резолуција е сосема легитимна, тоа поготово го потврди премиерот. Направија малку театар за пред својот електорат *со* излегување, наводно дека кога се разговара за Косово нив толку многу ги боли бидејќи е евидентно дека проблемите на Косово се многу побитни за оваа партија отколку проблемите на Македонија. Тие можеби воведоа дводомен парламент, така што бидејќи Парламентот на Косово нема легитимитет пред Меѓународната јавност, легитимни претставници во овој Парламент гледаат да ги застапуваат нивните интереси.

Мислиме, го кажувам и партискиот став на Македонска дека ова е во примена на настаните што ќе следат, ова е во договор со, и по наши извори,со партиите на Хашим Тачи и Ибрахим Ругова. Да ве потсетам тоа се партиите што го прават мнозинството и Владата на Парламентот на Косово. Тие, како најдобри политички претставници во Република Македонија и пријатели ги имаат токму во двоецот Георгиевски-Џафери, така што оваа резолуција, од обостраните

реакции се во функција на меѓусебна партиска корист пред изборите и ништо друго.

Хашим Тачи, се заблагодараува со овие реакции на господиниот Георгиевски кој му даде легитимитет примајки го на ниво на премиер, иако тој не е претставник на суверена држава. Суверена држава е Србија, суверена држава е Србијгги Црна Гора, како е сегашниот назив, според Резолуцијата 1244 не може да има друго толкување освен тоа што е. ОН го сметаат Косово како дел од Србија, сега за сега, а ние не сме фактор мислам ова Собрание кое што може да ги негира одлуките на ОН, како членка на ОН на тоа имаме најмалку право. Значи, целава работа беше во функција да се даде легитимитет на една страна, тоа е страната што ги губи соте поени во борбата за легитимитет на Косово, се покажа дека партиите што моментално го сочинуваат тој Парламент не знаат да водат држава, ниту пак имаат намера да прават држава, туку имааст намера да прават држава на криминалот, територија која што ќе ги штити интересите на албанската мафија и територија која ќе биде под контрола на строго контролирана група на луѓе кои на тој начин ќе си ги остварат своите интереси. Македонија тука е само еден клуч за доаѓање на интереси, клуч кој со одобрение на нашата општо прифатена меѓународно дефинирана најкурумпирана Влада која со своите високи функционери од министри до првиот ешалон е длабоко завлезена во она што се вели криминал е во блиска соработка со косовските високи структури во трговијата со дрога, со цигари и со друга акцизна стока и Влада која заедно со претставниците на косовската влада веќе пред Меѓународната јавност го загуби својот кредибилитет и овие се чекори кој што треба да донесат нешто што се вели престанок на долниот пат од резултатите на таква политика која евидентно беше поразителна за земјите што ги водат овие влади, а сега ќе биде поразителна и за самите политички елити, бидејќи никаде веќе освен пред сами себе неможе да си најдат оправдување за она што го прават и она што го направија на сите нас.

Господинот Чашуле, министер на оваа Влада се огради од Резолуцијава, но сепак не се огради од луѓето кои што стојат во позадина на оваа Резолуција, тоа е господинот Хашим Тачи и Ибрахим Ругова. Ако овие партии навистина мислеа она што го кажаа, тие прво ќе ги прекинеа сите политички односи, а со овие две партии и би прифатил дека имаат некои намери кои што може да бидат поштени намери, ако тоа го направат, но евидентно е дека тие ги апстрахираа од одговорнсота овие две политички личности, бидејќи немаат друго решение. Тоа се нивни политички пулени, нивни политички соработници и луѓе со кој што се одржува оваа власт, генерирајќи кризни ситуации и кој што се инструментализираат во партиската поддршка на партијата на власт.

Мислам дека целокупната состојба е само една увертира пред на нас сите, мислам што ни се дадени законите од Рамковниот договор кој што треба да следи после оваа расправа во Собранието и таа треба да направи клима каде што она што се вели углед на партијата на власт како најмакедонска партија која што веќе тоа на сите им е јасно е најнемакедонска партија, треба малку тука да излегуваат некои личности и да демонстрираат нешто што се вели патриотизам, без да го знаат основното значење на тој збор. Патриотизам значи да си ја сакаш земјата. Партијата на Георгиевски во дослух со Џафери тоа најмалку го сака, тоа ја сакаат нашата земја али за себе поделена. Поделена на два вилаета кај што по она историски, формула што ја направи господинот Ванчо Михајлов, кој сега е идеолог на оваа партија.по онаа. неговите оќаќања, да направи Швајцарија во смисла на кантони на поделени луѓе со поделни владетели, а се ова друго што ни го сервираат не е ништо друго освен една фарса и како фарса може да ја прифатиме.

Во говорот на премиерот Георгиевскиу и во стенограмот кој што верувам дека е верно симнат немам причина да мислам зошто не е, беа дадени некои скандалозни објави од премиерот, кој од својата функција премиер на Владата на Република Македонија кажа дека Косово е легитимно. Значи Владата го признава легитимитетот и веројатно единствена држава која признава протекторат за држава и со ова му направи голем, голем потег на својот политички пријател Хашим Тачи кој во оваа состојба каде што,евидентно дека Косово, неговиот Парламент не ја врши работата му дава меѓународна поддршка за она што се прави.

Втора некоја забелешка е, признавајќи го легитимитетот на овој Парламент да донесува вакви резолуции, а сите знаеме дека тој ја нема таа можност, тој го повика и КЗК како легитимна институција, да ве потсетам тука пишува штом е тоа легитимен парламент, има легитимна институција,една од нив е КЗК. Тој го повика истиот, бидејќи сега веќе има легитимна резолуција да ја исполни резолуцијата на својот Парламент,

т.е. повторно да се направи проблем на нашата северна граница кој е многу потребен пред изборите, да се задржи една тензија да се оправдаат определени постапки со формирање паравоени структури, бидејќи сега ќе бидат преку потребни за бранење "на државата" бидејќи оној што ги вика окупаторите тој не мисли да ја брани истата држава, и сите да влеземе во една услужна рамка за предизборието, каде што некој.кој што ќе ја брани земјата, кој ако може да извлече и една воена состојба каде што сите други политички фактори кои што не се сложуваат Она што за нив е единствено можно ќе бидат елиминирани и во една состојба каде што по можност ќе треба и да се одложат изборите закажани за 15 септември.

**НЕНАД РИСТОВСКИ**: (продолжение)

Од вчерашните говорници единствено што можеме да признаеме е дека премиерот Георгиевски беше многу чесен и ја кажа својата намера. Беа поделени сите во државата на непријатели само имаме разлика на домашни непријатели, или како не нарекоа сите петта колона, или сме надворешни непријатели. Единствени пријатели ги посочи г. Чашуле, Хашим Тачи и Ибрахим Ругова. Сите ние што опонираме на лудата политика на оваа Влада ќе бидеме ставени во непријатели, во петта колона, и тн., бидејќи во Непријателите беа ставени целата Меѓународна јавност која што во принцип сите Се против Македонија и нема никаква разлика меѓу разните меѓународни чинители. Така да оваа Влада и овој двоец без кормила свесно не води кон изолација каде што единствено може да опстане оваа политичка гарнитура. Во изолација спрема меѓународната јавност, во тотална диктатура спрема своите граѓани, бидејќи оној што ќе каже нешто против Н9а или ќе делува против Неа ќе биде ставдн во листата на внатрешни непријатели, петта, шеста, незнам која колона.

Овој Парламент минатата година од 16 до 18 март донесе една Резолуција. Единствена Резолуција за која што се најде консензус иако таа Резолуција имаше многу нервози околу точкитен а составувањето каде одредени партии го избегнуваат терминот терорист за терористите, избегнуваа да ги кажат работите со правата суштина, но сепак се донесе Резолуција. Таа Резолуција е обврзителна за сите оние страни што се контролирани од овој Парламент, за Владата, беа дадени насоки за претседателот, и за други, тоа е точката 2 каде што беа дадени насоки како треба да делуваат тие институции во одбрана на нашите граници.

Под точка 4 беше наложено и сите прифативме дека политичкитге партии не треба да влегуваат во деструктивни сценарија за Република Македонија. Дефинитивно дел од партиите на албанскиот политички блок во РМ, место да ги бранат интересите на РМ ги бараат интересите на друго место и јас имам сомневање дали воопшто истите имаат мисла, намисла да продолжат да функционираат во овој Парламент и да ги бранат интересите на нашата држава, а не на некои други недокажани држави кои што допрва треба пред меѓународната јавност да докажат зрелост во она што значи организација на политичкиот живот.

Кога реков дека дефинитивно премиерот зазеде нов курс спрема Охридскиот договор кој што беше повторен и од пратеници блиски до премиерот, го цитирам "Охридскиот договор е девалвиран, треба да се мисли на друго решение", и тн., за нас е големо изненадување сегашното сознание кое што да имаше малку доблест требаше да биде кажано пред повеќе време кога овде од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ имавме една патриотска реторика која сепак заврши со предавство при гласањето. Мислам на фактот дека договорот во Охрид не е договор на македонците и на етничките заедници во Македонија, туку според изјавата на премиерот договорот во Охрид е договор помеѓу структури на Косово и структури во Македонија. ВМРО-Македонска беше против тој договор. И ден денеска мислиме, и гласавме против тој договор, гласавме против менување на статусот на Православната црква. За тоа морам да ве потсетам. Гласавме против амнестијата и против сите тие работи. Сега не ми е јасно зошто тогаш нас не кривевте, а сега исто од устата на премиерот се вели дека овој Договор е лош за Македонија, дека тој е девалвиран, дека тој е лошо решение, а тоа значи приближување на ставовите или едноставно откако се виде дека Меѓународната заедница на неимплементирањето на она што е договорено и неисполнување на потиписот на Охридскиот договор ја одзеде поддршката на партијата треба да се направи нова војна со цел да се профитира т.е. да се задржи на власт.

Сериозен политички фактор мисли пред да го даде потписот на тој договор со кој не вовлече во она што не вовлече и сега е огромна политичка грешка од премиерот на Влада и претседател на

најголема политичка партија да го оспорува она што го потпишал. Ќе го почитуваме како добра намера ако се поднесе оставка поради тоа и тоа. А сега во еден момент сите нас да не убедува дека тој Договор е добар за Македонија, бидејќи во тој момент бил добар за да опстане една партија на власт, а сега е лош за Македонија бидејќи ни тоа не помогна да се остане на власт, тоа е дегултантно како политички метод и мислам дека зборовите треба да се мерат особено на што поголема функција е човекот тоа е поголема штетата што може да ја направи на сите кои го довеле на таа функција.

Ние имаме институции, имаме држава, кој треба да и каже на војската да ја брани границата. Во нормална држава војскат не треба да прашува дали треба да ја брани границата. Кој треба да и каже на нашата полиција или Министерството за внатрешни работи дека треба да се бори со криминалот. Што значи предлогот, јас не знам кој го има ова пишувано - Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ги задолжи меѓународните институции... да ја следат состојбата на северната граница. Дали со ова се признава Дека ние немаме институции што може да ја следат и одбранат нашата северна граница, дали праќаме порака на меѓународнта јавност дека немаме држава или имаме сурогат од држава која што служи само за одржување на политичка структура на власт. Која држава која има свесност она што го работи може ова да го напише како документ на едно Собрание. Собранието има свој орган, тоа е Владата. Собранието има контрола врз Владата, врз Министерството. Собранието не може да покажува слабост повикувајќи ја Меѓународната заедница да му ја брани границата. Во Резолуцијата што ја донесовме сите фактори ја исполнија својата улога. Својата улога ја исполни меѓународниот фактор. Меѓуанродниот фактор реагира секогаш во ред. И во овој случај околу оваа Резолуција меѓународниот фактор брилијантно ја врши својата работа. Оној што не ја извршил својата работа е внатрешниот фактор кој го контролира оваа власт. Бидејќи меѓународнито фактор ја поништи оваа Резолуција, меѓународниот фактор не ја рачуна за владина и воопшто не сака да разговара. Ние имаме проблеми со институциите на системот кои наместо да се бават со она што е нивната основна функција се бават со се друго освен тоа. Парламент коуницира со Парламент. Точката 10 го подигна Косовоското Собрание на ниво на Парламент. Ние со тоа не сакаме да преаудицираме некои решенија што ќе бидат валидни во иднината. Во иднината можеби Косово ќе има друг правен статус и со ова ако ние сега ги почитуваме како членка на ОН, сите нивни Резолуции ние покажуваме дека сме совесна држава. Сега со говорот на премиерот се објави војна на ОН. Се оди во војна со сите меѓународни фактори. Се направи непоправлива штета на РМ, бидејќи да се изјави дека КСК е платена од ОН да не напаѓа, да се изјави дека сите тие фактори се дволични. Една контрадикторност, на пример прво се напаѓа Штајнер со сите атрибути, а потоа во Декларацијата се вели ја поздравуваме одлуката на г. Штајнер. Кога се шалиме, кога го напаѓаме како човек со кој не треба да се комуницира, а во исто време во Резолуциајта го наградуваме со тоа што како добар работник на Меѓународната јавност ја поздравуваме целата негова акција.

Меѓународнта јавност и меѓуанродните фактори факт е дека сите не се со добра намера спрема РМ. Република Македонија треба да си ги бира и пријателите, но и не пријателите. Не треба сите да ги става во исти кош. Така да од една страна се избраа пријателите тоа се Косовското Собрание претставено од партиите на Тачи и Ругоба, а сите други, меѓународната јавност се дволични, политиката секогаш била против нас. Дволични се само заради тоа што даваат политички забелешки на она што се случува и поради тоа како земја аспирант за влегување во сите меѓународни и европски институции сме на проверка на сите наши донесени и недонесени закони, на сето она што се случува во јавниот живот и кога тие меѓуанродни институции ќе кажат дека она што *се* случува во РМ, е во спротивен правец на она што траба да се случува навистина, а не само декларативно сакаме да влаземе во овие институции, тогаш тие се како непријатели. При цитирање се бираат од 100 некои неповолни реферати на разни институции за состојбите на правата, на законите, на општата клима во РМ, се бира еден кој е território поволен и се цитира некој си автор како единствено валиден автор за она што *се* случува во РМ.

Мора да кажам дека како што е дадано во оваа форма, Дакларацијата е

неприфатлива бидејќи и по излегувањето, она театрално излегување на ДПА, прадизборно за прад своита избирачи, пред својот алекторат да са покаже дака толку ги брани интересите на албанците, оној што остана наводно не ги брани како и секоја резолуција ако не се донасе со некое си единство во Собранието е депласирана. Мислам дека расправата треба да се усмари во друг правец. Ова Собрание да донесе декларација за прекин на односите со партиите кои што ја донесоа оваа дакларација, кои што дефинитивно се против интересите на РМ. Не може некој од ова Собраниа да одржува врски со тие партии кои ја негираат самобитноста и границите на РМ. Кога некој прави судир за свои лични интараси и кој ја нарушува стабилноста. Секоја партија која одржува врски со овие партии за нас а предавничка партија. Она што се случуваше во минатото можеби не знаеле дека нивните кулени, ќе ги донесе овие решенија можеби ќе ги оправдаме, но во иднина да се одржуваат врски со оваа господа кои што евидентно Македонија им е трн во око, а во исто време и апарат за остварување на легитимност на нелегитимен протекторат тоа е неприфатливо и тука патриотизмот треба да се докаже на дело со ослободување на институциите, со департизација на институциите кои дефинитивно со оваа партизација што се направи ја уништија основната функција - бранењето на опрдделени сектори, ресори и во јавниот живот. Собранието треба да Се сврти кон правата функција, да донесува акти во интерес на граѓаните. Нашите граѓани, има луѓе што земаат плата во просек по 3.000 денари, а секој нивни револт се угушува со песницата на власта и се вели дека е политички, бидејќи јас не знам дали луѓето да живеат 693 пари за да не ја нервираат оваа власт.

Ако веќе сте за ревизија на Охридскиот досовор кажете го тоа јавно, ние ве поддржуваме во тоа, бидејќи во старт сме со ставот Дека Охридскиот договор како што е наметнат и како што Сега се признава Дека е под дикатат на Некои си команданти од Косово и е штетен за Македонија, ајде да ги повратиме тие штетни одлуки. Ние Се залагаме за ревизија на овој договор, политичка ревизија каде што и овие случувања во Православната црква не ќе беа можни ако не ја избришавте од Уставот. Сето она што е направено, направено е, сите ние знаеме што е направено, амнестија Се даде на Некои луѓе, но амнестија за Парламентот за она што е направено *не* може да има. Се надевам Дека обичниот македонски граѓанин ги знае причините за Се што е направено и Дека и изборите Сепак *ќе се* одржат на 15 септември и покрај тоа што оваа власт Се *ќе* направи да направи вооружен судир, да направи немири или било што за да ги одложи, Ќе направи Се што први сега на теренот за да изборите по можност не бидат избори, туку да бидат присилени изјаснувања на граѓаните бидејќи од теренот добиваме податоци дека луѓето се уценуваат. Јас сум од Куманово, секој вработен мора да даде по една плата за партијата која е на власт, мора да даде по 10 книшки, мора да гарантира дека неговите ќе гласаат, инаку ќе загуби работа, нешто што ние како пратеници бевме казнети од партијата на власт бидејќи решивме да мислиме поинаку, да мислиме за Македонија.

Но, сепак македонскиот граѓанин ќе си го каже своето. Ако успее со присила пак да си ја избере својата Голгота нека му е со среќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Немав намера да дискутирам, но сепак постапката на самиот претседател да се наметне Декларација над декларација, да се дискутира, на едне начин да се оправдува на оние несакани нелегални институции на Косово, а со таквите постапки тој веќе потврдува дека со нив треба и мора да се седне и да се дискутира и тоа на сериозна основа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**:(Продолжение)

Ова што е денес предмет на расправа , беше предлог на закон за ратификација на Договрото меѓу Република Македонија и непостојната Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница, одржана на 1 март 2001 година во Скопје. Таа седница под реден број беше 70-та собраниска седница во Собранието на Република Македонија. Да повторам, истата беше на 1 март 2001 година.

Уште тогаш, па и денес ПДП имаше изграден став дека тој Договор да остане за едно идно време, се додека статусот на Република Косово не се регулира. Па, затоа, ние го подржуваме и ја

поздравуваме резолуцијата на косовскиот парламент како легална одлука. Затоа и нема да гласам за наведената собраниска декалрација за границата, потпишана меѓу Скопје и Белград, за која гласаа во Собранието на 1 март 2001 година. Ние , уште тогаш рековме дека претходно политички би било корисно да се извршеа консултации со легалната власт на Косово и тоа со УМНИК, кој ја води администрацијата на Косово, потоа Собранието на Косово со Владата на Косово и т.н.

Господа пратеници, македонската Влада, македонското Собрание тоа не го направи во тоа време. Се наметнува прашањето зошто. Затоа што, со таа власт на Косово, со УМНИК, со Собранието на Република Косово, со Владата на Република Косово, не се сложува не само македонската власт , туку и Србија и српската власт. Вие по нив истото го правите и тоа слепо. А, жалам што слепо ги правите истите постапки, како штио ги прави српската власт. Слепо послушници, не го признавате ни УМНИК на Косово, ниту новоформираните легални институции на Косово. Ова е ваша грешка, правите се и тоа по можност и сметка и крчма, без крчмар. Као сакате сватете ме вие сеуште сте под голем притисок на српската политика, која и ден денеска , за жал, имаат доста влијание на Република Макеоднија. И со тоа макеоднците покажаа незрелост за водење на политика, покажаа незрелост за водење на држава и воопшто не знаете како да се однесувате внатре во својот двор. Албанците За се ова не ви се виновни.

Македонската политика за надвор, особено за времето и на Глигоров и на други, па сега и вов ремето на Трајковски, Чашуле, Љубчо Георгиевски, се однесувате како да ја водат главната светска сила, па поголема грижа им претставува да расправа за Бил Ладен, за Арафат, па во последно време за индиско-пакистанските судир, отколку случувањата во земјата и во соседството и околу Макеоднија. Синдромот со кој реагираме на овие недоветности односно старите институции на Македонија зборуваат за овие две грешки кои се причини за погрешна политика што се води во РМ моментално.

Прво, македонската власт воопшто не е убедена дека води држава, дека води институции. Вие воопшто не знаете како треба да се води држава и како треба да се водат институциите. Вие се однесувате како да сте во некоја си и то адалечна месна заедница. Вие никогаш , ама никогаш во поновата историја на македонскиот народ не сте воделе автономна македонска политика. За ова треба да се сложите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, внимавајте, немојте да го етикитирате целиот народ и тоа мислам дека ги превазидува и добриот вкус, но и е на работ на поттикнување и омраза меѓу народите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За меѓунационална омраза јас не излегов тука да дискутирам, туку следете ме добро , ама никогаш во новата историја на македонскито народ не сте воделе автономна македонска политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веднаш , ако не престанете со такви провокации и извитоперувања и со навреди на цел народ, јас ќе ве отстранам од говорницата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Политика, која ќе биде во интерес на македонскито народ, во интерес на мултиетнички состав на Република Македонија, коај ќе биде во мултиконфесионалниот интерес на Република Макеоднија. Што лошо има тука ако критички се однесуваме на политика која досега била протежувана во Република Макеоднија. Никогаш ние не сме седнале да разговараме и тоа во интерес на Македонците и на Албанците во РМ. Никогаш не сме седнале да зборуваме во интерес на рисјаните на Република Макеоднија, во интерес на муслиманите на Република Македонија. Што е тоа? И, јас не можам да бидам убеде и да бидам разбран. Секогаш, а и често сте биле наклонети низ историјата кон српската политика почесто и поретко наклонети кон бугарската политика. Што ќе ви речеше Србија односно Бугарија, вие тоа ќе го примевте и ќе го применевте во практика. Пали, пали, гаси, гаси, две улоги во едно време сте одиграле. Улога на потпалувач и улога на ватрогасец. Ваша автономна политикане сте имале.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ослободете ја говорницата г-дине Харуни. После сите укажувања вие продолжувате со истите навреди. Навистина, ослободете ја говорницата. Јас ве молам, ослободете ја говорницата и кога ќе бидете во подобра форма, кога ќе се ослободите од такви апсурдни обвинувања на цели народи, тогаш ќе можете да кажете овде. Ве молам, и такви

настапи кои предизвикуваат меѓуетничка и меѓунационална омраза, не можат да се трпат од оваа говорница. Ве молам, ослободете ја говорницата. Слушав многу внимателно и ви укажав на двапати досега, а сега ве молам ослободете ја говорницата. Ќе бидете во подобра форма и ќе можете да кажете се што сакате. Ве, молам, сега ослободете ја говорницата. Не ги почитувате укажувањата кои Се засноваат на уставната обврска. Тоа што му е на секого забрането, забрането му е и на пратеникот. Нему Не му е дозвоено од овде да шири Меѓуетничка омраза. Ве молам да ја напуштите говорницата. Ве молам, напуштете ја говорницата за да Не барам да Ве отстранат од говорницата. навистина, Не можете вие ако од Мене Немате дозвола да зборувате, тогаш Немате право да зборувате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ако вие немате автономна политика, тоа не значи Дека Сега треба да бидам отстранет од говорницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, точно затоа треба да бидете отстранети од говорницата. Јас ви кажав двапати, вие Сега треба да се тргнете од говорницата. после Ќе елабурирате други работи, а Не тоа. Ве молам, сега треба да ја ослободите говорницата. Ослободете ја говорницата, повеќе немате збор. Ајде сега ослободете ја говорницата, г-дине Харуни. Сега Нема ништо да се искажувате. Другпат Ќе земете збор, кога ќе бидете во подобра форма. Јас убаво ви кажав вие го означивте македонскиот народ како неспособен да води автономна политика. земете ги стенограмите и Ќе видите. Сега, тргнете Се од говорницата. Напуштете ја говорницата. Ајде, тргнете Се од говорницата. не правете скандали и со тоа ја Тероризирате седницата овде. Тргнете се од говорницата, Ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Немате кондиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имам, имам јас кондиција, ајде само вие тргнете се.

За збор се јави г-дин Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Сега, верувајте дека и јас сум малку во непријатна ситуација после вакви настани да дискутирам, меѓутоа, еве сепак накратко сакам да го образложам тоа што во други услови во подолга дискусија ќе го соопштев.

Мислам дека настаните кои се случуваат во протекторатот на Меѓународната заедница на Косово покажуваат тенденции , кои колку и да сакаме да ги гледаме како дневно-политички, сепак ќе мора да прифатиме дека се настани кио сериозно укажуваат на тоа што се случува во околината на Македонија и особено на она што се случува со безбедноста на РМ во околината.

Јас ќе започнам со едно мое потсетување на нешто што г-динот Киро Глигоров во својство на претседател на државата во тоа време на некој собир, кој мислам дека не беше во Собранието, меѓутоа, сеедно го кажа, а тој тогаш кажа дека по повод констатации дека безбедноста на РМ е добра , зборувам за тоа време, дека никој не може да мисли дека е безбеден ако од четирите соседи, еден не го признава, другиот не му ја признава границата или црквата, третиот не му го признава народот и јазикот, а четвртиот постојано има едно око подотворено кон одредени територии, кои природно смета дека треба да му припаднат. И колку Македонија внатрешно да биде стабилна, во тоа време мислам дека беше внатрешно по стабилна од сега. Таквата констелација на односите не дава на никому право да мислиме дека сме безбедни. Работите се менуваат како на филм, кога помисливме дека едниот проблем со падот на режимот на Милошевиќ е надминат, а тоа беше пррблемто со неприфаќањето од негова страна да ја признае утврдената граница од 1945 година до денес, држејќи подотворена карта кон секој од своите соседи од поранешна Југославија во тоа време, за да може за внатрешна употреба да си го продолжува својот начин на владеење, сега се соочивме со уште по стравична варијанта. Еден дел од територијата, која беше подконтрола на Слободан Милошевиќ, сега веќе објективно кажано не е под суверена контрола на државата Србија или СР Југославија сеедно, таа е под контрола на Меѓународната заедница со извесен степен на автономија внатре и со сериозни укажувања од страна на граѓаните кои живеат таму, пред се, од етничката албанска припадност, а кои со текот на двете поствоени години таму од 1999 година до денес постапно, но сигурно вршат етничко чистење на територијата на коај имаат локална самоуправа, покажуваат дека не само што а продолжуваат политиката, која до тогаш Србија ја водеше во времето на Милошевиќ, туку отидоа и чекор понапред во полоша смисла. Дека сега Не само што не сакаат да ја прифатат грницата, туку

апсолутно немаат ни намера да го прифатат територијалното разграничување кое е постигнато, барајки да се направи нешто што на никој во овој момент нормален во светот не му паѓа на памет. Тоа за мене покажува уште Нешто, а тоа е дкеа Република Македонија, токму заради ваквите чекори на привремениот парламент иликако се вика на Косово, ќе треба да свати неколку битни работи.

Прво, е дека меѓународниот протекторат на Косово, ќе мроа да сметаме д9ка е нешто што во наша блиска, на краток, на среден па дури и долг рок ќе остане статус кво на сегашната позиција. Колку пвоеќе граѓаните, особено властите, на автономните власти на Косово укажуваат дека не се спремни да ги почитуваат меѓународните договори, меѓународните стандарди претставени прдку Обединетите нации политики во таа покраина, толку подолго ќе покажуваат дека не се ниту зрели да им се додели поинаков статус. Ако не се зрели да им се додели поинаков статус, тие вечно ќе останат под управата на Обединетите нации цивилна и под претпоставка воена на НАТО или на некоја друга која ќе супстетуира на подолг рок НАТО алијансата и ќе остават една рак-рана коај на нашата северна територија , барем на 50 или 60% од северната граница , ќе создадат ситуација во која ние ќе мораме да комуницираме со Меѓународната заедница за работи за кои треба да комуницираме со соседи. Таквата незрелост уште во првите месеци од конституирањето на новата власт на Косово, уверен сум дека не само што Косово ќе го одалечува се повеќе од целта кое тоа самото си ја наумило да ја оствари, туку се повеќе ќе го турка и во меѓународен протекторат евентуално враќање во границите на СР Југославија или Србија. Затоа што, на никого нема да му биде потребна држава коај не ги почитува меѓународните стандарди и која ги проблематизира меѓународните граници околу себе.

Мислам дека лекцијата ќе ја извлечат самите , оние пратеници кои во Косово ја промелематизираат границата затоа што ако не можат сами да ги остваруваат работите кои Меѓународната заедница одамна ги утврдила, тогаш ќе мроа некој друг во нивно име да ги остварува или нивната зрелост да ја компензира со меѓународен протекторат.

Меѓутоа, она што мислам дек аисто така треба да не загрижува во овој момент, покрај таквата ситуација на Косово која ќе зрачи со нестабилност, мислам дека станува јасно уште нешто. Дека внатрешнит еполитички односи, особено оној дел од политичкиот фактор што ги претставува албанските гласачи во РМ, исто така, долгорочно ќе остане проблем , се додека размислува дека поважен приоритет е да се уредат односите во Косово, евентуално во Албанија, отколку во РМ каде што имаат државјанство и живеат и дека по драги се некои други граѓани и територии , отколку територијата на своите граѓани и територијата на својата држава.

**НИКОЛОА ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа, мислам таквиот однос кој се манифестираше вчера и денес, мене ,лично многу ме загрижува, затоа што ни дава за право да помислам рамковниот договор да се сваќа не како правилнорешение како што Меѓународната заедница, РМ и тие од албанските политички партии кои го потпишаа актот , го проектираа како трајно решение за РМ на долг рок да се развива во некои клучни меѓуетнички прашања, туку секојдневно го доведуваат под прашање и ако се запашаме што во .Рамковниот договор ова Собрание формално не го прифати, меѓутоа неформално ги спроведува одлуките во вид на амандмани уставни, политиката која ја води, законските акти кои ги менува, или кои за неколку дена ќе се менуваат. На првите страници од Рамковниот договор пишува дека потписниците ја прифаќаат суверенoста на :.РМ и нејзиниот територијален интегритет, додека сега пратенички групи од Македонскиот Парламент, кои застанале зад тој Рамковен договор напуштаат седници, или остро се спротивставуваат на фактот кога македонското Собрание носи декларација за политичката волја за уредување за статусот на границите на РМ кои во осуда го одбележуваат територијалниот интегритет кон соседите. Ако го проблемативираат, мене веднаш ми се поставува прашањето зршто воопшто служи .Рамковниот договор, ако во секој нареден момент, за секое битно прашање, ние ги проблематизираме и натаму основ.-ните начела на државноста на :.РМ , а воопшто да не разговараме за она што понатаму следи во вид на закони за граѓанските и личните права на припадници на етничките заедници. Дури, нека не ми замери еден мој пријател кој пред неколку дена ме запраша цинично, меѓутоа сега јас би сакал како сопствено прашање да го поставам, во која држава во светот е дозволено на граѓани на таа држава, активно да се залагаат за аепостоење на нивните граници, а уште по страшно е поставено прашањето,во која држава во светот е дозволено на пратеници на една држава , во Собранието на РМ , односно

Собранието, законодавниот дом на таа држава на таков начин да ги предизвикуваат и да ги остваруваат границите на таа држава.

Јас отворено се прашувам од кои граѓани, по кој Устав, со чии финансии, за чија територија, за чиј интерес се залагаат оние граѓани, оние пратеници кои несакаат во овој момент да прифатат дека границите на РМ се такви какви што се и дека никој од страна неможе да ги отвори.

Замислете како апсурд би било кога јас сега би се залагал нашата граница со Грција да биде дефанзивна и да сакам да се повлече во корист на Грција на север. Претпоставувам дека вие ќе ме расчеречите сите овде, затоа што јас сум овде избран напротив, да го штитам тоа што е дадено ни повеќе , ни помалку. Апсурдна е ситуација во која сес повеќе се навлекуваме и мислам дека ќеми простите ако направам еден испад во дискусијата дека нешто што се случува надвор световната власт во оваа држава оди точно во истата насока. Дефанзивна политика на прифаќање на системот на руинирање на македонската државност. Дали би било тоа по пат на територијалниот интегритет, границите, или по однос на нејзината духовност, мислам дека се навлегува во истите работи.

Мислам дека Македонија мора да истрае, наспроти уверуваната на некои на фкатот дека ние со Меѓународната заедница мораме да соработуваме. Конфликтите не смееме да ги прошируваме. Напротив, конфликтите со Меѓународната заедница треба да ги доведуваме во ситуација на мирни разговори, преговори, со кои *ќе* излеземе со заеднички решенија од сите страни.

Во таа насока, како пратеник на овој Парламент сакам силно и жестокот да го осудам тоа што се случува во Косово како меѓународен протекторат во неговите државни органи, затоа што мислам дека токму се на прагот на ситуација во која нема да можат да ги исполнуваат и оние функции што им се дадени со автономната власт, а камо ли нешто повеќе.

Од тој агол гледано, сметам сеуште дека , особено по расправата која почна дека декларацијата ни е потребна и дека таа треба да се донесе , затоа што имам впечаток дека во Македонија еднаш во шест месеци Собранието на РМ за некои важни прашања треба да се изјасне. Треба да се изјасне макар и случајно, затоа што ако ние не се изјаснуваме во овој парламентарен дом , тогаш оставаме можност на световната власт, дури и на извршната власт , нека ме извинат колегите од спротивната страна па и во партиите кои следат како институции со Устав загарантирани во власт или во опозиција , постојано некој да руинира по некој столб од нашата држава. Постојано. Ние немаме практично еден ден во кој барем две државни институции, или уставни институции да не напаѓаат со некои од носечките столбови на оваа држава. Или некој го напаѓа нашето духовно постоење, или некој нашето национално постоење, или некој нашата територија, или некој нашата граница, или некој нашата севереност внатре во '.РМ.

Така што, мислам дека не е лошо ни за нас и за оние 120 пратеници кои седат овде, од време на време, да потсетуваме дека Македонија е држава согласно со Уставот на'РМ , дека е членка на ОН , дека е призната од сите држави во светот, дека има свои граници, своја територија, дека има своја власт која контролира таа територија и дека Македонија е спремна од сите овие причини никому да не му прави никакви отстапки во врска со базичните принципи на своето постоење.

Мислам дека е добро од време на време да имаме вакви седници па макар да потрошиме два три дена повеќе за да оние граѓани, а верувам дека тоа се огромно мнозинство граѓани кои веруваат во ова што сега го кажав, ќе им потврдиме дека и ние сме со нив. Да не мислат дека ние седиме на страна и гледаме како некој се обидува да руинира се што може да се руинира во оваа држава. По повод руинирањето на државата од разни страни, јас како пратеник сметам дека тоа треба сега да го сопштам . Во октомври, или ноември 2001 година, лично како кординатор, со личен потпис од поглаварот на МПЦ добив писмо со закана дека ќе бидам анатенисан , ако гласам од Уставот да се избрише името на МПЦ. Јас никого ниту анатенисувам , ниту му се заканувам меѓутоа, го пот-сетувам тој што ми го испрати тоа писмо со таков потпис сега самиот да го прочита и да размисли во која насока се последните чекори со кои тој лично и неговиот синодот се определиле да дејствуваат.

Дозволете на крајот, а на тоа имам право да соопштам некои ставови , во врска со овде изречените зборови во јавната дебата од страна на пратеници, па и од страна на премиерот.

Прво, јас сум целосно разочаран г-ине претседателе и г-да пратеници од настапот на премиерот и она што тој овде го соопшти. Очекував дека еден премиер во

ваква ситуација , ако веќе мисли дека декларацијата треба да се донесе а очигледно дека премиерот со својот настап потврди во таа насока , во никој случај не треба за носешето на декларацијата да ја искористи собраниската говорници и да ја вовлече М акедонија во уште поголем проблем, а тоа е постојано поттикнување на конфликт од страна Меѓународната заедница со СРМ.

Дозволете да кажам дека не сум задоволен од начинот на кој премиерот на РМ ја извршува свогјата функција, и ги обавува уставните функции во разни поводи пред јавноста пред своите партиски колеги, на партиските состаноци кои ги видовме во јавноста во Собранието, па дури и како премиер кога дава изјави за јавноста , потхранува една ситуација во која сака да не скара буквално со целата меѓународна заедница. Ако се направи спорот или збирот на сите оние кој ги обвинил дека работат против .РМ од Меѓународната заедница во последните 15-20 дена , вклучувајќи и вчера со настапот на говорницата, ќе видиме дека практично не доведува во ситуација да мислиме дека сме осамени. .Напротив, го уверувам и лично премиерот и сите овде присутни дека тоа е негова погрешна проценка , дека треба брзо да ја напушти политиката на обвинување на Меѓународната заедница, дури и во вакви случаи и дека треба да прифати дека Меѓународната заедница во случајот со "РМ ги вложува своите најдобри напори да ја обезбедува нејзината сувереност и територијален интегритет, во услови кога ние самите имаме проблем да го спроведиме тоа во последниве години. Затоа мислам дека барањето на конфликт веќе ги преминува границите на конфликтност на г-динот премиер Љубчо Георгиевски со Меѓународната заедница и дека веќе сме донесени во ситуација , ако продолжи со такви настапи и во Собранието и во јавноста да се создаде впечаток дека навистина, РМ сака конфликт со Меѓународната заедница, а мислам дека тоа е најбрзиот начин да ја исполниме меѓу другото и резолуцијата која сакаше да ја донесе Парламентот во Косово, а тоа беше ништовно. Со постоено карање со Меѓународната заедница ќе ги спроведиме токму нивните цели . Меѓународната заедница да ги дигне рацете од нас , од нашата ситуација, граница и тн.

Второ, би сакал целосно да ги отфрлам и да ги оценам за политички несоодветни, за штетни по :.РМ, па дури и калкулантски настапите на одредени пратеници од опозицијата, кои во текот на вчерашниот ден , ама буквално се што се случува во врска со донесувањето на оваа декларација го оценија како недоветно, недоносено, глупаво, ступидно и незнам уште што не, само и само сакајќи во секоја ситуа-ција да се извлече нешто што неможе да се извлече, сакајќи во оваа ситуација на грбот на интересите на '.РМ да добијат било каков поен , кој апсолутно сум сигурен дека нема да го добијат. Дури напротив, неможам да го прифатам тоа од оние луѓе кои се идејни инспиратори, кои се спроведувачи на идејата еден ваков сличен случај на другиот крај од земјината топка наспроти тоа што вчера го зборуваа овде да го направат обратното. Која е логиката од некои пратеници овде да ни држат лекции по час време на сите во парламентарната сала дека никој не знае што треба освен тие да се прави кон Косово како меѓународен протекторат, а во исто време една друга територија на другиот крај од земјината топка , што е во иста ситуација како Косово ја признаа за држава , ги признаа нејзините граници и нејзиниот територијален интегритет и нејзиниот суверенитет. Кој ќе верува сега дека во случајот на Косово политиката им е различна а дека сме сите ние исти како нив.

Г-да, ситуацијата е сосема обратна. И тогаш бевме различни од нас на правата страна и сега сме различни од вас на правата страна, тогаш не признавајќи територии кои вие ги признававте одредени држави како провинции за независни со територијален интегритет и со суверенитет и сега продолжувајќи да ја браниме и на наш начин позицијата со границата на .РМ , наспротив вашите укажувања, дека тоа не треба да го правиме. Кога ние би биле Франција или Германија, на кој тоа никој не и го оспорува ќе се согласам.дека тоа не треба да го правиме ме-ѓутоа, и дека *ќе* треба од висина да погледнеме на настаните кои се случуваат околу нас. Мегутоа, со тоа започнав ако се случи со Македонија тоа што се случува , а со тоа го цитирав г-динот Киро Глигоров со го-лем почит, тогаш треба ние од време на време да потсетуваме на тоа макар на некој од тоа во оваа сала не му се допагало. А на оние, од позиција на приватни личности , или од позиција на советници на институциите во државата не уверуваат ги цитирам:"дека се:занесуваме , или дека си правиме игри со непостоечки ништавни идеи ". Само да потсетам, во 1994 , 1995 година, тие исти советници не потсетуваа дека во Мала Речица има дивоградби, ништавни и непостоечки институции кои се приватни роденденски и

незнам какви забави, за денес во 2002 год, заради таквиот однос кон тие институции, не само што уште ги имаме, туку и нивните наследници, во вид на деца, малку понатаму од Мала Речица во дворот на земјоделското земјиште или во земјоделското земјиште на поранешното земјоделско училиште родија уште едно дете и сега паралелно постојат. Таквата политика сегашна на омаловажување тоа што се случува и кажување дека е ништавна, непостоечка дива градба и роденденска приватна забава, вроди со опстанок на тие институции, заради неможноста тоа да се среди како што треба. Сега кога тие истите не советуваат и оние другите кои признаваат на слични случаи територии за држави и оние кои институции се раѓаа и не уверуваа дека не постојат, ни кажуваа дека со тоа не Фреба да се бавиме, само ми дава за право да мислам дека тие луѓе од секогаш имале погрешни политички процени и дека во моментот имаат повторно иста погрешна погрешна политичка проценка, за истата ситуација во друго руво и дека по однос на територии, кои се двојат од суверени држави и по однос на институции кои ги претставуваме како небитни, треба да имаме едно око отворено и да бидеме внимателни што е тоа што се случува.

Во овој случај, би сакал да реплицирам на г-динот премиер, кој намерно или ненамерно вчера кажа дека Парламентот на, а јас г-дине претседателе незнам како се вика тој Парламент и затоа употребува имиња парламентот на, покраината Косово, или привремен парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се вика претставничко тело на привремените институции.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Нека биде тоа. Тоа тело, г-динот премиер кажа овде дека има свој легитимитет. Јас би сакал да реплицирам на г-динот Георгиевски дека тоа тело има свој легитимитет да одлучува за границата кон Македонија, исто толку што има нашата гранична општина Брвеница да одлучува за границата на РМ од другата страна кон Косово , односно, тие немаат лигитимитет за тоа. Тие се легални органи врз основа на Уставот и законите и таму и тука, меѓутоа, легитимитетот да одлучуваат за таа работа кај нив не постои и тој е префрлен во ОН, токму заради незрелоста на таа институција која може да се однесува по тие прашања. Кога луѓе то би мислеле дека тие се зрели иснтитуции, ќе им ги дадат овластува-њата. Меѓутоа тие сами ја покажуваат својата незрелост и простестирам, го повикувам премиерот на .РМ до колку направил лапсус, да се повлече од изјавата дека тие имаат свој легитимитет, затоа што тие се легални, меѓутоа легални се да воведат некој данок , да одлучуваат за пензис-киот систем, меѓутоа , не се легални да одлучуваат за состојбата со границите , затоа што и со законите и со меѓународни договори и со одлуките на ОН и Советот за безбедност, тоа не им е дозволено.

На крајот би сакал да го поздравам решението на г-динот Штајнер, во врска со одбивањето на резолуцијата и прогласувањето за невалидна. Исто така би сакал да ја поздравам ПРЕС изјавата на претседателот на Советот за безбедност на ОН издадена на 23 мај 2002 год, со која соопштува дека членовите на Советот за безбдност ја отфрлија резолуцијата усвоена на Косово на 23 мај 2002 год, во која Собранието ја отфрла граничната спогодба потпишана минатата година помеѓу СРЈ и РМ и мислам дека е тоа правиот начин ОН и нејзините органи да опс-тојат на тоа што започнале да го прават на начин на кој е предвидено во резулацијата 1244 која се однесува за состојбата на Косово и проб-лемите во СРЈ. Не затоа што мислам дека треба да се мешаме за состој бата во СРЈ, меѓутоа како полноправна членка на ОН, чија одлука за членување сме ја донеле на овој Парламент и имавме легитимитет исто така, да коментираме и да влијаеме на одлуките на ОН, затоа што сме нејзина членка, иако не сме членка на Советот за безбедност, ние сме таму помеѓу другото да влијаеме на Меѓународната заедница да ги решава односите на општа добивка во светот а не на штета на некого.

На крајот, сакам да изразам едно разочарување во фактот дека многу често во ова Собрание , Владата на РМ демонстира единство по работи со кои РМ не треба да се гордее , или во нејзината работа , меѓутоа, исто така, да изразам разочарување дека во Владата на РМ наспроти ставот кој го изнесе премиерот овде, со кој делумно не се согласив, кажав по кои точки ,хисто така сметам дека има една неподнослива леснотија на постоење на коалиција на Влада во која од три партии и со некои ломали, кои очигледно според бројот на ресорите не влијаат на работата на Владата толку многу раката да ја ставиме на искрената страна од градите, да констатираме дека очекувавме по вакво битно прашање за РМ премиерот Георгиевски во својот настап и своето изразување на поддршката на тоа што се

случува во Парламентот ги натера, ги замоли и на крајот на краиштата по сила на Законот за Влада ги присилили дел од своите министри , кои не се согласуваат со тоа што тој го изнесува да седат овде и нивното присуство да е присилен знак на потврда на тоа што г-динот Георгиевски вчера го изнесуваше.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Вака кога гледаме дури 40% од Владата или незнам колку е сега во бројка, меѓутоа знам дека е повеќе од 1/3 а помалку од 1/2, бројот на ресорите што ги добиваат овие партии што се против деклараци-јата и нивното неприсуство овде во знак на поддршка на тоа што го зборува Владата ни потврдува една теза што одамна за себе си ја имам, а тоа е дека Владата постои на чудни интереси. Сега ако ги повторам, ќе ми замерите кои се тие интереси, затоа нема да ги повторам. Ги кажувам при секоја расправа за економските проблеми во оваа држава.

Има едно единство на Владата по работни со кои не треба да се гордееме. Напротив, ќе треба да ги осудиме. Тоа се работи во спротивност со законот кога делува Владата по разни основи, по економски прашања, поприватизациони прашаша, по трговски прашања, по изборни прашања. Меѓутоа тогаш кога Владата треба да демонстрира единство најмногу, а тоа е кога треба да покаже дека Владата заотанува зад територијалниот интегритет на оваа држава не е во глобала, туку дека застанува зад конкретни прашања. Гледам еден чуден однос од страна на коалиционите партнери. Ја напуштаат салата, а уште почуден однос од страна на министри во Владата кои не сакаат да се идентификуваат со тоа што го зборува господин премиер и избегнуваат присуство овде.

Јас сум пратеник на опозицијата, и ако мислите дека тоа ме радува, веднаш да ви кажам дека не ме радува. Јас би сакал господинот Бедредин Ибраими и господинот Мухамед Халили и господинот Џевдет Насуфи, не ми текнува сека уште кој, . Иџет Мемети, Бесник Фетаи и другите да ги видам да седат овде кога Парламентот ќе гласа за резолуцијата и кога нивниот премиер зборува во поддршка на територијалниот интегритет на Република Македонија во однос на границата кон СР Југославија. Се додека не седат до него, замислете што ќе мислат граѓаните на Република Македонија во врска со желбата на Владата да го брани територијалниот интегритет. Можеби беше оправдано, можеби неоправдано, меѓутоа јас не видов ниту двајца клучни ресори за ова прашање овде, ако е толку битно што премиерот на Република Македонија го издигна на потреба од декларација и потреба од свое обраќање во Парламентот. Очигледно дека премиерот на Република Македонија не е премиер кој мисли дека често треба да се јавува во Парламентот на Република Македонија. Тука сме четири години. Еднаш на пет-шест месеци премиерот се појавува со настап пред Парламентот. Буџет, ако има некоја расправа во меѓувреме и ваква работа.

Е, па, сакам да кажам ако премиерот дал таква тежина на ваквиот настан со своето присуство, министрите за одбрана и за надворешни работи мислев дека треба да бидат тука, а исто така и оние министри заради кои во основа ние ја носиме декларацијата. Зашто ние, со оваа декларација сакаме да покажеме, барем јас како учесник, член во овој Парламент така размислувам, да покажеме прво на некого од надвор дека ние го осудуваме тоа, а едновремено сме одлучни на фактот дека нашиот територијален интегритет не може да биде предмет на расправа во никакви привремени тела...

(Реакции од страна на Парламентот со барање претседавачот да интервенира поради постојано звонење на еден мобилен телефон).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам, се работи за мобилен телефон можеби на некој од пратениците кој е надвор, па ве молам ако може тоа да се среди.

Извинете господине Поповски, повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Значи, мислам дека покрај тоа што оваа декларација се однесува на оние кои мислат дека прашањето на територијалниот интегритет на Република Македонија е прашање на некој интерес на туѓа територија, на пример сместена во Косово, јасно да им дадеме на знаење дека нашиот територијален интегритет е смао прашање за кое ние одлучуваме и никој друг.

Меѓутоа, исто така мислам дека треба да се даде на знаење и на оние внатре, кои го негираат територијалниот интегритет, на пример кон една страна од нашите граници, исто така треба да им дадеме до знаење дека и покрај се што се случува, и покрај се што се случи во Република Македонија, дека некои вредности во Република Македонија туку така не можат да се даваат и дека на нив,

исто така, јасно треба да демонстрираме дека нашата северна граница е таа што е утврдена. Од другата страна што се случува е предмет на џнтерес на Меѓународната заедница, а всушност, како членка на Меѓународната: заедница  и на Македонија, затоа што и ние за тие работи одлучуваме во Њујорк, а она што се случува внатре, се додека не е во спротивност со меѓународните стандарди и конвенции, а ние ги немаме прекршено, е само наша работа согласно со Уставот на Република Македонија. Дека во Република Македонија многу е потврда работата во врска созачувување на територијалниот интегритет и нашата сувереност, отколку што некој може да помисли, гледајќи што се случува во последниве, да речеме година и неколку месеци од избувнувањето на воената криза во февруари 2001 година. И, дека тие принципи не се толку лабави да можеме да се плашиме да соопштиме дека ќе ги зачуваме до крај, дека ќе ги браниме до крај и да ги потхраниме и охрабриме сите оние кои размислуваат како нас да не се плашат и да не се срамат да кажат дека нашата држава не е готова по разни основ, Напротив, дека нашата држава е готова, подготвена, стокмена и дека уште долго време ништо нема да може да и се случи.

(Барање од повеќе пратеници за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Полека, полека.

Прво се јавува Столе Попов, па Жарко Караџоски.

(Реакции од пратениците дека не е спомнат).

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Со тие ваши детски играчки да престанета еднаш. Спомнат бев директно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, дел од излагањето на Никола Поповски не го следев и сега не можам суд за таква работа.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Со тие наивни трикови, ве молам, бидејќи бев директно цитиран со дел од своето излагање каде што реков дека во текстот што ни е понуден како декларација дека има недоветни, ступидни работи; недоквакани, обоени со апсолутен политички аналфабетизам. Сакам тоа да го поткрепам уште еднаш и да ги дообјаснам моите ставови...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господиен Столе Попов дали сега се повторувате во дискусијата или е реакција...

(Дофрлаше од место дека има уште три минути).

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Добро, добро ако имам три минути, само едно ќе кажам.

Реков дека овој текст што е понуден е парадигма, дека е парадигма за апсолутно точен и исправен текст со своите констатации А,.апсолутно погрешен по политичкиот прфил и оценка, затоа што носи повеќе штета отколку корист. Децидно, ситуацијата ја дефинирав дека е практично барање. на беља, како што вели народот, со боринче. Кога човек сами си ја тражи неговата беља.

Како главна аргументација на, навистина, инфатилно ступиден текст ги наведов членовите или контрадикцијата на членовите 9 и 11. Затоа што од една страна имаме пост фестум барање, значи бараме да се реагира по однос на нешто што веќе е направено од страна на специјалниот пратеник на Генералниот секретар на ОН за Косово и истиот, како изразена поддршка на кој став од севкупната, таканаречена Меѓународна заедница.

Само ќе ви го прочитам членот 11 или точка каде што се вели: "Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија и Министерството за надворешни работи пред меѓународните институции да ги покренат барањата содржани во оваа декларација, да ги следат состојбите на северната граница..."

Јас ве прашувам, особено господинот Никола, бидејќи верувам дека има моќ на логично просудување и читање на еден текст, да ми каже еве јас гледам од првиот член до последниот, членовите почнуваат:

- Собранието уште еднаш констатира, во член 1; г. Собранието оценува во членот 2; - Собранието со разочарување констатира во чле-нот 3; - во членот 4 - Собранието истакнува; - енергично ја отфрла спомнатата резолуција која што на крајот на краиштата ја отфрли и господинот Штајнер;  ја поддржува, па понатаму да не редам, јасната опреелба, ја поздравува одлуката на господинот Штајнер и тн.

А, во членот 11 вели да се покренат барањата содржани во оваа декларација.

Покажете ми едно барање. Каде во оваа декларација има некакво барање? Па, мислам навистина не да е ступидно, не да е неписмено туку незнам со кој аругмент мислите да го браните. Навистина незнам со кој. Тоа е едно апсолутно самонавлекување, самонавлекување да, ако сакате, на пример да направите штета на Македонија, навистина милина е на оние кои не и мислат добро на Македонија да читаат и да се соочуваат со вакви текстови што апсолутно немаат никаква издржаност.

Мојот предлог, точно што јас го предложив, еве ќе го прочитам за да не инпровизирам, јас реков дека...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поминаа пет минути.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Не, не поминаа.

(Реакции во салата).

Добро, ќе го импровизирам.

Не треба да го прочитам, ќе го импровизирам, реков дека оваа резолуција треба да биде кратка, децидна и јасна. Мислам декларација. Дека треба недвосмислено да поддржи одлуката на господинот Штајнер и јасните ставови на поддршка на Меѓународната заедница во однос на ова прашање. И Македонија, еднаш јасно и дефинитивно да искаже јасен политички став кој што ќе биде доставен до сите меѓународни инстанци и институции каде што јасно, недвосмислено ќе каже дека во однос на територијалниот интегритет и суверенитет на државата Македонија ќе ја брани со сите расположливи средства, со сите расположливи средства и непоколебливо ќе одговори на сите провокации. Тоа беше моето барање.

Апсолутно останувам и во таа смисла доставивме амандмани со кои што бараме текстот во декларацијата да биде променет.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви истече правото на реплика.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Благодарам, иако се обидувате да попречите колку што можете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Столе Попов заврши.

Луѓе,.не бевте спомнати а сега ќе правиме само реплики. Реплики нема, има дискусија.

Ве молам, збор има господинот Тито Петковски.

Нема реплики.

(Реакции во салата со барање од пратениците за реплики).

Господине Петковски повелете.

(Барања за реплики).

Повелете господине Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине пртпретседатрлв, -почиггувани колеги, претпоставувам дека секој ќе има можност да се произнесе. Времето е пред нас.

Мене само ме загрижува што за ваква сериозна тема почнуваме да расправаме во наш стил, меѓусебно да се надмудруваме, а навистина во сериозна опасност е државата. Не само поради ова што се случува со косовската декалрација, туку и се околу декларацијата.

Мислам дека во овој момент не е ниту најважно прашањето за кое се истоштивме толку мегу себе, луге, толку снага потрошивме дали оваа декларација треба да биде на дневен ред или не треба да биде. Дали по неа треба да се расправа или не.

За мене круцијално прашање е зошто тоа ни се случува? Зошто доаѓа до потреби Собранието на Република Македонија да расправа? Морам искрено да ви кажам за мене единствено оправдување зошто таа е на дневен ред ставена е затоа што таа има политичка порака. Заслужува политички одговор. Затоа што утре можат да се случат многу низа настани, а македонските институции се практично атрофирани. Не функционираат. Ова Собрание најде барем една тема да се собереме во толкав број и да расправаме.За најважните прашања, закони и тн. што се од судбинско значење, не можеме да се собереме и да расправаме како пратеници, како претставници на народот.

Значи, прашањето е дали проблемот постои или не постои? Дали тој проблем ги фрустрира граѓаните на Република Македонија, ќе го оставиме само на медиумите или институциите на системот ќе функционираат, Јас мислам дека наша обврска е да имаме најсоодветен пристап кон проблемите од кои што зависи иднината на Република Македонија, од кои што зависи нашата безбедност и стабилноста на државата.

Според тоа, мислам дека прашањето дали требаше или не требаше може само да го игнорира проблемот. За мене е најбитно дека тој проблем постои. Нашиот, таканаречен државен врв, кога оди надвор секогаш тврдат, од првиот до

последниот министер таму, на чело со првиот човек дека Косово е потенцијална атомска бомба во регионот. А овде, дома, тој проблем се игнорира. За него не се разговара. А, зошто не се разговара? Затоа што немаме стратегија, како држава, како инс-титуции. Немаме договор на прашашата и ги игнорираме. Ги потиснуваме прашањата. Според тоа, ние мора да се соочиме со фактот дали она што се случувва на Косово дали е потенцијална опасност за дестабилизација на Република Македонија?

Колку сакаме овде да говориме, меѓутоа едно е реален, многу објективен факт - Косово денеска функционира со сите институции. Меѓународната заедница, како протекторат Косово, инсталира, избран институции што наликуваат на државни. Според тоа, за мене не е битно дали Собранието на Република Македонија ќе одговори на декларација на една локална самоуправа, туку дали Собранието на Република Македонија ќе има јасен став што тоа таму се случува и како се проектира иднината на регионот, вклучително и Република Македонија. Затоа мислам дека ние треба да расправаме. Затоа мора да имаме одговор на многуте прашања што се покренуваат.

Не декларацијата како содржина. Таа може да биде, како што вели господинот Штајнер и ништавна, мада како правник морам да ви кажам не е исто правниот акт што го прогласува Уставниот суд за ништавен а не предизвикува никакви правни последици. Овде тоа се случило. На Косово, локална самоуправа, како сакате, постои, постои и Парламент на Косово, како ќе го дефинирате се знае, меѓутоа постои и премиер на Влада кој беше примен од господинот Колин Пауел. Според тоа, му се официјализира и статусот. Тие работи не се наивни.

Ако од таму имаме закани за територијалниот интегритет на Република Македонија, за мене декларациите не се битни. Битно е ние како ќе функционираме како држава. Каков е нашиот одбранбен механизам во сит еоние потенцијални закани за нашата безбедност и за нашиот територијален интегритет. А, морам да кажам дека за тие прашања мораме да разговараме отворено.

Еве, јас ќе си земам за право да го кажам своето мислење. Независно што е поништена, односно прогласена за ништавна таа деклара-ција, таа декларација во Македонија предизвикува политичка реакција. Предизвикува човечка, граѓанска реакција во Република Македонија. Предизвика чувство на загрозеност. На најбитните работи, суштествени.Според тоа, мора да има одговор. Ако нема од Владта, ако нема од ресорното министерство, мора да има одговор од ова Собрание.

Но, факт е еден, бидејќи тој протекторат, тоа е протекторат под Обединетите Нации, господинот Штајнер функционира таму, управува со таа покраина врз основа на овластувањата од ОН. Тој е должен да ги преземе сите потребни мерки и чекори да не дојде до ескалација на настаните и до донесуваше на документи што ќе имаат вакви штетни импликации и вакви реакции да предизвикуваат во Република Македонија.

Што значи првото е да се спречи да се донесе ваков документ. Тој, со статусот протекторат, ги добива сите точки за дневен ред на сите институции. Можел да интервенира да се спречи воопшто поставувањето на дневен ред на таков документ што може да имплицира реакција во Македонија, таква каква што имплицира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Ако тоа не го направи јас не сум сигурен дека тоа се брише од меморијата на сите и од архивата на сите институции, вклучително и на Косово, бидејќи таа останува во архивите. Ако ние одмолчиме сигурно дека на еден соодветен начин тоа утре, по година, две, три, четири сосема ќе стане некоја реалност. Уште повеќе што многу аналитичари странски говорат, меѓу кои ќе го споменам неодамна интервјуто на Јануш Бугајски во скопски "Вечер". тој дословно рече дека Косово мора да биде посебна држава ако сакате стабилност во регионот. Јануш Бугајски високо котира во државната администрација на САД, како аналитичар, како публицист, меѓутоа и сосема други функции во името на државната администрација. Се што досега кажал погодил. Не сакам да ме сфатите погрешно, меѓутоа за време на претседателските избори тој кажа дека Борис Трајковски ќе биде претседател на Република Македонија. Тој тоа го напиша во весник, а уште не беше почната кампањата и така се случи. Човекот ги предвидува процесите. Според тоа, ако тој излезе на еден од најугледните директори, директорот на "Вечер", интервју да му даде со таква изјава дека Косово мора да биде Република, мора да биде самостојна држава за да не генерира криза во регионот. Тогаш очигледно дека сите нас, оособено оние што се бават сега со државните работи, што одговараат за

државните работи, мора да ги замисли. Не само тој, некој аналитичар прогнозира дека Косово за три години ќе биде самостојна држава. Драги пријатели, ако е тоа така, да се соочиме со тој факт и за тоа да разговараме, како држава да направиме стратегија. Ниту прави некој министер, ниту прави некоја влада, ниту прави собрание. За жал, морам да кажам за жал, така мислат и нашите колеги пратеници овде од албанско етничко потекло. Така мислат и некои министри. Се прашувам има ли влада оваа држава. Ако имаше Влада не смееше да се игнорира, претседателот на Влада вчера овде говори за еден многу суштествен проблем, вториот столб на Владата демонстративно ја напушта салата. Зошто не разговара за тие работи, за тие прашања. Мислите ако молчиме, ако ги игнорираме тие не постојат.Тие се тука, тие се реалноста, а разговарајќи ќе дојдеме до релевантни решенија и до релевантни одговори. И јас исто така ќе кажам, дозволете ми да бидам сосема слободен, ако навистина некој смета, многу угледни светски аналитичари дека навистина Косово за три години ќе биде самостојна држава, зошто да ги трошиме потенцијалите човечки. Зошто мегју себе да се едискредитираме, зошто не одиме во пресрет на тие настани во смисла да седнеме и да разговараме. Ако веќе се проектира како петти сосед на РМ и тоа се прашања за разговор, меѓутоа, за разговор се во релевантните државни институции за да не не дочекаат утре неспремни. Отворено кажуваат и албанците од Косово, меѓутоа и албанците во Македонија дека границата меѓу Македонија и Косово не ја признаваат. Тоа како проблем живее меѓу нас и тоа е реално и тоа не смее да го игнорираме

(Реакции на некои пратеници од место)

Како нема врска ве молам. Еве, демантирајте ме, излезете, демантирајте ме. Јас не можам да сфатам да се седи во институциите, а да се игнорираат границите на државата. Тогаш се поставува прашање дали сите ја сакаме РМ како своја татковина, како своја држава. Дали сите сме спремни овде и да се жртвуваме за РМ како своја татковина, како држава во која што ја гледаме својата иднина и иднината на своите деца. Колку сакате тие прашања да ги игнорираме, тие се отворени, ти9 реално постојат. Ако одиме отворено за нив да разговараме, можеме да најдеме решение или едноставно ќе кажеме тлоа е глупост, таков проблем не постои и јас ќе се повлечам и јас ќе се извинам. Апсолутно не бегам од тоа, меѓутоа за фактите што Вели народот "пред фактите и боговите молчат". Си одржа човекот говор овде и излезе. Меѓутоа, за да се направи стратегија почитувани колеги треба да се има способна власт. Во државата треба да има способни државници, луѓе кои што можат да одат во проесрет на настаните, да ги предвидуваат и да ги спречуваат. Да ги отстрануваат сите потенцијални закани за стабилноста на државата. Треба да се има и државна и политичка мудрост. Сите овие прашања за кои што разговараме и кои ни се наметнуваат способни луѓе ги решаваат на политички, дипломатски начин, а примитивците водат војна. Ако не секаме да бидеме примитивци, мораме да имаме дипломатија, мораме да имаме политика. Политика водат политичари и државници. Извинете, меѓутоа жал ми е што не е тука премиерот, неможе вчера онака драматично да говори за загрозеноста и да не конфронтира со целокупната меѓународна заедница, а самиот кумуваше за профолирање на такви односи. Никој со сила не го тераше да му даде онаков статус на Хашим Тачи и да му постила црвен килим, па да говори дека Косово е наш петти сосед, нов сосед и сега офка, оф леле. Па, оф леле, така е. Ако не може да се предвидат работите ќе се офка, меѓутоа за тоа треба да се има навистина државничка мудрост. Чинот на прогласувањето на Косово за меѓународен субјект и неговиот предлог Косово да го промовира во петти сосед на РМ имплицира вакви настани меѓу другото. Не можеме вината да ја фрламе само на меѓународната заедница. Меѓународната заедница сигурно во рамките на овластувањата, меѓутоа и во рамките на глобалните интересин а големите сили сигурно своите интереси ќе ги штити, а ние сме тие што треба да ги детектираме и идентификуваме и да ги заштитуваме нашите интереси. Но, за тоа си треба стратегија. Според тоа, господинот премиер нема никакво морално право ако самиот профилираше ваков развој на настаните и ваков статус на Косово, а сега да говори овде отворено дека не сакам јас да разговарам со институциите на Косово. Според тоа, знаете како вели народот "ако сееш ветер, ќе жнееш бура", и тоа ни се случува.

Јас сум длабоко уверен дека ваква расправа на Собраниеот му е потребна не заради тоа ние емотивно да се празниме овде и да демонстрираме меѓу себе кој е поголем патриот и кој е навистинас државниот интерес, туку едноставно да ги натераме институциите

на системот, Владата, надлежните институции да градат стратегија, да имаат одговор на сите потенцијални можности за загрозување на македонскиот интегритет. Не смее да служи вакво прашање за дневно политичка употреба или предизборен маркетинг. Тоа е несреќа за еден народ. Не смее на основа на вакви прашања да се промовираат национални херои. Навистина јас сум спремен, два пати сакав отворено, меѓутоа не го гледам, министерот Бошковски вчера беше едно време овде, неспособноста да се предвидат настаните не смеат да бидат повод за национален хероизам. Ние сакајќи да симнеме од себе една огромна хипотека, манипулираме со чувствата на обичниот човек. Наместо отворено да му кажеме апсолутно што го чека. Тоа е нашата обврска како пратеници, како политичари. Според тоа, несмеат овие прашања да се игнорираат. Не е битна декларацијата. Таа постоела или не постоела, за мене тоа е маргинално прашање. Битно е дека тоа и се случува на РМ, битно е дека границата е проблем и битно е дека тоа имплицира страшно негативен набој кај граѓаните во РМ. Другото е само прашање на техника.

Јас сум длабоко уверен дека игнорирањето на ова прашање значи бегање од последиците на решавањето на проблемот, бидејќи сосема јасно е, знаете зошто Владата бегаша од прашањето за одбележувањато на границата. Бидејќи страшно многу коинцидираше ратификацијата на Договорот во Собранието на РМ за одбележување на границата со тогашната СРЈ со интервнцијата на терористите на теренот. Не дај Боже да ни се случи сега исто, меѓутоа многу слични асоцијации, не драматизира, сакам едноставно да погледаме на вистината во очи. Може ли да ни се случи нешто такво. На што се должат овие провокации сега на теренот. Инцидент, некој видал накј не видел. Може ли тоа полека како топка од снег да се тркала, или како може да коинцидира, аве само после три масаци новинарита и македонската јавност реагираа жестоко на изјавата на американскиот генерал дека тој е подготвен и со војска да влезе во македонска територија само да им овозможи на албанците од таа страна на границата да ги обработуваат нивите. Ваднаш имате реакција на потпаролот на Умник и сега после три месеци парламантот на еден протекторат донасува резолуција, меѓутоа во ист дух. Според тоа, во меѓународната политика, во големата политика ништо не се случува случајно и ако на време не се реагира проблемите ќе не удрат по глава многу силно. Зошто макадонската влада во истиот момент кога го ратификуваша договорот за границата со СР Југославија на отиде и на теран да бара помош од меѓународната заедница за одбележување на границата. Па, мораше нашиот министар за надворешни работи да ги носи документите во Њујорк, па картите и новинарите правеа шега со него дека изиграва курир, а тоа само заради тоа што наврема не си ја завршиле својата работа. Тоа тогаш се реагираше, тогаш да се одбележеше границата, сега верувам дека немаше да има такви импликации. Пробламот ако наврама ие се реши тој ќе се надува. И се случува или не сме свесни за проблемите кои не оптоваруваат, или не сме свесни за последиците и затоа некој проектира таков развој на настаните. Јас исто така знам зошто не се пријде на таа работа, или така мислам, можеби не е тоа вистина. Знам дека реакцијата ќе биде многу жестока. Реакцијата ќе биде на албанците, бидејќи тие од Косово едноставно не го признаваат тој договор и може да дојде до инциденти од многу пошироки размери. Но, ако сме држава тој предизвик треба да го прифатиме. Јас мислам дека мора да бараме подршка од меѓународната заедница, токму заради тоа. Ако таа управува со Косово како протекторат, тој е партнерот за разговор со РМ. Ако е така, ќе бараме од нив, јас би бил слободен да кажам многу прецизно лигистичка поддршка, а не друг вид на помош. Ние сме во право како држава, имаме право да ги штитиме нашите инстереси. Има ли нешто посвето отколку да се брани границата. Според тоа, заедно со државата со која што сме заклучиле договор со помош на меѓународната заедница да одиме на одбележување на границата. Извинете, но трајно депласирано звучи Дека немаме пари. Ја слушам абасадорката на СРЈ некогаш дека Македонија и Југославија немаат пари, требало околу 5 милиони марки или долари, па да се одбележи границата. Зарем до тоа ниво паднавме како држава. Тоа е бегање од проблемот. Проблемот нема финансиски аспект, туку свесни се дека тоа може да предизвика страшна реакција кај албанците на Косово кои едноставно не го признаваат тој договор. Ние мораме да смогнеме снаги сега како држава, независно што расправаме, добро е што расправаме за некои прашања, проблеми, добро е

изнелеземе понекогаш надвор од контекстот дека сепак во ова Собрание имаме различити погледи, различни мислења, но за прашањата кои што се од круцијално прашање за оваа држава, тука едноставно не треба да има колебање. Значи, веднаш мора сега да се пријде, резолуцијата Не може да ги реши тие прашања, меѓутоа како држава ако донесеме одлука Дека веднаш одиме на одбележувањето на границата и бараме за тоа логистичка поддршка од меѓународните институциите за конечно да го решиме проблемот, свесни за тоа дека тоа може да имплицира негативна реакција од другата страна. Ама, ако ние бегаме од проблемот никогаш нема да го решиме. Тој само може да Се зголемува. Не заради нашето достоинство како пратеници, за достоинството на граѓаните и достоинството на македонската држава. Едноставно, ние имаме обврска тоа да го направиме. Да не се убедуваме овде како мали деца дали требало оваа точка или не треба резолуција. Апсолутно тоа не е битно. Во суштина треба да произлезе политичка порака од ова Собрание дека ние не можеме да се согласиме со еден таков акт, независно што него го донел протекторат. Навистина ми изгледа депласирано, независно што имаше толку полемика дали да расправаме и мислењето на експертите дали се впуштаме неизвесна игра па признаваме ние легитимитет. Ниту сме го дале, ниту ќе можеме на Косово да му признаеме легитимитет. Тоа го прави меѓународната заедница, а утре ако се променат односите, состојбите, тогаш ќе се види дали Македонија ќе признае некоја таква држава или не.

Да заклучам. Проблемот пред се генерира, односно произлегува од неспособноста наша како држава да се справиме со свој, односно да ги браниме своите државни интереси. Проблемот произлегува директно од неспособноста да направиме стратегија за заштита на нашите национални интереси државни, меѓу кои спаѓаат и границите, обезбедувањето на границите. Од нашата неспособноста да ги предвидиме настаните и да одиме во пресрет и да ги решаваме проблемите. Меѓународната заедница е тука да помогне на сите, а ние како членка на ООН имаме право од таа меѓународна заедница која што сега управува со Косово и да поставуваме свои барања, за кои што сметаме дека се оправдани и кои што се во функција на нашите нацонални државни интереси.

И, конечно, навистина предлагам овој документ да го донесеме не во овој текст, сепак, во текст кој што може да ги обединети различните мислења овде, но како реакција, како политички одговор на Собранието на РМ да има на еден акт кој што во РМ се доживува како сериозна провокација и сериозна закана за стабилноста и во државата, меѓутоа и во регионот во целина.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ**

Има збор господинот Мерсел Билали.

Реплика

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Беа спомнати моите идеи тука.

Господине претседателе, дозволете да ги може ли сега?

Господине претседателе, дозволете да ги отфрлам некои навреди и искажувања изнесени тука на говорницат и навистина не ми е јасно како работата може во толкава мера да се далтонизира и да се банализира. Ставот јас вчера го произнесов, односно ставот на ПДП, мислам дека до крај бев јасен и незнам али јас не можав да се разбарам или некој друг намерно не сакаше да ме разбере. Тука воопшто не а во прашања дека некој си живее тука пратеник па подржува територијални пратензии од друга рагија. Тоа е апсурдно. Апсолутно да на се користам со изразот на господинот Столе Попов ступидна. Ние јасно кажавме дека не подржуваме никакви територијални пратензии и дека не е во прашање тоа признавање или напризнавање на границата, туку е во прашање едноставно правниот или маѓународниот сагмент. Дали воопшто едната од странките на склучувањето на спогодбата била меѓународно правно способна и компетента да склучи договор, јасно. Макадонија да. Другата страна се оспорува. Тоа според конвенцијата така постои многу јасно. И тука прашањето од господинот Поповски како са осмалувата да поставите такви прашања, ако са работи за територијални претензии. Исто така мора да се каже дека се противи било кои пратаник на тоа дека Драган е составан дел на државата или обратно. Мора до крај да бида јасни на тоа. Значи пробламот е тука од меѓународно правен аспект, во односн а субјектита кои склучиле договор. Знаете од какви причини господине Поповски. Од причини

што кога се склучува спогодба помеѓу Македонија и СР Југославија и во однос на Косово кај албанцита са чувствува дека раководството на Македонија на сака да бида самостојно, туку да остана во рамките на Србија. Тоа е чувствително прашање и затоа е така. На е дека некој сака да одзама територија или да придава територија. Јасни да сме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Попов Стојан.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Господинот Тито Петковски се обиде практично да антиципира една раблота и веќе во својата антиципација Косово го виде како идна држава врз основа на некои светски аналитичари и не гледам зошто тогаш па на другата страна како пандан смета антиципацијата на господинот премиер Љубчо Георгиевски каде што во својата антиципација регионот го виде како долготрајно дестабилицирачки.

**СТОЈАН ПОПОВ**: (продолжение)

Така што, се гледа за едно релативизирање во гледањата и мислам дека тоа нема никакво значење.

Околу апсурдот на нештата, бидејќи г. Петковски овде изнесе едно видување или предлог или барање, зошто на пример, Македонија не изнела барање за одбележување на границата во делот према Косово. Е, па, ако веќе сме правеле ваква декларација и имаме заклучок каде што се посочува дека го задолжуваме Министерството за надворешни работи да ги покрене нашите барања, а нема ниедно барање во текстот, значи, не да го прави апсурден и ступиден, туку не знам што да кажам друго, тогаш зошто кога веќе учествувале во подготвување на еден ваков текст, ова свое барање или размислување не го вклопиле во текстот. Затоа, реков, многу е симптоматично кога СДСМ ќе се придружи кон ВМРО околу некаква работа. Многу. крајно симптоматично. Мислам, навистина, оди према некаква пакост. Па, дајте, дотерајте го текстот во таа насока. Ставете го тоа барање што сега го спомнувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе имаме расправа по текстот, тогаш тие работи ќе ги кажете.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Тоа е полемика.

Второ, околу косовскиот парламент, за кој што премиерот меѓу другото рече дека и тој самиот смета по негово сознание дека го смета за легитимен, меѓутоа, не е легитимна надлежноста и чинот што го направија. Мислам, тука нема никакви дилеми. Ве молам, најбитна работа околу суштината која што сакаше да ја истакне г. Петковски, суштината не е сега ние да се занимаваме со претходно неконзистентност на меѓународниот фактор итн. Ние треба да се занимаваме со последниот чин, кој што меѓународниот фактор го демонстрирал во својот став, а тоа е осудата, која што и Штајнер и целокупната меѓународна заедница го направија. Според тоа, суштината е, ние треба само тоа да го поддржиме сесрдно и повторувам да нагласиме дека Република Македонија ќе го брани својот територијален интегритет и суверенитет со сите расположиви средства. Дури јас отидов во својата дискусија понатаму, вклучувајќи и војна. Тоа, еднаш треба Република Македонија јасно да го стави до знаања дека *е* спремна и достоинствено ќе си ја брани својата држава. Е, тоа се дацидни ставови и мислам дека тие траба да бидат доставени, а не разни текстови, кои што округло па на ќоше ништо не зборуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, треба г. Петковски да одговори на репликите. Една реплика мора да заврши, па после втора ќе почне.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

*Ве* молам, бидејќи овда сме Парламент, се разбира, поваќепартиски, јас апсолутно почитувам легитимитет на секое мислење. Ние тука се разликуваме, па затоа припаѓама на различни политички партии. Меѓутоа, на треба да се дисквалификуваме меѓу себе. Ако се почитувама ќе можаме да разговарама, а ако не, на можема да разговараме. Ако јас говорам во истиот стил како г. Столе Попов, тогаш нема разговор. Тогаш има навреди и дисквалификации. Јас не преферирам таков начин на комуникација во Македонскиот Парламент. Според тоа, јас бев многу прецизен и не чувствувам потраба да раплицирам по сите ставови изнесени. Тоа не беше никаква реплика од г. Попов. Само по однос на статусот на Косово, тој мана ма импутира дека јас застапувам станд§ишта дека не е спорно Косово за три години ќе стане самостојна држава. Косово може да стане и за две години, меѓутоа, тоа не е

моја желба и тоа не е моја констатација. Јас цитирав по име и презиме и цитирав каде е тоа објавено и кои други аналитичари тоа го застапуваат. И, не бегејќи апсолутно од таа тема да разговараме. Што значи, ако постои како проблем, како тема, дајте да разговараме. На тој начин можеме да ги елеминираме и заблудите. Не негирам дека секој од нас има по своја заблуда за многу теми. Но, ако ги потиснуваме, ако ги потпикуваме под килим, никогаш не можеме да ги отвориме и за нив да разговараме. Според тоа, јас имам право да наведам таков пример, меѓутоа уште многу повеќе право имам да говорам за грешките на мојата власт и на мојот премиер, на премиерот на Владата на Република Македонија. Тоа е, исто така, сосема легитимно. За другите прашања не сакам да коментирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, јас барам пред говорот на г. Тито Петковски реплика на г. Стојан Попов во еден сегмент само, за да нема нејаснотии. И вториот пат сега во дискусијата повторно се повтори истата работа кога кажа, кажете ми каде има едно барање содржано во Предлогот на текстот на декларацијата, каде што постои едно барање и понатаму ги поврзува членовите. За запознавање на г. Стојан Попов, само ќе прочитам во точка 7 пишува вака: "Тргнувајќи од принципите на добрососедска соработка, на што предуслов е стабилност и неповредливост на границите, Собранието бара сите соседни држави да го осудат донесувањето на споменатата резолуција, што е директно спротивно на принципите на меѓународно право". Понатаму, ќе ја поврзам точката 11, каде што ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно да кажам, ве молам, ние за текстот ќе имаме посебна расправа. Тоа што се вметнува текстот сега во вашите реплики, тоа е надвор од постапката.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

За да биде, г. претседателе, одредена работа појасна во дискусиите кога ги дискутираме, мислам дека треба да водиме сметка во дискусијата што ја кажуваме, да биде покрепена со фактот. А, фактот е тоа дека постои барање во текстот на декларацијата и дека врз основа на сето тоа понатаму стојат и оние други точки кои што стојат Дека за таквите барања се задолжува Владата и понатаму да ги презема сите соодветни активности.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може на реплики, реплики. Не може да се спори сега господин Спанаков отвори прашање како предлагач. Ние, за текстот ќе расправаме, но не може сега за тоа да се расправа.

Процедурално сака да зборува г. Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сакам само процедурално да кажам нешто. Мене ми се чини дека оваа расправа ќе се изроди во нешто сосема друго, непродуктивно. Јас би ги молел предлагачите, да направите г. претседателе една пауза и предлагачите врз основа на расправата, врз основа на некои писмени предлози, амандмани итн., да ни достават еден поконцизен текст, кој што многу побрзо ќе го прифатиме, инаку ова ќе нема крај. Ми се чини дека ќе води, кон, исто така, непродуктивна расправа по делби, по шавови ќе почнеме, по партии итн, а треба да покажеме висок степен на единство по ова прашање. Затоа, можеби е добро да се седне, да се види, да се направи уште еден текст, бидејќи сеуште тече седницата, да се направи еден многу поконцизен текст со неколку јасни и прецизни точки и на тој начин да се усвои. Инаку, гледам не постои кај никого, во ниедна дискусија резерва дека треба да се реагира со документ. Тоа е прво, а содржината на тој документ нека малку предлагачите ја профилтрираат, ја направат во духот на она што денеска се расправа овде.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашето барање спаѓа во делот од седницата кога се расправа по текстот. Кога ќе дојдеме до тоа, имаме предлагачи, можат да бараат пауза, можат да ги согледаат содржините и можат да бараат се, ништо понатаму.

Господино Попов, немате основа за никаква реплика. Седете си таму, немате никакво право.

За збор се јави господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, Пред да почнам со излагањето со мојата дискусија, ако ми дозволито, би направил една кратка процедурална интервенција на начинот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа е завршена работа, немате право.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

За да не се јавувам повторно, само да кажам нешто околу името на партиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие учествувате во општиот претрес, нема никакви процедурални работи, сега е општиот претрес и повелете.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Добро, ќе се јавам подоцна за процедурално.

По однос на тоа, почитувани колеги пратеници, дилемата која се јави кај нас на почетокот и за која реагиравме процедурално дали ние треба денеска до донесуваме декларација, дали овој Парламент треба да даде еднодушна порака преку декларација кон случките што се случуваат и кон појавата која ни се случи или да дискутираме за она како што предложивме како пратеничка група, за безбедноста на Република Македонија за случувањата на границата и кон границата на тој дел на Република Македонија спрема СР Југославија во пределот на протекторатот Косово, е дилема за која се уште расмислуваме и се уште сметаме дека ние ако преку една таква дискусија дојдевме до заклучоци од ова Собрание, можеби ќе ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е решено со гласање. Ве молам, поминете сега на општата расправа.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ова е општата расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можеме да го отвораме прашањето што да имаме на дневен ред. Сега, говордте по декларацијата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине претседателе, не ме свативрте дека сакам да кажам дека треба заклучоци на крајот од оваа дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На дневен ред имаме декларација и тоа не можете да го предлагате сега. Терајте по ова.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Што се однесува до тоа дали требаше да реагираме на ваков начин со седница на Парламентот или не, апсолутно кај нас преовладува она дека сепак, можеби самата работа може да се толкува вака или онака, меѓутоа, поуката од минатото која ја доби Македонскиот Парламент во однос на тоа како се случуваа работите на вакните настани, кои навидум беа безначајни, ништовни, а потоа се случуваа тешки ситуации во Република Македонија, е поука која ни Се случи во скоро минато и не поучува. Имено, минатата година ни се случи појава на тероризам и целата меѓународна заедница застана на тоа Дека се работи за тероризам. Тогаш, се сеќавате, апсолутно меѓународната заедница ја оквалификува оваа појава како тероризам, г. Солана, г. Робертсон, САД, подоцна да имаат дигресија на овие ставови во однос на тие вооружени групи. Така што, во прзиот момент не спретното и Не смасното реагирање на македонските институции на системот во однос на прашањето на безбедноста, донесоа ситуација која преминуваше во се полоша и полоша ситуација односно во војна која Се случи во Република Македонија. Тогаш, Меѓународната заедница цврсто застана над позициите дека институциите на Република Македонија ако знааат и умеат соодветно да владеат со територијата на Република Македонија и со уставниот поредок, тие застануваат зад нас да расчистиме со појавата на тероризам, кога тој беше и во Танушевци, во Теарце и во својот зародиш. Меѓутоа, ние не смогнавме сили, нашата Влада не реагираше онака како што треба, не ја одбрани територијата, не реагираше на вооружените групи така како што треба и следуваа сите настани, кои следуваа после тоа, од кои се изродија Охридкиот договор и слично. Не поддржа меѓународната заедница и во случајот кога требаше после амнестијата, по доенсувањето на Законот за амнестија, кога Робертсон при доаѓањето на аеродромот во Скопје просто се заложи и истакна дека Република Македонија може и треба сега да расчисти со сите оние елементи кои го нарушуваат уставниот поредок и дека институциите на системот на Република Македонија треба да реагираат. Меѓутоа, и во оваа ситуација Владата на Република Македонија не успеа да го врати територијалниот интегритет на целата територија на Република Македонија, уставниот поредок и сета таа произлегува денеска во Македонија сеуште да има вооружени групи кои прават диверзии или како можеме да ги наречеме тие препади кои што се случуваат на Република Македонија. Аналогно на ова сите реакции на Меѓународната заедница, реакцијата на администраторот на Косово, на г. Штајнер и на сите други релевантни европски,

светски фактори, САД, одат во прилог на тоа дека Република Македонија ако знае соодветно да реагира, ако соодветно реагира како етаблирана држава, која си ги препознава своите интереси и начинот како треба да се владее со една територија како држава, тогаш тие стојат зад нас и дека ако сме способни да ги реинтегрираме териториите, да си ја обезбедуваме границата и да си го обезбедуваме уставниот поредок, тие стојат зад нас. Тоа се недвоени факти, заради кои не можеме постојано да ја обвинуваме Меѓународната заедница за некои пропусти и неспособности кои се случуваат овде меѓу нас, пред се, на Владата на Република Македонија. Жално е, можеби во целата ситуација, моралната димензија е најтешка што оваа декларација ја донесоа претставници избрани преку избори на 350 илјади луѓе кои оваа држава, овој Парламент и овие луѓе сесрдно, великодушно и со голема човечка димензија ги прифатија во еден период и тука немаат никакво оправдување за овие луѓе, што нивните претсавници немаат ни малку чувство за овој дел од блиската историја, која можеше да биде многу поголема голгота за нив, ако Македонија не постапеше така како што постапи во тие моменти. Меѓутоа, тие очигледно за тоа немаат њух, па дури и некои нивни пријатели и гласноговорници во Република Македонија сеуште не нарекуваат Славомакедонци, како да сме дел од словенското големо племе во околината, која можеби тогаш некои делови од тие словенски народи кои тие ги нарекуваат ги прогонуваа во тој момент. Меѓутоа, се најде еден мал словенски народ со големо срце да ги пречека, да ги прифати и да ги згрижи во сите хуманитарни аспекти. Тој аспект не достига во нивната декларација. Не провејува во ниеден момент во нивната декларација и тоа е нешто што ме плаши и што ме загрижува, а очигледно тоа тие луѓе не го ценат. Значи, од една страна се наоѓа оваа декларација на овој протекторат на територијата на СР Југославија и можеби сите реакции на Меѓународната заедница и самото тоа што можеби според Резолуцијата 1244 се работи за внатрешно прашање, можеби на СР Југославија и нејзиниот однос кон Обединетите нации, бидејќи се работи за протекторат на Обединетите нации, можеби е замка во која влегуваме во дискусијата. Меѓутоа, не е замка, бидејќи во минатиот период сите вакви разни наши решенија да се однесуваме конвенционално во одредени ситуации околу Косово и на Балканот, произведоа неконвенционални ситуации. Така, да ве потсетам и во почетокот појавата на ОНА беше тероризам, меѓутоа, подоцна со несоодветната наша реакција, сметајќи на дипломатската мудрост и на соодветната наша реакција и тактизирање, тоа се изроди во една немила валкана војна на територијата на Република Македонија, која немаше соодветна реакција, ниту од нас, ниту од Меѓународната заедница. Мене многу ме зачудува чии права застапуваат овде некои пратеници кои, пред се, мора да се потсетиме, според Уставот сите 120 пратеници сме претставници на сите граѓани на Република Македонија, без разлика на нивнара националност, вероисповед, изборна единица и сл. Тој факт, одредени пратеници го пренебрегнуваат и очигледна е нивната поголема загриженост за она како за иднината на Косово, за интересите на Косовските албанци, отколку за интересите на граѓаните на Република Македонија, кои ги застапуваме сите 120 пратеници. Со тоа тие уште еднаш ја доведуваат во прашање довербата на македонскиот граѓанин за лојалноста на одредени пратеници кон интересите, националните интереси на оваа држава во целост. Од територијата, од границите, од уставниот поредок, нешта кои немаат национална димензија, туку напротив имаат длабоко државна димензија. Напротив, сметам дека албанците пратеници со такви идеи овде кои излегуваат со такви идеи, треба да бидат гаранти на Охридскиот договор. Гаранти, дека Охридскиот договор кој многу македонци со многу Тешка мака го прифатија дека ќе биде договор кој ќе донесе релаксација, мир и една релаксирана состојба и дека албанците веќе нема да ги застапуваат интересите на косовските албанци во овој Парламент, туку ќе ги застапуваат интересите на македонските граѓани.

Јас мора да ве потсетам дека еден искусен политичар од ПДП, кој го ценам како политичар г. Алити, кој меѓувреме стана и лидер на таа партија, излезе од оваа говорница и децидно кажа, е па еве пратеници ова се барањата со кои ќе бидеме задоволни. Сега, каде сме. Значи, не било така како што кажал г. Алити или не сме се разбрале нешто околу таа негова изјава и јас сеуште ви тврдам дека меѓу македонските граѓани не постои

уверување дека тие се гаранти дека до овде ќе биде и дека интересите на Македонија ќе бидат на преден план на Некои од нив.

Јас, во однос на тоа дали е дипломатски и умешно да се зборува од овој Парламент воопшто но размислувам, бидејќи смотам дека дискусијата на секој парламент преку декларација е исправна и не носи никакви демократски реперкусии. Да ве потсетам дека најмалку пет земји во Европа имаат Декларации за ситуацијата во Република Македонија, па тоа Не значи ни позитивен ни негативен дипломатски чекор, туку зборува за едни рамки на една политика. Така што, сите оние експерти кои сметаат дека ова ќе има ваков дипломатски или онаков дипломатски ефект, тоа треба, пред се, да го упатат на Владата и на Министерството за надворешни работи, а Собранието на Република Македонија може да зборува и за вакви проблеми и да даде рамки, политички рамки на Владата во кои треба да се однесува. Со тоа, ниту признава, ниту одзема нешто. Други се субјектите кои признаваат и одземаат нешто. Јас, сакам да ве потсетам, на пример, може да се случи некоја земја да зборува за дел од територија на друга земја, тоа не е случај, да не спомнувам инињa, за да не повредувам други земји, меѓутоа, еве тоа се случило икс пати да се даде декларација за одредени случувања.

Ние дадовме декларација од овој Парламент за случувањата во Америка наше гледање за 11 септември  не значи никаков дипломатски гаф, или нешто друго. Спрема тоа, за тоа прашање мислам дека треба да дискутира Парламентот и да даде свое видување,особено кога во минатиот период не собра сили да зборува за безбедносните прашања, од одредени политички комбинаторики при раководењето со седниците.

Јас, жално ми е што оваа генерација на македонци, очигледно имаат големи тешкотии да го задржи она што го доби во наследство да го задржи, односно името, да ја задржи територијата, а сега во последно време да ја задржи името на црквата, бидејќи за жал, коинцидира меѓу тоа, не коинцидира со владеењето на една Влада која дефинитивно не може да ги контролира следните параметри.

Владата на Република Македонија очигледно не може да владее со територијата на Република Македонија. Тоа е факт. Владата на Република Македонија не може да владее со границите на Република Македонија Владата на Република Македонија не може да владее со безбедноста на граѓаните, посебно во северозападниот дел, а во последно време и во другите делови на Република Македонија каде што има обилно количество на илегално оружје, пукање со незаконско оружје. Владата на Република Македонија не може да владее со економската ситуација во Републиката и со економската безбедност а на повидок е дека таа очигледно неможе и нема доктрина како да владее со стратегиските интереси на оваа држа-ва за што идниот закон кој престои за продавање на Електростопанство на Република Македонија, има многу елементи и ќе зборуваме во тие моменти, а и други аспекти кои се од стратешки интерес за Република Македонија, очигледно оваа Влада неможе да ги различи, а да не зборувам за одуоворноста на Владата. Јас во минатиот мој говор во друга прилика зборував за одговорноста на Владата на Холандија,за нејзините војници кои не учествувале во случките во Сребреница,поднесе цела вла-да оставка овде, се случија немили повреди на невини граѓани при една вежба на владина институција, на Министерството за внатрешни работи, меѓутоа, Владата нити за тоа, нити за необезбедувањето на границата, нити за невладеењето со територијата, нити со невладеењето на правниот поредок не чуствува доволна одговорност, и тука е дефинитивното апсолвирано прашање и мислам дека Македонија не заслужува во 21-век да се гради со Влада која нема да чуствува одговорност спрема состојбите, внатрешните состојби во својата држава.

Јас неможам во оваа прилика да не се осврнам за едно драматично однесување на еден голем дел од Владата. Можеби најголемиот партнер. За овие четири години на владеењето на господинот Љубчо Георгиевски како премиер и на ВМРО-ДПМНЕ. Се смениja многу партнери во Владата На пример Либералната партија не беше во почетокот,. пак е сега. Демократската алтернатива, беше, па дел од неа е сега, дел не е. И така натаму, и така натаму. Да не набројувам. Меѓутоа една константа. Сите четири години во вледеењето на Владата на господинот Љубчо Георгиевски е цврстото партнерство со господинот Џафери, во владеењето во оваа Влада. И сега господинот Дика излегува овде на говорницата и употребува за оваа Декларација после се што и се

случи на Македонија, после сите несреќи на Македонија, дека ова е зора на самракот, балканска река, изрази од неговиот стенограм, кој тој не ги употреби кога терористите во Република Македонија, врзуваа луѓе за столбови и ги дигаа со динамит, кога имаше мачење, измачување, на недолжни граѓани на Република Македонија, изрази кој не ги употребуваше кога цивилите од Република Македонија беа протерувани, изгонувани од своите огништа, па нека се и од било која етничка припадност, иако сепак беше тоа етничко чистење на македонците од Западниот дел на Македонија.

Напротив, господинот Дика, можеби во момент кој е најстрашен во овој Парламент, е дека промовира нерасчистени коти и мапи. Значи, ние сега, кој е поголем проблем, еден Парламент кој донесе ништавно решение, еден Парламент кој не е Парламент, бидејќи над него постои администратор и може во секој момент да го укине, или еден релевантен член на Владата кој од внатре ги проблематизира тие проблеми со котите и со мапите. И не сака да учествува во демок-ратската дискусија на оваа тема. Тоа е големо прашање за мене, и тоа е голем удар од еден Охридски потписник, за тоа дали тој има искрени намери, и дали до тука биле неговите намери кога го потпишуваше овој договор.

Што да кажам. Тој повеќе зборуваше за територијалната целовитост на Косово, тоа беа неговите изрази, отколку за територијалната целовитост на Македонија, за која воопшто не прозборел од овој Парламент. Тоа ли е гарантот на Охридскиот договор пред двата милиони граѓани на Рерублика Македонија, тоа ли е пратеникот и Пратеничката група која треба да ги одбрани националните интереси и територијата на Рерпублика Македонија, да каже каде се исчезнатите граѓани на Република Македонија, тоа ли се пратениците кои треба да помогнат за импементација на Охридскиот договор, делот кој е за враќање на граѓаните на нивните огништа, и изградување на нивните огништа, посебно на македонскиот дел во западниот дел на Македонија. Зар ќе веруваат тие македонци да се вратат во Западниот дел на Македонија,каде што владее ДПА, суверено со сите интереси, кога тој ниеднаш не ги одбранил интересите на тие граѓани на Република Македонија, само оти се од друга националност, а овде за граѓаните од Косово, само оти се од друга националност, а се странски граѓани, се грижи за нивната целовитост и дали во иднина ќе станат држава. Тоа го има во неговиот говор, може од стенограмот да се види.

Е сега заедно со овој господин од ВМРО-ДПМНЕ вие владеете успешно, идилично четири години и ги потпишавте сите овие договори.

И на крајот да завршам она што ме иритира со чиста своја мудрост и една прагматичност и демократичност, демократот господинот Дика најави: Заради тоа што оваа е тврдоглава и инаетчиста политика излегоа тврдоглаво и инаетчисти од Парламентот. Ниедна политика и дискусија неможе да биде понетврдоглава и поинатчиска, отколку чинот на напуштање на Парламентот. Тоа ни се случи. Ова се го направи вашиот коалиционен партнер овие денови за кој Вие ударно во полн број, не за економските прашања, туку за промена на Уставот на Република Македонија, за Законот за амнестија седевте верно и верно гласавте и гласавте на копчето за општото добро на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е партнерот со кој толку идеално се согласувате овие години во сите економски проблеми, во трговијата низ територијата на Репбулика Македонија, а неможете околу декларацијата да седнете и да се договориме. Јас ве уверувам дека и ден денеска тие го напуштија Парламентот, меѓутоа, бизнисите кои ги контролирате, кои се дадени во Информацијата од Европската комисија и приватизацијата нетранспарентна за која цела Европа ве критикува си оди и плановите за неа си одат идилично и без проблеми. За тоа време страда Република Македонија, бидејќи нема своја граница и не владее со својата територија. Јас дури сум уверен дека ако постои шверц со цигари кој некој го контролира во Република Македонија, овие денови слободно си минува во Република Македонија и знаеме кој го контролира и тука идилата не прекинува и тргувањето со луѓе, со стока и бело робје. Жално што овој момент господинот премиер му даде поголем легитимитет на Парламентот на нерасчистената територија Косово која по Резолууијата 1244 е територија на СР Југославија и преку својот говор го промовира Косово во еден легитимитет, дури го повика на преговори. Зарем не помисли премиерот дека се меша во внатрешните работи на еден северен сосед, без разлика, какви ќе бидат во идејата јас незнам, меѓутоа во овој момент се меша во внатрешните работи на еден северен сосед што е уште една невнимателност, или

повеќе диле-тански чин, бидејќи тоа не требаше да биде, ако беше добра намерата.

Во однос на меѓународната заедница, сметам дека меѓународната заедница генерално и релевантните фактори во неа САД, Русија и Кина, ОН, посебно за Европа, Европската заедница имаат една принципиелна политика и тераат доследна политика, принципиелна политика со цврста аргументираност во надворешната политика, умност во надворешната политика. Меѓутоа, не ценат, нејасна, нестабилна и слаба политика, која не е способна да ги оствари и да ги почитува своите основни премиси и внатрешни премиси пред се на територијата, правниот систем во својата држава и она што ќе го каже. И за се, на крајот е виновна меѓународната заедница. Затоа вака размислувајќи, тие често ќе се прашуваат за нашиот интегритет и ќе го проблематизираат. Нашиот идентитет се брани од внатре. Кога ќе покажеме цврстина, мудрост, а не со политиката на Милошевиќ. Кога ја промовираме целата меѓународна заедница во непријатели, она што го правеше Милошевиќ, за да ги релавитизираме внатрешните проблеми, за да ги анулираме и минимизираме проблемите кои неможеме да ги решиме. Тоа е една погубна политика за Република Македонија, која ако ја продолжи оваа Влада, можеби по теркот на Милошевиќ,треба да владее подолго време, меѓутоа, трагедијата и лошите моменти за Република Македонија ќе бидат слични на сите тоталитарни режими. Затоа, немојте да правиме непријатели од меѓународната заедница, треба да ги најдеме патиштата до неа, да соработуваме, да разговараме и на тој начин, со дипломатска мудрост да ги оствариме своите цврсти национални интереси, за кој не сум сигурен дека многу души знаат кој се.

Јас уште еднаш морам да кажам дека меѓународната заедница беше принципиелна во сите, и кога се појавија првите терористи на територијата на Република Македонија и затоа ќе прочитате во извештајот од Европската комисија убаво пишува: Македонија за време на кризата набави несоодветно оружје. Оружје кое не одговара за справување со такви кризи. Значи и оружјето и кризата оваа Влада ја искористи за корупција. Затоа Европа нема да има често пати доверба во нас. Ние мораме да им покажеме принципиелност и дека знаеме да се справуваме со внатрешните проблеми. И апсолутно ви тврдам дека,ако знаевме до сега да завладееме со целата територија, со границата на Република Македонија, ако воспоставевме правна држава, сите ќе не почитуваа и ние денеска немаше да има потреба да расправаме онака како што збору-ваме, конвенцијално, конвенционално е да не зборуваме за ништовна одлука. Тогаш во тие услови стварно ќе беше конвенционално да не зборуваме за ништавна одлука, бидејќи сме ние конвенционална држава. Меѓутоа, не сме тоа. Едноставно некој услови на оваа држава, оваа Влада не е способна да ги одбрани а е обврзана по Уставот и законите на Република Македонија. Заради тоа што треба да престанеме како ин-ституции на системот, покрај тоа што овој граѓанин економски е понижен а се почесто да му бидат повредувани и другите чувства како што беа пред некој ден и верските чувства на православните христијани, со бришење на македонското име, што е преседан во историјата, ние мораме да реагираме денеска вака,можеби и да размислуваме како до крај да ја формулираме, да изградеме најдобри поени од оваа седница, со најдобри заклучоци или, како најдобро да ја промениме оваа декларација во консензуална декларација за сите. партии, меѓутоа, или за некој друг документ кој би бил прифатлив за сите,меѓутоа, кој ќе даде порака некоја и за надвор, меѓутоа пред се, за оние внатре кој ги контролираме а кои очигледно немаат контрола и не се свесни за својата вина за својата одговорност во државата и за се она што треба да го направат за својата држава за да бидат Влада на Република Македонија, за да бидат премиери и министри во Владата на Република Македонија. Ние ќе поддржиме секаков акт, секаков документ кој ќе гарантира, значи враќање на безбедносните сили или враќање барем на граѓаните, враќање на уставниот поредок на целата територија на Република Македонија контролирање и владеење со северната граница , пред се во делот со Косово, и на целата граница на Република Македонија, тогаш ќе поддржиме се.Меѓутоа, вака одиме во доменот на неразбирање, на разговор на глуви бидејќи очигледно додека ние се обидуваме како Собрание овде да размислуваме кои се проблемите што и се случува се ова на Македонија, некој сака целата кривица да ја лоцира надвор од Република Македонија, што нема оправдување не за Република Македонија, за ниеден субјект кој се смета за сериозен и кој има Влада.

На крај сакам да завршам дека апсолутно веровaтно треба да се модифицира оваа декларација со некои промени, бидејќи реално имаше еволуција на целата ситуација од оној момент кога беше дадена во процедура самата декларација, после тоа реагираа низа меѓународни институции и наши органи и сметам дека таа еволуција можеби треба да ја вметнеме со амаднманска расправа и да дадеме можеби уште некои подобри моменти кои се случија и поцврсти заложби кои ќе покаже дека Република Македонија конечно може околу едно прашање да биде Република која ќе даде цврсти ставови и цврсти пореди кон меѓународната заедница а тогаш ќе можеме и ние да бараме од таа меѓународна заедница, и тогаш таа ќе не почитува како релевантен фактор и како фактор кон кој треба апсолутно, апсолутно да ги исполнува сите аспекти.

Сметам дека не е добро за самата расправа, за ваква расправа што нема, можеби премиерот на Владата треба да биде присутен, или барем некој висок функционер на Владата. Зошто го зворувам ова? Не го зборувам процедурално. Ние можеме да дискутираме и ќе ја донесеме и ќе оди натаму таква каква што е. Но, луѓе, ако вчера во својот говор премиерот застана зад оваа Декларација во првичниот текст, а денеска Нема ниту еден висок министер или тој не се присутни на дискусиите за едно вакво значајно прашање, тогаш се прашувам дали тие ја почитуваат содржината на она што го поддржуваат? Тие, покрај декларативно, со зборови, треба и со своето присуство да ја поддржат, со присуство на висок функционер од Министерството за надворешни работи, или некој од потпретседателите на Владата, најмногу. Затоа сметам дека тоа е хендикеп на оваа дискусија, меѓутоа тоа оди на товар на Владата и тука не можеме да измениме ништо.

Јас тука ќе завршам, а г. претседателе сакам и процедуално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, претставници од Владата нема.

Тоа значи, веројатно, за мене, дури и индиректно откажување од оваа Декларација, но како и да е, мојот настап така и го замислив, без некои фрустрации. Не сакам работите да ги гледам површно и да ги комплицирам уште повеќе. Сакам да се навлезе во суштината на проблемот за да биде поедноставен, затоа што ако ги комплицираме и толкуваме со емоции и фрустрации, тогаш се добива впечаток како што слушнавме и дискусии од премиерот и некои пратеници мои колеги. Претскажуваме некакви црни денови, црни години за Македонија, за регионот. Јас, навистина, таква страница не сакам да отворам. Премногу ми се песимистички тие зборови, такви предвидувања. Сакам дури и од оваа ситуација, па еве нека биде и комплицирана, да извлечам односно да го извлечам тоа што сепак дава надеж. А јас мислам има можност и вакви проблеми од ваква природа, од овој степен да се решаваат на начин, што ние велиме дијалог. Мислам дека како Парламент и како пратеници и како држава, барем ние, имаме потенцијал и политички и луѓе кои знаат да говорат, знаат да водат дијалог. Така што, слушнавте вие, неколку дена имаме такви изјави кои навистина можеме најбезболно да се извлечеме и во ситуации за кои што мислиме дека се комплицирани.

Се разбира дека имаме една Декларација што, на еден начин, сака да биде одговор на резолуција од Косовскиот Парламент. Поаѓам од тоа дека тој Косовски Парламент, исто така има состав кои се наши колеги пратеници, на еден начин избрани од нивните граѓани, од нивниот народ и претставуваат некого таму, во Парламентот. Од една создадена ситуација тие се согласиле да имаат една резолуција, веројатно со политичка конотација. И, ако веќе има спор, тој спор е со Меѓународната заедница. Тие работи ние добро ги знаеме. Значи и резолуцијата и текстот на таа резолуција и објаснувањата односно ставотна Меѓународната заедница. Но, во сите тие, односно во тој сијасед изјави, декларации, мислења, имаме една ми се чини од г. Солана, дека со таа резолуција не може да се дестабилизира и Нема да се дестабилизира Македонија. Што мислам дека и тоа треба да Се земе како аргумент и како момент кога расправаме за одредени ситуации.

Но, јас поаѓам, односно мојот приод за оваа проблематика е во тоа што некако се игнорираме, односно постои една структура на луѓе. Дали се тоа политички партии од македонскиот блок, не би сакал тоа да го кажам, мислам дека не е така, но структура на луѓе кои, на еден начин, доаѓа до некоја идеја, до некаков предлог, но пет пари не даваат на едно нешто, многу суштинско. Ајде, ќе предложиме декларација, нема да ги консултираме

пратениците од оваа и оваа партија, а ако се албанци ич да не ги консултираме дали треба да настапиме со некоја декларација или не.

Мислам дека тоа не е фер. Не е фер од колегијапен аспект, пред се.

Исто така, вчера, имам информации, водени се многу консултации. Веројано во тој дел, од аспект дали да има седница, да нема седница, кои мерки треба да се преземат, како да се настапи, дали да има декларација или нема да има декларација? Верувајте ми знае јавноста, ако не вие колеги мои, дека апсолутно не сме поканети. Ниту потпретседател на Собрание, ниту координатор на пратеничките групи за да се даде едно мислење или еден став во врска со тоа треба или не треба да има декларација, каков да биде текстот, и тн., и тн.

Зошто доаѓаме до вакви ситуации? Зошто не ги земаме малку работите повеќе да ги елаборираме дали е тоа резултат на некоја ситуација што е создадена, дали е резултат на односите помжѓу Косово и Македонија, дали е резултат на изјави и политика што се води кон Косово или од Косово кон Македонија? Затоа што инцидент, тоа е веќе не е продукт од една политика што Се води во регионот или меѓу двата субјекти, во овој случај еве Косово и РМ.

Ние, можеби за разлика од другата партија на албанците тука, укажувавме на некои работи уште од време, мислам Дека тоа беше 1 март, коѓа имавме ратификација на Договорот односно на Спогодбата.

Уште тогаш укажувавме на некои работи за кои вие, веројатно и погрешно ме сфативте, погрешно ме толкувавте. Гледам дека и понатаму сакате погрешно да не толкувате, само затоа што ние сакаме да се соочиме со одредени проблеми и сакаме, навистина, да дискутираме без разлика што вчера имаше дискусии дури и со конотација заканувачка. И од премиерот и од некои наши колеги тука. Верувајте дека тоа ништо за нас не претставува. Добро е што Господ ни дава сила да не се плашиме од такви закани, затоа што секогаш сакаме да го кажме тоа што мислиме. Мислиме дека е тука говорницата, тука е овој Парламент и затоа со години работите ги искажуваме односно мислењата ги кажуваме без никаков проблем, без разлика на тоа дали сме успеале или ќе успееме да убедиме некој друг да мисли како нас.

Но, секогаш со најдобра намера. Верувајте, ве уверувам дека од ПДП ви доаѓаат само најдобрите намери. И кога е во прашање целовитоста на Македонија, интегритетот на Македонија, демократскиот развој на Македонија. Еднаш, смогнете сили, верувајте во тоа дека тоа е тоа. Тој степен на висок сомнеж кон нас како пратеници албанци, во овој случај на ПДП, мислам дека ќе ви наштети. Дури, ќе ве однесе до таму, до некое нелогично размислување за одредени ситуации по инерција на, што знам, на некој багаж, на некои фрустрации, велам, по некогаш и ставовите ви се погрешни а може и ситуацијата да излезе од контрола.

Јас сум така да ги гледам работите, затоа што не можам да се помирам, почитувани колеги, со некои изјави. Мислам дека последниот месец беа поинтензивни од министерот за надворешни работи, г. Чашуле. Неговите настапи, неговите изјави, неговото лице кога ги дава изјавите ние тоа го читаме, го гледаме. Со омаловажување на се што е Косово, дали е Парламент, дали е Влада, и пежоративно и со еден речник кој најмалку е дипломатски. Знаете дека тоа иритира, такво игнорирање на институциите на Косово кои се градат макотрпно со целиот капацитет и потенцијал и со сите меѓународни фактори кои се таму. Тешко се градат тие демократски институции. Не може еден наш министер за надворешни работи на таков начин да го претставува Косово, каде зборуваше, на некоја конференција, толку црно, толку црна страна. Па ќе реагира некој. Ќе реагираме и ние затоа што вие треба да сфатите ние имаме Семејни, природни врски кои , ако се задира на таков начин во тие врски, мислам Дека е веќе крајно нечовечки, крајно неколегијапно, крајно некултурно. "Локална самоуправа", меѓутоа кога тоа го кажува со еден тон министерот Чашуле јас мислам дека тој спаѓа во оние луѓе кои имаат болни амбиции, а болните амбиции раѓаат отровни цветови. Тоа е еден бисер од мудроста. Отровни цветови. И тие отровни цветови се овие.

Исто така, дајте ние прво да ги менуваме односите што се на релација Косово-Македонија. Дајте да се ослободиме, многу уште сме комплексни, јас ви велам, прочитав, во последно време јавно барам и од М9ѓународниот фактор, дури и тој што е инсталиран тука во РМ,

што има лошо да контактираат г. Стојан Андов со академик Неџат Даси? Што има лошо да се видат, да разговараат? Имаме проблем. Еве и овој проблем да Се разговара. Знаете вие какви позитивни рефлексии Ќе има во односите меѓу тие граѓани, тие народи кои живеат таму и тука? Не можеме ние така потценувачки да се однесуваме. Дали вие знаете? Имате ли Нешто повеќе познавања кој е академик Неџат Даси? Прашајте го професор академик Шоп Трајанов. Прашајте ги луѓето. Што преставвуа он за Европа и за светот? И што има лошо ако еден таков контакт се оствари и се разговараат и политички работи? Не може така потценувачки да Се однесувате, затоа што тие луѓе сепак се со гтедигре. Луѓе кои ги ценат. Претседател на Влада оди, се среќава со Пауел, г.Даси оди во Британија и во Америка, а ние велиме тие се една локална самоуправа, и, кој ги, народно да кажам, шиша. Немојте.

Тоа е веќе еден однос кој навистина не може да се прифати. Не е ниту колегијален, ниту човечки, а тоа се рефлектира негативно и кон нас како ваши колеги, како пратеници, и тн. Јас не знам колку ги следите работите, затоа што имате хендикепи со јазикот. Вие да гледате малку почесто РТК, Косово сега има три сателитски програми. Еден ден јас го слушнав баш претседатлот на Парламнтот, г. Даси, толку позитивно, толку добронамерно, имаш добронамерни пораки кон Македонија што вие, вројатно и Н ги знаете. Не ст ги слушнале.

(дофрлања од Место дека Се слушнати).

Ги чувте ли? Да.

Значи, почнувајќи од Земјотресот, почнуваќи од Косовската криза, цдлата благодарност на Македонија, и тн., и тн. Мислам Дека ова се моменти што треба да Се искористат. Тука треба таа позитивна енергија што наеднаш беше и мото на една партија, можеби наеднаш се губи. Наеднаш сега се најавува 10 години дестабилизација. А ние Чекаме после оваа стабилизација до есен некаде да дојде фазата на асоцијација и да подготвуваме кадри што може да се носи со европските интеграции.

Кога сме тука, Не можеме колеги, не можеме ние секогаш да се извлекуваме со тоа Дека ако кажам нешто повеќе Дека другите имаат секогаш претензии кон оваа држава, тука ќе поентирам и тука ни е шансата да можам да настапам поуспешно на овие избори. Дајте, малку, од тоа што слушнав вчера, од премиерот и од некои пратеници слушам, некако го мислам и го жалам граѓанинот на РМ. Ние вчера како да им кажавме на овие граѓани во РМ - одете си, бегајте од Македонија, затоа што ако имаш 20 години, уште 10 години 30, значи Нема Перспектива за вас. Е, па тогаш, да одиме каде што Ќе бегаат тие да бидеме премиер таму. Немојте. Ова се претскажувања што не даваат надеж. Ние, ако веќе сме доведени во таа ситуација дека не знаеме да комуницираме и воспоставиме ред, да воспоставиме односи што ќе бидат прифатени од Меѓународната заедница?! Го слушав и го слушам се почесто, па еве меѓународната заедница, Америка, Европа, им даваат зелено светло на Албанците, Албанците ги инструментализираат, таа е со Албанците, и тн.

Дајте малку поставувајте прашање сами од себе, ако е веќе така. Зошто е така? Зошто е така? Дајте самите во себе дајте одговор на тоа, зошто е така, ако е така. Значи, мислам дека многу површно приоѓама на проблемите на работите. Да завршам, затоа што понекогаш и јас сум во ситуација да заклучам дека што и да кажуваш, што и да зборуваш, на оваа некако никој не слуша другиот, сака тој да биде сослушан и со тоа да заврши се. А ние треба да се убедуваме со аргументи, со политика која навистина, сапак, дава надеж, дава перспектива, затоа што има уштд една друга мудрост. Ако премногу тврдиш Дека си во право, ќа бидеш крив. Немојте да поаѓате од тоа дека сакогаш ние сме во право, ние сма во право, ние сме во право, сите другита не се во право и ако така постапиме, ако таков пристап имаме кон проблемот, тогаш навистина ќа дојдеме во ситуација да слушама и такви црни претсткажувања. Јас Не се согласувам. Јас сум убеден дека многу подобра и подобра иднина гладама и за Република Македонија, па зошто да Не и за Косово. Во суштина ако се глада, мане ми е жал што можеби не патувате до Приштина, па таму имаш и Америка и Европа и цивилизација што можеби ќа *се* чудита дали е ова Косово или Не. Намојта да го гледате Косово само преку некои црни хроники, затоа што црни хроники имаме и тука. Верувајте ми дека таму благодарејќи на Меѓународната заадница која е доста присутна и како протекторат, многу поуспешно Се води борбата против организираниот криминал. Таму ева веќа *се* затвораат клучни луѓе. Јас незнам

каде Се тие кај нас тие маханизми, дали профункционираат такви маханизми кај нас. Не затоа ве упатува на тоа да се познаваме подобро маѓу сабе, меѓу тоа што е добро и што води напред помаѓу Косово. Да не претеруваме и да не бидаме премногу агресивни како ќе бида статусот на Косово. Дали ќа бида независно или на. Не треба да биде приоритет тоа на Рапублика Македонија или на чалниците на Република Македонија. Мислам дека таа работа е работа која а преземана од еден многу порелавантан фактор. Знаета дака се добива впечаток понекогаш дека нид многу поваќе од Макадонија, односно македонската политика многу *е* поактивна кон тоа да се спречи тоа што значи не Зависност на Косово од политиката на Србија. Се добива и таков впечаток. Што не навадува на тоа. Зошто ние толку на тоа работиме кога мислам дека имаме наши внатрешни проблеми и тоа фала Богу би имаме многу. Дајте ние тука во Република Македонија да ги средуваме работите. Проблемот Косово ако остане да биде проглем на Македонија, мислам во однос на статусот и т.н. јас мислам дека премногу амбициозно дури и кога се оди на некои изјави и некои настани во однос на идниот статус на Косово. Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

После сите овие дискусии кои ги ислушав, навистина се уверив Д9ка во секој случај има апсолутно потреба да се разговара на оваа тема за која што денеска разговараме. Иако овие денови се изнаслушавме дали има потреба, дали треба да се разговара или Не треба да се разговара, сите овие дискусии кои ги слушав, навистина наметнаа сериозно да размислиме дека нема дилема дека за оваа тема треба да разговараме.

Морам одма на почетокот на кажам дека скоро сите дискутанти зборуваа навистина отворено, емотивно, со големи аргументи и т.н., секој во својот стик и секја од својата страна. Јас би сакал точно да почнам онаму каде што господинот Тито Петковски заврши и каде во најголем дел ја водеше дискусијата дека токму прашањето за дискусијата денеска по основ на оваа декларација треба да ја усмериме исклучиво од аспект на политичкото прашање. Она што нас ни се рефлектира како политички проблем. Не толку за правната логика, не толку дали станува збор за парламент каков што е во Косово, Меѓутоа сепак од аспект на политичкиот проблем.

Би сакал искрено да верувам на се она што господинот Исмет Рамадани го кажа и би сакал да го почувствуваме сите ние овде во Парламентот, па и граѓаните на Република Македонија, дека токму такви се намерите и на албанската заедница овде во Република Македонија, а и на нашиот сосед, протекторатот Косово и дека навистина само на тој начин треба да ги градиме односите онака како што господинот Исмет Рамадани овде кажуваше. Тој се повика на една работа, на една реченица, зошто кај нас се јавува сомнеж. Дека тој сомнеж што кај нас како македонски граѓани е неоснован. Треба да градиме односи на добрососедски односи и т.н. и т.н. Господине Рамадани, токму сакам да ви укажам на некои работи за да и вие нешто, не лично вие, меѓутоа вие како политичари сепак сфатите адна позиција која владее и кај кај македонскита граѓани.

Од каде сомнаж. Па зарем малку примери има и зарам малку настани последнива години покажаа дека во нашиот граѓанин, во макадонскиот граѓанин, сепак постои сомнеж. Ако требало да се градат односи помеѓу Косово и Република Македонија како што виа ги кажавта, но заборавате да потенцирате една работа дека Рапублика Македонија ништо не иницира за да довада до некаков, спречување на некаков дијалог или било што на Република Македонија да направи нешто на штета на Косово. Апсолутно *не* се мешавме во таа работа, тоа е меѓународен проблем кој што ќе си го решава Меѓународната заадница. Маѓутоа, Косово како протекторат, размислете како протекторат иницира одрадана работа, носи декларација со која што диракно, диракно се меша во надлежноститa и во правата на една суверана држава. Вие заборавивте да кажете дека во таа декларација на Косовскиот парламант *се* потанцира дака не се признава границата помеѓу Косово и Рапублика Македонија и како сега ние да градиме некакви добри односи.

Би сакал да ве потсатам на една работа и од правен и од политички аспект. Непризнавањето на една граница господина Рамадани не може да гради добрососедски односи. Непризнавањато на една граница особено на суверана

држава е директно предупредувања дека помеѓу тиа две области во тој регион може да постои танзија која можа да прерасне и во војна. Да не кажам, непризнавањето на граници секада во светот довело до војна. Сага виа овда кажувата зошто такви црни мисли, зошто песимистички се гледа. Ние ништо на гледаме песимистички. Напротив, ја гледаме реалноста. Ајде да бидеме отворени малку и од другата страна да продискутираме. Ланска година исто ми се чини дека и вие дискутиравте, сега повторно го потенциравте кога ја ратификувавме Спогодбата за признавање на границата помеѓу СР Југославија и Македонија. Имавте настап дека не треба тоа да го правиме, сега го повторивте и како причина за некаква тензија која се случи. Ратификацијата, тој договор кој го ратификувавме, овде сите нас добро не држи паметот и сеќавањето дека непосредно после тоа се случија немили настани во Република Македонија и тоа кризата не излезе овде во Република Македонија. Сите сме ние сведоци од каде потекна сета криза. Колку да не убедуваат и вие како политичари и разни медии, разни средства за информирање дека тоа е проблем внатрешен во Република Македонија, дека одеднаш после 10 години демократија во Македонија излеговме дека ние апсолутно никаква свес сме немале за демократија, па одеднаш мораше со оружје да се бараат права онакви какви што ги утврдивме во Рамковниот договор. Колку тоа да го тврдиме дека тоа било основната причина, тоа е голема лага. Вистината, вистинскиот проблем се докажа и се потврди овие денови. Факт непобитен факт е дека целата криза која генерира и во Република Македонија токму потекнува од Косово. А како потекнува. Токму од односот на граѓаните на Косово, кои 90% или 100% се убедени дека дел од територијата на Република Македонија им припаѓа нив. Па читаме и денеска по весниците и претходните денови дека се спорни некаде таму 2.500 хектари на земја, што значи дека граничниот појас не е како што треба, дека сме склучиле некаков договор со некаква непостоечка држава. Значи, од две страни еден протекторат не признава две суверени држави, онакви какви што ги признала Светската заедница со резулуција на ООН и тн. Сега пак ќе ве прашам како да градиме доверба и како треба да го повезрувам сето ова што вие го зборувате. Значи, тоа е една работа.

Мора да ви кажам и друго. Што треба Република Македонија да направи повеќе од она што го направи и зошто е секогаш вината кај македонскиот граѓанин. Зошто никогаш не ја побаравте вината во сопствените редови? Ние овде, се случи криза, носевме одредени заклучоци на вонредно Собрание, на вонредна седница на Собранието, кога ни се случи нападлот кај Танушевци, кога ни се случи агресијата која се случи. Добро се сеќавам на вашето однесување, добро се сеќавам и на нашето однесување. Никаде не почувствував во тој момент зборувам дека сте толку заинтересирани за опастанокот на Република Македонија колку што бевте заинтересирани што ќе се случи во Косово. И денеска го покажувате истото. Најбитна цел на голем дел од вашите политичари, неможам сега да ве именувам вас, меѓутоа, најголом дел повеќе ги интресира дали Република Македонија, односно дали Косово ќе биде независно, односно или што ќе Се случи во Република Македонија. Еве, Република Македонија, после сите оние настани кои се случија, активно со посредно на Меѓународната заедница излезе во пресрет на сите оние барања кои ги поднесовме како политичари. Вие и вашата партија која Не убедувате Дека е единствена која ни го сакаат доброто на Република Македонија, само да Ве потсетам, отидовте во Призрен и направивте одродена призренска декларација која беше директно на штета на самостојноста на Република Македонија.

Се случи и Рамковниот договор. И тој го имплементиравме во најголем дел. Се случи промена на Уставот. Се случи Законот за локапна самоуправа, па и Законот за амнестија. Што треба уште да направиме? Меѓутоа и дендска заборавате да кажете дека сеуште имаме критики и кризни региони. Сеуште во Тетово не е безбедно, сеуште имаме раселени лица, сеуште Се пука, сеуште имаме лица кои незнаат каква им е состојбат во домовите и тн. Еве Ќе дојдеме и до избори, незнаеме колку луѓе можат да гласаат, каде да гласаат и тн. Тоа е за вас факт од кој што треба да градиме добри односи Не треба да Се плашиме од една ваква декларација на ваква резолуција која ја носи Косовскиот парламент, како да го наречам. Значи, тука апсолутно Се согласувам со господинот Тито Петковски кога кажа дека држи место и тр9ба да дискутираме, да разговарам9 по однос на политичката

димензија. Би сакал да Се сложам со Сето она што го кажа господинот Тито Петковски во рамките на тој Д9Л. Не би Се сложил само во Делот на обвинувањето на владите на Република Македонија, Не само Владата, на владите, бидејќи според господинот Петковски испадна Дека само сме ние криви за се и тоа јас не би се согласил дека е така. Вината е во сите влади, да се разбереме, проблемот не ескалира сега. Најмногу зборувавте за границата зошто не била обележена и тн. Треба да се потсети една работа, дека ние 10 години немавме граница. После 10 години ратификувавме договор за граница, па зошто не ја означивме тогаш. Затоа што немавме договор ратификуван. Факт е дека има објективни проблеми. Зар вие сметате дека ако беше Владата на СДСМ ќе ја обележеше границата. Јас сум уверен дека немаше. Неможеме да ја потцениме улогата на Меѓународната заедница во тој домен и Н9 можеме да се правиме наивни дека М9ѓународната заедница се и мисли добро на Република Македонија. Камо среќа да е така. Меѓутоа, пследните настани, целиот овој период, настаните не зборуваат така. Треба ли да ве потсетувам?

Се случи криза, воена криза. Ја видовме улогата на Меѓународната заедница. Одеднаш, иако прво цврсто застана на нашиот самостоен интегритет и тн., одеднаш почна да ги трансформира своите ставови, па да ни дели лекции како треба да дадеме права, па да ни дели лекции преку разни телевизии како Си е нен, дека овде имаме луѓе страшно лобесправени и тн., се на наша штета. И ден денес таа Меѓународна заедница буквално во секој еден закон кој што го носиме од Рамковниот договор буквално за секоја запирка и точка се интересира како треба да се оствари, што треба да се оствари. Меѓутоа, за жал не гледам Дека е тоа е на наша корист. За тоа треба отвордно да се проговори.

Господа пратеници,

Овдд многу слушнав дискусии дека преголем значај сме дале со ова што го дискутираме денеска, бидејќи станува збор за еден протекторат, станува збор за еден парламент или собрание, како да го наречам, кое е со надлежност на локална самоуправа и тн. Тоа се правни аспекти на она кое треба да се пстенцира. Каква е состојбата, односно надлежноста на тој парламент во Косово, тоа е регулирано со нивниот Устав. Во член 4 од тој Устав кој што деновиве, односно вчера заедно со господинот Иловски го читавме, има јасна одредба во членот 4, каде што е кажаножоја е надлежноста на тој парламент. Јасно е кажано дека таа надлежност е најголема во рамките на локалната политика, односно во локалната самоуправа. Меѓутоа, никаде во тој Устав не пишува дека тој парламент, тоа собрание има надлежности во Меѓународната политика. Никаде. Понатаму, во другите членови ако грешам случајно поправи ме господине Илоски, во другите членови дури има овластување во ситуации, доколку се случи она што се случи, што треба да се преземе. Па, ќе видите дека таму има надлежност господинот Штајнер, прво, да ја поништи резолуцијата, има дури надлежности да го распушти собранието, затоа што влегло во права кои што не му следуваат, односно не му се во надлежност. Меѓутоа, јас би го поставил прашањето, зошто господинот Штајнер, односно Меѓународната заедница лодносно тие, таа цивилна администрација која ја има, зошто воопшто дозволија таква точка на дневен ред да дојде и тука е позицијата на Меѓународната заедница која треба да се критикува. Секаде, во медицината, па и во правото има една поговорка во која се вели: "подобро да се спречи неколи да се лечи". Зар господинот Штајнер и Меѓународната заедница не знаеше дека една ваква точка ќе дојде на дневен ред. Па подолго време ние ја слушаме. Подолго време, скоро два или три месеци слушаме изјави на разни генерали, па нели отидовме и до Советот на ООН за безбедност мислам, па разговаравме и таму на таа тема, па се дотогаш господинот Штајнер и Меѓународната заедница Не знаеја или Не сакале да знае дека еден ден ќе се случи оваа резолуција. Па сите го знаеја тоа. Се поставува круцијалното прашање. Можеше ли истиот тој господин, поточно Меѓународната заедница или тие претставници на Меѓународната заедница кои се таму да тоа го спречат, за да не имплицираат вакви реакции во соседните држави, суверени држави.

Затоа господа е застрашувачки, затоа е позицијата на ова вознемирена токму поради тоа што ни се случува од протекторат. Протекторат на ООН. Во никој случај не смее да дозволи да се случуваат реакции на незадоволство кој можат да имплицираат во разни други посериозни. Бидејќи го знаеме минатото сите овие години, бидејќи знаеме колку пати од границата

на Косово преминувале сили секакви, па се случуваат кризни работи овде, оправдано е граѓаните на Република Македонија да реагираат онака како што реагираат и оправдано е ние, како нивни застапници да дискутираме и отворено да поразговараме

И, во најмала рака сите овде , вклучително и на албанските пратеници, бидејки се овде во нашиот парламент во Македонија, да ја осудиме ваквата резолуција на косовскиот парламент. Само така можеме да покажеме дека Република Македонија и сите ние како нејзини граѓани ќе си го чуваме сопствениот идентитет. Се друго води кон сомнеж иако г-динот Рамадани да убеди овде дека не треба да се сомневаме.

Би сакал да прозборам и по однос на она кое се искажа, по однос на легитимитетот на косовскиот парламент, па се употреби една ноторна лага од г-динот Никола Поповски која мора да ја кажам така дека е чисто норотна лага, дека нашиот премиер кажал во својот говор вчера, дека косовскиот парламент бил легитимен, вклучително да носи и вакви одлуки. Проверете го, господа стенограмот, ќе видите дека премиерот воопшто Не кажа дали косовскиот парламент е легитимен да носи вакви одлуки. Тој зборуваше за легитимитетот на косовскиот парламент како институција, која е избрана на непосредни избори од граѓаните во присуство на Меѓународната заедница и таа работа треба да се разграничи, а не да му се калеми дека наводно бил легитимен. Па и г-динот Тито Петковски тоа го повтори во својата дискусија. И, тој не ја оспори легитимноста на избран дом, на посредни избори на граѓаните. Тоа апсолутно не е спорно и не е во ред да Се препишуваат работи кои што некој Не ги изговорил. Сигурно, Дека премиерот, ниту мислел ниту тоа го кажал. За некого дискусијата на премидрот овде за многу била песимистички црна, за мене, господа, неговата дискусија е апсолутно реална и вистинита. И, Секој еден македонец треба да ја почувствува и да ја свати сериозно. Дали ќе имаме криза односно дали ќе имаме во регионот нерешени односи уште десетина години или дали ќе бидат решени, иднина е . Премиерот, сепак, има можеби повеќе информации, отколку ние но факт е 10 години и повеќе Косово не е решеио. Тука стои, се градат институции, се градат демократски институции и т.н., до кога тоа ќе трае, Господ знае. Меѓутоа , ваквите резолуции кои што ги носи сеуште неизградена демократска институција, навистина предизвикуваат со право да се сомневаме и ние , но и Меѓународната заедница дека сеуште таму не е дозреана состојбата за некој да прерасне во она што го сака.

Затоа, господа , би се сложил апсолутно и со заклучокот на премиерот, а и со тоа што сите овде го кажаа , поголем дел на пратеници, дека најмалку, најмалку што можеме ние како членови на ова Собрание, како пратеници што можеме да го направиме е токму недвосмислено , без никаков сомнеж, без никаква опасност, да ја подржиме оваа денешна декалрација која е на дневен ред. Тоа е едно.

Второ, недвосмислено со чисто срце да ја осудиме резолуцијата која што ја донесе косовскиот парламент. Тоа треба да го направиме овде со гордост и со решителност и тоа сите партии кои се присутни овде во Парламентот. само така ќе покажеме дека РМ е суверена држава. Република Македонија има парламент кој е легитимен, кој е меѓународно признат, кој може да донесува одлуки во рамките на меѓународното право, за разлика од некој друг кој тоа не може. Па, сега, тој што не може се дрзнал да носи ваква резолуција, а ние што имаме право, не треба ни да одговараме. Не треба да молчиме во никој случај, затоа што молчењето е потстрек кон одобрување на нештата. Треба да го кажеме јасно и недвосмислено и нашиот став дека не не плаши никаква резолуција, дека Македонија има свои признати граници, дека Меѓународната заедница со последните изјави на Советот на безбедноста на ОН и на г-динот Штајнер и т.њ, одат во прилог кон она за кое ние се залагаме. Меѓутоа, зарем треба замо Меѓународната заедница да кажува дека оваа резолуција е спротивна и т.н. и ние молчиме. Први треба да бидеме ние што треба да кажеме овој дом. Затоа, сметам и сега тоа би сакал повторно да го кажам дека гласањето, изгласувањето на ваква декалрација е апсолутно оправдано и Дека само на овој начин Ќе покажеме Дека РМ Ќе си го штити својот интегритет, Ќе реагира на сите резолуции од било каде да доаѓаат, кои задираат во нашите права, во нашиот суверенитет и т.н.

Затоа, на крајот би апелирал до сите пратеници, вклучително и до албанските пратеници, навистина на овој начин да покажеме, да дадеме одговор на некој кој прдтендира да ни ги менува границите.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам колега Караџовски.

Пов9лете г-дине Петковски бевте спомнат по име и презиме. **ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине потпретседател, почитувани колеги, чувствувам потреба само во еден дел како што рече колегата Караџовски и реплицираше со еден дел од мојата дискусија, да реплицирам само во делот каде што така е доживеано еднострано, не критички сум се однддл кон Владата на СДСМ, а доста жестоко критички кон Владата на ВМРО-ДПМНЕ или

Директно кон премиерот.

Јас ја застапувам тезата дека Македонија мора да има протпзнатлива јасна стратегија за своите интереси. Никого Не амнестирам. Според тоа сите ние како политички субјекти и фактори сносиме дел од одговорноста зошто Макеоднија Нема препознатлива стратегија. Меѓутоа, па и за тоа што направил СДСМ народот кажа во 1998 година и јас Не чувствувам никаква потреба да се навраќам наназад. Имено, ако има државна политика, државникот политичар мора да предвиди денешниот негов потег какви импликации и рефлекси *ќе* има после една, две, три или четири години. Тогаш е државник, инаку е политикант, не е политичар. Заради тоа што, кога влегуваше НАТО овде, Македонија ако имаше државници што ја водат државата, имаше да профитира многу, бидјеки на НАТО му требаше Македонијакако логистичка подршка. Вие, сакате овдека господо, нашите интереси се тие и тие и бараме за тоа да се обезбеди и да се потпише прецизен документ за да можеме ние да бидеме сигурни дека ќе бидат заштитени нашите државни интереси. Жестока критика г-динот Георгиевски упати на странските дипломати на Плоштат, добро се сеќавата на еден митинг на ВМРО-ДПМНЕ кога ги прогласи за корумпирани за лигуши и Тоа се тоа салто мортале. Во Собраниската говорница, па Запад мора глорификација на Запад и НАТО. Запад мора да ни помоше, како вие од СДСМ толку жестоко го критикувате. И, дали под нечиј притисок или тоа беше Н9гов личен избор, прво, Македонија го промовира Косово како наш сосед. Јас мислам дека тоа на сите им е познато. Го прими Хашим Тачи, претседател на привремената влада во својство на премиер на Косово. Отиде таму и беше подготвен да потпише документи за дипломатска размена на канцеларии, несвесен какви импликации тој негов потег ќе има во иднина. Според тоа, она што ни се случува денес г-динот Георгиевски тогаш мораше да знае. МораШе да знае тој потег какви импликации ќе има во денешен развој на настаните. Од тој аспект говорам. Во Македонија нас не задолжуваат луѓето кои што го чуваат заклучните работи во државата. Јас не говорам дека тоа било лошо. Немам право, бидејки тоа е негово мислење, но мора да го брани тој свој став. Зошто вчера говори дека не сакам за таа работа да разговарам. Ако веќе го промовира Косово за свој сосед. Ако е така, петти сосед, извинете сосед се знае што значи, со статус државен и меѓународен. Ако е така, тогаш денес не може така да се однесува со двоен аршин и двоен стандард. Ќе ја признае својата грешка, извинете господо, тогаш згрешив. И, тоа е човечки, во политиката, како и во животот се прават грешки. Меѓутоа, ако е грешка чесно е да се каже да се признае бидејки тоа иде на контото на секој од нас што се бавиме со оваа многу ризична професија што се вика политика. Според тоа, сега разговараме за потезите на нашиот премиер на македонската Влада. Тоа е денес во фокусот на интересите, Владата на Република Македонија. Она што било минато, извинете, немојте, јас воопшто не се согласувам со вашата теза и вие тоа го правевте или вие хипотетски , а да бевте вие што ќе направевте. Јас да ви кажам, да бевме ние, пак е хипотетски, немаше до ова да дојде. Тоа ви гарантирам, бидејки јас тоа гарантирам. Дали така ќе биде со партијата, тоа е друго прашање.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете г-дине Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Г-дне Петковски воопшто не е разговор Владата на Република Македонија, денешната седница, туку е резолуцијата или декларацијата на ова Собрание , со која треба да се осуди резолуцијата на косовскиот парламент. Сега ако дискутираме, колку што вас ве разбрав, по се проблемот за сето ова што денес ни се случува и за кое ние денес заседаваме е приемот на Хашим Тачи со г-динот Георгиевски. Тоа е единствеанта причина. Меѓутоа, дали за вас не е проблем дека и со Косово и со Република Македонија години наназад се случува нешто во меѓународната политика. Дали треба да ве потсетувам дека РМ до ден денес нема свое уставно име во светската јавност односно во светските институции. Дека сеуште сме БЈРМ, некоај недефинирана држава. Значи, поранешна Република Југославија. Да ве

потсетам дека по налог на таа Меѓународна заедница ние си го сменивме и сопственото знаме кое овде овој парламент го утврди. Донесовме знаме, исто така, и тогаш сменивме како и сега два амандмани во Уставот со кои кажавме она што сакаше Меѓународната заедница. Кажавме дека нема да се мешаме и т.н. Нели е тоа , кажав и во својата дискусија и сега ќе го повторам, 10 години немавме договор за разграничување со СР Југославија, кои беа причините и дали и тоа не е проблем. Не е ли проблем што во Косово односно во СРЈ се случи косовска криза, па имавме бегалци и т.н. Зарем е само причина Хашим Тачи што дошол во Македонија.

Второ, дали не е проблем што и ден денес , сега и Грција ќе ја спомнам, немаме некаква спогодба со која што ништо не сме регулирале. Ајде тоа што владата на СДСМ, кога Вие гарантирате дека се владата на СДСМ ќе расчисти, зошто тоа не го расчисти. Еве, ние не го расчистивме. Дали тоа зависи само од оваа влада, од Љубчо Георгиевски или зависи малку и од некоја друга светска политика. Па, немојте да бидеме наивни. Која е Република Македонија со два милиони жители, која во целиот овој период покажува максимална координација со Меѓународната заедница. Спремна е да разговара за се, но за жал, наидуваме на одредени ѕидови. Тоа што ние дискутиравме е едно, сега дискутираме сосема друго. За 1998 година ќе дискутираме на избори, има време , колега стрпете се. Зборот ми е за она што сега го дискутираме. Исто така не е ли проблем г-дине Петковски она што сега, да речеме, Бугарија не не признава како народ. И, сега, кога ќе ги склопиме сите овие работи, чувствувате ли дека ова што се случува во РМ е причина Хашим Тачи и Љубчо еоргиевски и ништо друго. Мислам дека, навистина не држи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барам реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие кажавте што кажавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Со кое право ми одземате збор, ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете г-дине Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, сигурно во оваа сала е речено се за оваа декларација, само мислам дека има место и уште нешто да се каже, бидејки од почетокот за нас не е јасно зошто оваа декларација во Собранието на РМ, Мислам ако го прочитате текстот на декларацијата за состојбите на дел од северната граница на РМ кон СР Југославија, се гледа дека текстот не одговара на тоа што ние сакаме, што е содржината на самата декалрација. Бидејки, не постојат проблеми односно немаме некоја состојба за коај треба да донесеме декалрација. Декларацијата требаше да гласи за договорот за границите меѓу Република Македонија и Југославија односно декалрација против резолуцијата на косовскиот парламент. Потоа, да знаеме зошто имаме декалрација, а так атоа не е. Мислам дека тој кој ја предложил, сигурно не мисли за текстот на декалрацијата, колку што мисли и да даде една провокативна димензија на оваа декалрација. Кога велам провокативна димензија , не мислам сао кон албанците, кон Косово, туку мислам кон сите фактори во РМ. Значи, има повеќе димензионапна провокација. Една е за обичниот граѓанин во РМ, на народот кој пати, кој има социјални проблеми, да се каже дека сме толку многу загрозени и да молчат, да чекаат што жалиме, а тука не се издвојуваат ниту албанците, ниту македонците. Ние, имаме среќа што обичниот човек во РМ е многу чесен и добар.

Од втора страна, мислам дека оваа Декларациај се злоупотребува во прв ред од самите политички апртии односно служи како еден шлаг за рејтинг за следните избори кои доаѓаат. Не можам да кажам дек ане е така бидејки партијата на власт на пример, зборува дек атреба да имаме една студена војна спрема соседите односно министерот за надворешни работи има такви изјави кои не доликуваат на една дипломатија на една макар скромна земја односно чесна земја. Сакам да кажам дека изјавите се во функција на една нова состојба , што не е прифатлива ни за соседите каде живееме. Во овој момент мислам никој не го сака конфликтот во РМ, па ниту соседите. Во тоа треба да бидеме малку повеќе свесни.

Од трета страна, една димензија на декларацијата е да се привлече вниманието на меѓународнито фактор, да се каже дека толку многу сме загрозени од овие кои се околу нас и ние мораме нешто да правиме. Мислам дека без оваа декалрација по нормално ќе се живееше односно ќе беше во РМ за оваа причина. Ќе кажете соседно Косово има донесено една декларација односно резолуција и тоа е точно. Таму има донесено декларација за неделивоста на територијалнито интегритет на една територија. Тоа секој парламент има право на тоа, така што и

ние имаме од порано , може би и денеска имаме такво нешто, а имаме право и во иднина. Како што ние имаме право, сигурно имаат право исите други да имаат нешто такво. Тоа не треба да биде толку спорно. Сигурно, не треба да биде спорно. За нас, во Макеоднија, сигурно е спорно точката 6 на косовската резолуџија, каде пишува дека не го прифаќаат овој договор за утврдување на границата односно за разграничување на РМ со СР Југославија. Дали сега во овој момент можеме нешто повеќе да направиме, сигурно е тешко, бидејќи тој акт веќе е донесен во косовскиот парламент. Значи дипломатијата можеби требаше порано да инсистира на такво нешто да не дојде . Но , веќе ако е дојдено до тоа, не ни помагаат овие наши декалрации во овој момент. Што треба да Се прави во овој момент. Сакам да кажам Д9ка и на почетокот ког аимавме договор со Југославија за границите, а и денес цело време грешиме ако не даваме да Се вклучат во оваа проблематика и косовскиот парламент односно претседателот на Косово односно премиерот на Косово. За нас, во оваа сала тоа е мапку тешко, бидејќи сите мислиме Дека тие Не заслужуваат да стават потпис за некои договори со Македонија, дека се под протекторат, дека немаат власт. Сакам да кажам дека волјата на еден народ, кој е сосед со нас, сигурно сака за границите да биде сам потписник. Тоа е што е, актот на парламентот на било кој парламент е акт на една волја на тие граѓани. Ние мораме тоа да го почитуваме. Како ќе го почиртуваме тоа е наш проблем и сигурно ќе најдеме методи за такво нешто. Некој ќе каже како да не бевме во една земја каде бевме сите браќа, имавме братство и единство, имавме еден заеднички Устав и тогаш прифативме сите да бидеме исти. За многумина од вас сигурно не знаете дека позитивното право на Косово односно во Косово е сеуште тоа старото законодавство. Значи законодавството до 1989 година плус ова ново што се креира. Само во Косово како останат дел на Југославија, имаме уште и понатаму општествена сопственост , што значи сеуште нема трансформација на капиталот односно се е во тек и не е решен проблемот за многу работи, така и за границите.

Членот 5 од Сојузниот устав односно Уставот на СФРЈ од 1974 година гласи: Траницата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не може да Се Менува без согласност на сите републики и автономни покраини". Зарем има нешто лошо толку да се плашиме дека ако се вклучи и една бивша покраина дека ќе биде толку страшно за интересите на Република Макеоднија. Сигурно не.

Второ, ако мислите договорот дека не може да има некој трет потпис на овој договор и тука ќе грешиме, бидејќи се кажува во членот 271 од старитот Устав: "Меѓународните договори од кои произлегуваат посебни обврски за една или повеќе републики или автономни покраини, се склучуваат со согласност на надлежните републички односно покраински органи".

Значи, и овде немаме нешто страшно. Нормално ќе беше да се договориме пред да дојде оваа незгодна ситуација и мислам дека тоа што и не по вкусот на Владата на Косово, тоа една голема грешка на РМ што дозволивме такво нешто да се појави прашање . Во Косово има високи функционери кои рекле дека не е тешко да се договориме за гра-ницата со Македонија. Не е тешко ако е тоа од геостратешко значење. Значи волјата за договор меѓу Косово и Македонија постои. Така што, не сакам да се плаши народот дека ние сме пред една нова војна. Војната ќе биде и ќе има војна само ако нашата власт ја сака војната. Бидејќи, од страна на Косово, од страна на другите соседни земји е невозможно да имате војна од прв степен, да се загрози Македонија. Може да има инциденти, може да има провокации, може да има се, но во целина апсолутно неможе. Вие сите знаете дека Косово е протекторат, сите знаете дека во Косово има повеќе од 40 илјади Нато војници. Ако тие дозволат да има војна , тогаш значи ниту албанците , ниту македонците немаат сила таа да ја запрат. Затоа, не треба народот да се плаши , бидејќи војната е нешто надминато. Оваа војна настана поради некои бизниси. И тие бизниси, ако сака некој да ги повторува се плашам дека можеме самите да бидеме провокатори на војна. Сигурно и вие знаете, а јас знам нешто, дека во една блиска иднина , во Скопје ќе се организира една конференција, каде што ќе се утврдуваат овие проблеми, односно утврдувањето на границата со соседните земји. Значи, и тука сигурно ќе биде некој што ќе биде надлежен за потпишување за состојбата на границата меѓу Македонија и Косово. Сакам да кажам дека не треба да се плаши народот , да не се мисли на лоши работи , бидејќи таа граница дали ќе биде 10 км. натаму или наваму за нас е веќе сеедно. Ке имаме граница меѓу Косово и Македонија и сакаме

да имаме стабилна граница, сакаме да имаме добри односи. Ако вие мислите дека со албанците треба да имаме студена војна, дека албанците не се фактор на балканот, мислам дека тоа ќе биде на заедничка штета на албанците и на македонците, а во корист ка некој трет. Сега, кога неможеше да се разговара, преговара со косовските лидери, односно со институциите на Косово, а и немаше за тоа ограничувања, можеше за тоа да се расправа  Ние немавме слух за еден нов договор со косовците. Сакам да кажам, сите знаете дека мандатот на УНМИК  не е да се повлече територијата на Косово, мандатот му е да го држи протекторатот на целата таа територија на границата од 1974 година. Ништо повеќе не бара од тоа. Тоа што се случи се случи. Јас мислам дека треба да бидеме по храбри и да прифатиме еден ден нови разговори. За тие нови разговори, ќе најдеме луѓе кои што ќе прифатат тоа што е реално. Тоа не значи дека нема да се прифати ова решение како што е. Само ќе биде во интерес на :.РМ да не сужи како некој долгорочен проблем меѓу Македонија и Косово.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ!:**

Има збор г-динот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитувани пратеници,

Познат е ставот на национал демократската партија, а задоволство ми е уште еднаш да апелирам повторно дека ако постои општ европски консензус да не се менуваат границите по пат на сила, тогаш границите да не бидат"камен на раздор" , мора до тој степен да се релативизираат, да бидат симболично означени на географските карти. А во практиката, во секојдневната комуникација на граѓаните од обете страни на таа граница , воопшто да не чувствуваат пречки или било какви непријатности. За да се случи вакво нешто уште на почетокот од градењето на независноста на Македонија,овој Парламент трсбало да донесе декларација или резолуција , со која би се изјаснил дека во интерес на мирот и стабилноста на Владата и регионот, РМ нема да ги околчува границите, без согласност и договор со своите соседи.

Како што е познато, од четирите страни, проблемот се појави околу зацртување на границата во делот кон Косово. Колку неразбилливо , толку и симтопатично е за нас, брзоплетоста со која сакаа македонските авторитети да ја извршат таа работа, договарајќи се со сосема надлежни фактори за тој дел на границата. '.Рековме тогаш, велиме и сега дека за да не се креваат тензиите по ова прашање неопходно и задолжително е властите на РМ да преговараат со легитимните органи ан власта на Косово. Парламентот на Косово донесе сосема легитимна резолуција, со која ја изразуваше волјата на народот кој ја претставува за целовитоста и непобедливоста на границите на Косово. Како израз на таа волја, ние можеме само да ја поздравиме. А ако некој наш наоѓа нешто спорно во таа резолуција , единствен начин за елиминирање на контекстот е да иницира преговори со вистинската адреса на носителот на суверенитетот , а тоа се привремените администратори на ОН и претставниците на легитимно избраната власт од граѓаните на Косово Сета недоследност кон овој принцип неможе да се свати на друг начин, освен предизвикување на конфликт кој респектира длабоки тензии и меѓуетнички судир внатре во Македонија. Иако сите се залагаме против таквите окмфликтни ситуации. Па затоа, политички гледано оваа декларација потполно ја отфрламе како непотребна. Апсурдни се некои ставови преку кои на менторски начин се сугерира како и што треба да работат институциите на системот на Косово, што го сметаме за грубо мешање во внатрешните работи на таа земја. Поврзувањето на резолуцијата и рамковниот договор од Охрид во негативен контекст, како и квалификацијата на истата резолуција како агенс на негативните и експлозивни состојби во Македонија е класичен пример до какви апсурди може да дојде параноичната имагинација. Наместо декларација со други инсинуации и клевети упатени кон институциите на Косово, во име на мирот и добрососедството, предлагам предлагам формирање на комисија, која под итно ќе подготви преговори со авторитетите на Косово за конечно да се корегираат актите на игнорирање на институциите на власт на една соседна држава, или  што е полошо игнонирање на меѓународните институции, како што се ОН, чиј член не е и РМ, или НАТО во чии структури се заинтересирани сите во државата, за што побрзо интегрирање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Ванчо Чифлиганец.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, и почитувана Влада на РМ која моментално не гледа на екранот.

Ова прашање со право се поставуваше од страна на добронамерни и

недобронамерни субјекти и поединци, а морам да кажам и јас тоа го почувствував како пратеник во овој законодавен дом дека ни одзеде многу време, многу наметнувања принципиелни, а сигурно во таа принципиелност и непринципиелни однесувања меѓу политичките партии и меѓу нас овде субјектите. Замислите, вчера изгубивме неколку часови а сега дупло повеќе каква енергија се троши од пратениците, од поединци во Владата на РМ, а да разговаравте за тоа и да го искористевме за структурните реформи, за стопанството, за нови технологии, односно за актуелната економска состојба во РМ. Сакале или несакале, уште еднаш се потврдуваме по кој знае пат дека овој законодавен дом е крајнонепродуктивен, крајно нерационален , односно крајно ирационален.

Што се однесува до прашањето , морам како пратеник во овој дом да кажам без разлика што мојата партија не е на власт јас, мојата земја ја подржувам и сакам овој народ да чокори успешно. Но дали се такви политичките косталации и политичко однесување, тоа ние го обезбедуваме. Дали македонскиот народ, односно македонската нација заслужува да има таков третман. Кога велам македонската нација, не мислам само на македонската националност, туку на сите националности, македонска, албанска, турска и другите народи кои живеат во Македонија.

Зошто тоа го велам?

Се прашувам во овој Парламент јас како пратеник од опозицијата на СДСМ кога НАТО агресијата, со таков термин овде ние се однесуваме, ние на тој термин велеме дека е наша интервенција а не НАТО агресија. Не е толку битно дали е НАТО интервенција или НАТО агресија, битно е злото што беше присутно во овој дел на Балканот, пред се, мислам на Косово, Србија, односно Југославија, па и поголемиот дел од Македонија тоа го чувствуваше. Дали нашите рамноправни почитувани граѓани од албанската националност и популација заборавија дека за косовската криза, не беше доволно овие два народа, овие две националности од македонската и албанската , наредните пет години војната историски ги спои. Имаше 350 илјади бегалци , домаќин директно беше македонскиот народ. Македонскиот народ во тоа време ја претавуваше и сегашната и тогашната актуелна власт. Зарем треба тоа гостопримство во границите на нашите можности да се заборави за година или две. А замислите, ис-тиот тој народ дали 1 дали 2%, луѓе кои физички не се присутни меѓу нас, а 100% се истите политички лидери и на Косово и во Македонија. И во позиција и во опозиција нивниот состав и овој Парламентарен дом. Значи, ние сме дали максимално како Македонија како граѓани, а за кратко време од спротивната странина тоа ни се враќа од Косово. Истиот е тој г-дин Хашим Тачи, тогаш премиер, кој беше таму, кој одеше во Македонија се зборуваше доволно на кое ниво се пречекуваше. Дали требаше или не требаше, а меѓутоа кога бил на спротивната страна, барем за она ниво за едно ниво а можеби и повеќе се градираше повисоко барем тие гостопримства и потези кои не се познати во меѓународното право, меѓународната дипломатија, но тоа Македонија, а пред се , на минус на извршната власт на г-динот Георгиевски го направивте. Тоа преку ноќта историски гледано го заборавија. Мислам дека треба и нашите колеги, кои многу ги почитувам, гледам рамноправно без разлика на нивната припадност, дали се од македонската или албанската не треба тоа да го забораваат затоа што и позиција и опозиција го покажувате. Јас сакам да кажам до колегите пратеници од албанската националност добронамерно. Зборувам од лично мое име , па и од името на пратијата на која припаѓам дека ние од албанската популација што ги претставуваме во институциите на власта, пред се на законодавната во Парламентот, во извршната власт, колегите пратници и колегите политички лидери од албанската националност никаков државотворен акт што значи независна самостојна држава на РМ не се произнеле. Тоа е веќе крајно некоректно и симтоматично.

Прво, кога беше референдумот за осамостојување на РМ.

Второ, пописот на граѓаните на РМ се бојкотираше , трето, четврото и тн. Но последните 12 години во институциите на државата, во законодавниот дом во Парламентот, во правосудството и тн. рамноправно учествуваат и албанската националност. И треба, во тоа не завлегувам. А континуирано, можеби малку повеќе, но 50% од македонската популација и националност преку своите политички групации не седиме во овие парламентарни клупи и не седиме околу Љубчо Георгиевски. Јас не велам дека треба да седиме. Но ако потојано македонската држава, македонската популација има слух, чувство, совест на албанската популација да учествува за изградба на оваа современа македонска држава зошто на некој и тоа на

сметка на македонската популација на македонската националност.

Нека ме извини господинот Фетаи, зарем од многу пратеници, членови на СДСМ и од мене е поспособен да биде министер за економија или да биде во Агенцијата за приватизација и тн.? Напротив, за сметка на развојот на економијата, градејќи меѓуетнички добри односи ние тоа го преголтнуваме. И сега да немаат време принципиелно, со цел респект што се грижат за своите сонародници, за своите граѓани од иста национална припадност на Косово, да кажат господо, ние тоа и тоа го оправдуваме, но резолуцијата што е донесена од страна на претстанвичкото тело на Косово, во овој момент нема тежина, нема оправданост и не ја поддржуваме.

Мислам дека за тоа треба да се замислиме како добронамерни граѓани на Република Македонија, дали македонци, албанци, турци и тн., не е битно. Како добронамерни. Што е лојалноста? Што е патриотизмот? Да ја сакаш територијата, државата, нацијата во која ги добиваш сите благодети. Зарем може господинот Георгиевски да го заборави потегот, однесувањето на неговите министри, пред се мислам од ДПА во Владата на Република Македонија кои скоро четири години партиципираат? Зарем треба едно господин Замир Дика демонстративно, со дел на негови добронамерни кажувања да ја напушти седнипата на овој законодавен дом? Значи, кога му треба Република Македонија, кога му треба Владата на Република Македонија на чело со премиерот Георгиевски, во ред. Но, кога е член на Управен одбор од ТЕЛЕКОМ кој зема повеќе работнички македонски плати, а кога треба да изгради голем патриот, да мисли за своите граѓани од албанската националност, јас со вас не се согласувам. Тоа, господо, е прашаше на овој законодавен дом без разлика дали сме од албанска припадност, македонска и тн. Затоа што тој однос вродува еден нов феномен во Југоисточна Европа, на Балканот. Тоа е онаа елита, политички елитизам, значи само да си ги гледаме политичките партиски врхушки, а народот нека пати од нашите однесувања. Тука не мислам само на македонците туку се мисли на голем број албанци, а пред се мислам на македонсхата популација, националност во Македонија што е присутна.

Затоа, Република Македонија, нека ме извинат, не смее да биде крава молзница од една страна, а од друга страна ништо да не се дава. Такви двојни, тројни, десетоструки однесувања на Република Македонија не водат кон никаков интерес, без разлика на која партија и нација припаѓаме. Затоа што реков, 12 години сите националности, а посебно со посебен респект кон албанската националност се респектираме. За неполни пет или шест години се родија и немам никаква дилема дали треба или не треба, универзитет еден, универзитет втор, без еден денар, марка, долар да издвои некоја политичка организација или граѓанин. Тоа го даде Европа за Македонија, а Македонија за своите рамноправни почитувани сонародници, без разлика од која националност, а во оваа конкретна смисла ние направивме во една мала држава што ја поминуваш за час и половина еден универзитет, два универзитета, три универзитети, Каде има во светот универзитети од таков тип, за два милиона граѓани да има три универзитети?

Затоа сега се поставува прашањето дали ние декларацијата ја поддржуваме? Јас, како пратеник мислам дека содејствувам во овој Парламент со електоратот што го застапувам, околу 20 илјади гласачи, ќе ја поддржам, без разлика на поединци стрелци. Друго е наука, друго е теорија. Друго е субопарно гледање, а друго е пракса. Овој Парламент треба да се произнесе дека ние со резолуцијата донесена од претставничко тело не се согласуваме. Ако замолчиме, утре историјата ќе не осуди, ќе рече каде се официјалните легални инстктуции на Република Македонија? А, што затаила извршната власт, Владата на Република Македонија, затаила. Сега, Парламентот не треба да затајува.

Од ова место сакам да проговорам, како Парламент тука имаме поголемо единство. Без разлика дали се партиите во опозиција или позиција и многу ми е мило што поедини партии, сега да не ги спомнувам, до вчера друго мислеа од утринава гледам поединци, веројатно тоа е ставот на Партијата, веќе се приклонуваат кон декларацијата потпишана од страна на поголеми партии, на помалите партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.

Очигледно, надворешниот фактор работи. Дел од надворешниот фактор работи против Република Македонија. Во едно време работи еден сосед, не сакам сега да ги етикетирам, во друга форма, друго време е друг сосед, во друга форма и тн. Некој јазик, некој култура, некој идентитет, економија, вештачки-невештачки, очигледно нас не негираат. Сакале или не сакале, оваа современа македонска држава опстојувала повеќе векови, а посебно во

последниве 50 години, во последниве 10 години ние сме независен самостоен субјект, држава. Тоа не можеме да бегаме од тоа, но тоа не значи дека нас, Меѓународната заедница не не поддржува. Кога велам Меѓународна заедница мислам на ЕУ, мислам на ОН, на НАТО и другите светски организации што имаат големо влијание на севкупното европско и светско уредување.

Но, го поставувам прашањето дали во последните години, не сакам да ме сфатите погрешно, дали партиите на власт, пред се мислам на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, не се приклонуваат кон оние што не сакаат да постои Македонија? Не велам директно. Индиректно. Свесно или несвесно. Замислете ги односите во извршната власт, во Владата на Република Македонија. За ова суштинско, суштествено значајно стратешко прашање Владата на Република Македонија треба да заседава перманентно. Прво, лидерите на партиите што ја сочинуваат извршната власт, ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, мислам на господинот Георгиевски и господинот Лрбеп Џафсри, до кога ние, како извршна власт, кои го содејствуваме целокупниот народ на различна партиска и национална припадност од два милиони луѓе во Македонија, не сме на линијата на интересите на македонските граѓани, и албанци и македонци? Не може еден лидер на партија кој има повеќе ресорни министерства, одговорни, повеќе да биде присутен околу Македонија, отколку во Македонија. Повеќе да биде присутен господинот Џафери во Приштина, отколку да биде заедно со мандатарот, односно премиерот во Владата на Република Македонија за овие чувствителни прашања. До кога на нас пораки ќе ни се праќаат преку медиумите за информирање или преку другите, надвор од границите на Република Македонија? Тоа е господо, стратешко прашање, за нас, овде, пратениците?

До кога ние, овде, македонците, кога велам македонци мислам и на останатите националности, ќе бидеме алчни, лакоми само да бидеме премиери, министри, потсекретари, секретари и тн.? Тоа не може од мојата глава, од мојата одговорност, од мојата совест да побегне. Да во една Влада на Република Македонија со месеци не можат да се соединат и да поразговараат за ова прашање. Ова прашање требаше овде да се наредат господинот Георгиевски, господинот Џафери, господинот лидер на партијата потписник на Рамковниот договор имери, потписникот на СДСМ и тн., да ги видиме министрите за правда, замениците министри за внатрешни работи кои до вчера им се доделуваа признанија и тн. Тоа се легитимните субјекти што треба да го бранат територијалниот суверенитет на Република Македонија.

Сето ова е декларација. Ова е декларативно, во "демагошко однесување". Ние можеме сите да бидеме единствени а пак Република Македонија да ја немаме. Ако извршната власт не е на линија на она што го правиме.

Затоа сега го поставувам прашањето, во чие име господинот Георгиевски вчера се обрати кон Парламентот, а со тоа и кон македонската, европска и светска јавност? Морам да кажам со свои забелешки, јас кога би бил на местото на господинот Георгиевски, таков говор не би одржал. Зошто? Во тој говор комплетно контрадикторно настапи според неговите лични постапки, на Владата и на партијата на која припаѓа.,До вчера зборувавме дека најдобриот сосед, стопански, политички и тн. не сакам да повторувам, не сакав да ги именувам субјектите, сега одеднаш дека тие се наши непријатели и тн. До вчера зборувавме дека Македонија има жестока, огромна поддршка од Меѓународ-ната заедница, преку ноќ - ја нема Меѓународната заедница, или дел од Меѓународната заедница. До вчера велевме, се смеевме оаза на мирот, дека е мирно, сега, замислете господо, ние зборуваме дека за 10 години треба да се подготвуваме за војна. А, сакаме да седиме во овие парламентарни клупи и да бидеме челници во државниот врв. Тоа е апсурд. Го нема и во Слонова Коска, во Јужноафричката Унија, нема место на Земјината топка некој политичар тоа да го каже, субјект. А, од друга страна се сметаме за реформатори.

Господо, Политичар, кога велам политичар мислам и од месна заедница некоја политичка функција кога би измислил, мора да знае што го чека во тој момент, што го чека следниот час, утрото, месецот, годината. Ние, господо, ако мислиме дека 10 години треба да имаме макотрпна одбрана со било кој сосед, реков дека не ги оправдувам соседите, зарем мислите дека ние имаме уште 10 телекоми, уште 10 електростопанства или 10 ОКТИ? Македонската економија е истоштена. Трговскиот дефицит се зголеми до пола милијарда долари. Јадеме сега од она што го купивме, јадеме од грантовите, од неповратната помош или кредитите што ќе ги враќаме после 15 години. Со кое лице, јас, господинот Георгиевски го прашувам,

може пред овој законодавен дом, тоа не смее да го каже ниту пред најнеинформираната, неупатена месна заедница на политички митинг? Со сите респекти што се преземаат. Но, ова да го каже актуелен премиер на Владата на Република Македонија, мислам дека не заслужува внимание.

Кој нас не призна за самостоен државен субјект, држава? ОН, Меѓународната заедница. Па ние имаме најголема помош од ЕУ, од ОН, од НАТО и тн. Замислете ако дојде ред да седнеме да расправаме со нашите комшии дали треба да бидеме држава онаква каква што сакаме? Јас, зборувам од мое име, не од СДСМ, за кратко време нема да бидеме ние самостојна независна држава, субјект. Затоа што тие многу полесно ќе се договорат за нивните државни, национални интереси одколку нас да не вклопат во тоа. Немојте, ве молам. До вчера дававме изјави пред Олбрајт дека Македонија беше 70 години под ропство, под тој и тој, а сега велиме не ни треба ниту еден од меѓународниот фактор за интересите на македонската нација и држава. Ве молам. Мислам дека тоа е крајно некоректно.

Мислам дека извршанта власт, во овој момент, со комплетна поддршка, еве јас, како пратеник, со нашата подготвеност, знаење и умешност, способност на било кој план, нека водат политички потези, ние ќе се бавиме со економија, со стопанство, но такви потези, такви изјави, такви јавни настапи на ниту еден не се потребни. Дали е од опозиција или позиција. Но во овој момент, господинот премиер, Георгиевски мислам дека не треба.

Луѓе, зборувам за мене, ако мислиме дека ние симпатиите на народот ќе ги сведам, сега, јас за да зборувам за Ајник, претходниот амбасадор на Америка, да го негирам и тн. затоа што имам аргументи нешто да какат и негативно, мислиме дека ќе речеме еве цел свет, цела Европа, сме појаки, и со тоа симпатиите на народот ќе ги добиеме. Мислам тоа е погрешна теза дали од позиција, дали ќе го каже опозиција, дали ќе го каже Ванчо или претходниот дискутант и тн.

Добро рече еден дискутант од партиите на власт, ние сме два милиона луѓе. Ние можеме да опстоиме со такви комшии какви што се, со добра, мудра политика, со визионери. Можеби не после 100 години, но после четири години да гледаме, после осум, после 12 години, тоа што ќе го кажеш пред јавноста кога ќе ги добиеш изборите, барем за тие четири години да се одржи.Немојте, ние треба да кажеме, го поставуваме нашиот човечки легитимитет, нашиот капацитет, дали даваме придонес. Јас можам да го фалам мојот лидер, координаторот итн. Можам да го фалам и премиерот. Меѓутоа актуелен премиер, јас ќе бидам до крај уште покосенквентен кога би припаѓал на партијата на која припаѓа тој. Но, еве сега, да не испадне дека сме критизери, критичари, не би го направил тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам за декларацијата.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Декларацијата, кажа, ќе има своја смисла ако институциите, пред се мислам на извршната власт, функционираат онака како гато е зацртано во Уставот, во законите.во прописите. Понатаму не сакам да слушам дека има недоразбирања во државниот врв меѓу поедини министри. Мислам дека е редно единството, да не го парафразирам македонското национално единство, туку принципиелно единство, да опстои овој народ, оваа држава, е неопходно. Затоа што иис , тоа го зборувамс, по пракса тешко се остварува. Не може дијаметрални размислувања, мислења да има претседателот на државата, да има претседателот на Владата и министерот дали за надворешни работи или друго ресорно министерство.

Апелирам од ова место, најдете заеднички јазик во интерес на граѓаните на Република Македонија. Имајте единствен став да ги влечете потезите.

Затоа мислам треба да размислиме што понатаму како Парламент. Секоја декларација што носи добро кон Македонија, без разлика која партија е на власт, ќе ја поддржам. Затоа што Македонија нема повеќе македонски синови да паѓаат, да гинат, туку напротив, има македонски синови кои можат да работат во интерес на сите грагани на Република Македонија. Такви грешки во наредниот период не ни требаат.

Затоа апелирам, покрај подготовката за било каква одбрана, ние треба да бидеме визионери, умешни, способни, секој во своите рамки, во својата функција што му е доделена, да ја обавува.

Јас, на крајот, толку. Како пратеник ја поддржувам декларацијата, а резолуцијата од претставничкото тело на Косово ја осудувам.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Уште Талевски Александар па ќе дадеме пауза.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

За да може да се сфати сериозноста на моментот и сериозноста на политичката порака што Република Македонија ја доби со изгласувањето на декалрацијата од страна на привремениот косовски Парламент, треба малку работите да ги разгледаме station наназад и ќе дојдеме до еден конечен сериозен заклучок. Имено, самата криза во Република Македонија започна во моментот кога ние како Парламент го ратификувавме Договорот за границата со Сојузна Република Југославија. После два дена започна воениот конфликт во Република Македонија. Сето тоа беше така добро режирано како круна на воениот конфликт во Република Македонија да биде Охридскиот договор што беше поддржан од сите релевантни политички партии во Република Македонија вклучително и албанските партии.

Дури имавме една еуфорична изјава од еден почитуван голега пратеник од албанската националност кој кажа, цитирам "многу политичари, многу луѓе во Република Македонија се прашуваат каде е крајот на албанските барања во Република Македонија. Е, па, крајот на барањата на албанците е со донесување на Охридскиот договор". Тоа, меѓу другото даде соодветна политичка храброст да го донесеме тој Охридски договор, да ги направиме бараните промени во Охридскиот договор, бидејќи бевме убедени дека крајот на барањата на албанците е со имплементирање на Охридскиот договор.

Но, тоа што следуваше после тоа, за жал, жестоко не демантираше во сето тоа. Имено, анализирајќи ја целата состојба во Република Македонија, во тоа време, однесувањето на политичарите во Република Македонија и особено однесувањето на Меѓународната заедница ќе видиме дека одредени делови што беа условени со носење на закони од Охридски-от договор, особено од политичкиот дел што ги претставуваат албанците во Република Македонија, не го следеше баш темпото на донесување на тие закони. Состојбата не се смири целосно, раселените лица не се вра-тија во своите домови, границата не стана цврста и ред други проблеми. Барањата се множеа, ги менуваа само своите основни постулати, а инаку старите барања останаа исти и тн. и тн.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕСКИ**: (Продолжение)

Конкретно, развојот на проблемот со границата на Република Македонија односно утврдена со Ратификацијата која што ја донесе Парламентот на СР Југославија почна со една мошне несреќна, а јас би рекол добро осмислена изјава на еден американски генерал во составот на УНМНИК, која што неколку пати беше овде цитирана и јас намерно Ќе ја цитирам повторно, затоа што тоа е почетокот на проблемот и ја покажува насоката на дејствување на Меѓународната заедница и она што ние треба да обрнеме мошне големо внимание. Имено, тој генерал велеше Дека границата е релативна работа, дека дури со своите сили ќе ги обезбеди албанските фармери да работат од оваа страна на границата итн, итн. После тоа следуваше една жестока дипломатска активност од страна на Република Македонија, Советот за безбедност на ОН го потврди правилниот став на Република Македонија, ја потврди важноста на ратификацијата на Договорот, ја потврди неповредливоста на границата која што за прв пат беше оспорена од страна на еден припадник на НАТО.

Имајќи го тоа во предвид, имајќи ја во предвид брзата реакција на нашата дипломатија, имајќи го во предвид ставот на Советот за безбедност, а ние во Република Македонија 6евме барем малку релаксирани во однос на таа проблематика. Но, впечатокот Дека границата е релативна работа особено за оние од таа страна на границата 6ез оглед на тоа дали Се тоа албанците од Косово или самите водители на протекторатот сепак продолжија со одредени провокации во таа насока. Сега се случува повторно еден апсурд. Имено, знаејќи ги огромните овластувања на г. Штајнер, знаејќи ја целата политичка подготовка на една ваква декларација за која што апсолутно сум убеден дека сите меѓународни релевантни фактори знаеја многу убаво каква последица ќе предизвика донесување на една таква резолуција во овој чувствителен момент кога двете страни закрепнуваат од еден воен конфликт, кога се имплементира Рамковниот договор со мошне силна и меѓународна поддршка или притисок. Значи истата таа заедница сигурно беше добро информирана и сигурно многу убаво знаеше што ќе се предизвика. Она што

мене ме мачи и она што јас не се сложувам со дел од моите почитувани колеги дискутанти кои што велат дека премногу се напаѓа Меѓународната заедница е следното.

Знаејќи го сето тоа се поставува прашањето зошто не беше спречена воопшто да се донесе таква резолуција во Косовскиот Парламент. Имено, сето ова е последица од постапката на донесување бидејќи формално правниот аспект некои стручњаци го објаснија, како и постапката на г. Штајнер, која што дојде по поништувањето на таа одлука јас се осврнувам строго на политичката димензија на таа декларација. Она што мене ме плаши е тоа што ми створа одреден сомнеж е прекутната дозвола на Меѓународната заедница до парламентот на Косово да донесе една таква резолуција без оглед на тоа што таа после тоа е поништена. После некое време година, две, пет, десет, не е важно протекторатот во Косово ќе престане и во тие моменти политичките сили можат сосема слободно да се повикаат на историјата и да кажат дека тоа време е донесена некаква си декларација за границата. Затоа мислам дека е неопходно нашиот парламент соодветно да реагира на сето тоа.

Исто така, ја повикувам Меѓународната заедница која што во овој случај за сите аналитичари кои што знаат да ги прочитаат работите не ја изработи работата како што треба односно со своето инфериорно однесување дозволи да се донесе една таква декларација, а постфестум да се укине, истата таа Меѓународна заедница може да ја покаже својата поддршка према Република Македонија која што мора да се признае после донесувањето на декларацијата исто така беше едногласна. Декларацијата ја осудија сите соодветни светски политички фактори, значи за да ја докаже својата добронамерност односно дека таа осуда не е проформа, туку реална осуда на таа декларација ги повикувам заедно со Владата на Република Македонија конечно да извршат одбележување на границата, северната граница на Република Македонија која што во суштина се протега помеѓу тромеѓето на Македонија, Бугарија и Србија, па се до другиот крај на другото тромеѓе.

Имено, знаејќи дека добар дел од границата поминува во еден мошне чувствителен предел, чувствителен пред се од безбедносен аспект ние како држава мораме да се ослониме на соодветната меѓународна поддршка на тој потфат, со кој што би била одбележана границата, ратификувана и цело време ќе повторувам дека таа граница е ратификувана и признаена од Советот за безбедност и сите меѓународни фактори. Јас како човек од Република Македонија се прашувам зошто тоа не се направи. Има финансиски проблеми, има проблеми кои не се пресудни, но има проблеми од безбедносни причини. Токму затоа ја повикувам Меѓународната заедница која го осуди донесувањето на декларацијата да и помогне на Република Македонија од безбедносен аспект, што покрај другото и нема да ја чини многу, затоа што од другата страна на границата имаме стационирано околу 40 илјади војници на НАТО, кои што како од шала можат да ја гарантираат безбедноста на луѓето што треба да ја одбележат границата, а во исто време од наша страна исто така имаме присутни сили од НАТО во името на Килибарната лисица, кои што исто така можат да ја гарантираат безбедноста на целата операција. На таков начин, со одбележување на границата веќе не ќе може никој да го покренува прашањето за границите на Република Македонија.

Мојот став е мошне едноставен. Некој работи кои што се јасни, кои што поминале во Парламентот на Република Македонија, кои што се потврдени од Меѓународната заедница и политичките центри на моќ ние како држава апсолутно немаме што да разговараме по таа основа. Нормално во никој случај нема да ги одбегнеме нормалните проблеми при демаркирањето на било која граница што се однесуваат на имоти кои што припаѓаат од оваа страна или од таа страна на границата и почитувајќи ги сите правила на геостратешките линии, кои што притоа треба да се повлечат. Сето тоа Република Македонија треба да го направи што поскоро за да не дојдеме повторно во дефанзивна улога во однос на проблемите што се јавуваат.

Имено, ние реагираме закаснето како држава Република Македонија во однос на проблемот, бидејќи проблемот беше направен и сега ние со сите сили сакаме да го анулираме. Почнувањето и завршувањето на одбележувањето на границата за долг временски период го решаваме проблемот со границата помеѓу Република Македонија и северниот сосед.

Слушајќи ги дискусиите на моите колеги пратеници би сакал да ја потенцирам неопходноста за заеднички пристап кон пресретнувањето на ваквите проблеми на Република Македонија затоа што се слушнаа неколку дискусии во попречни насоки. Имено, ако некогаш на Република Македонија и е потребно едно единство без оглед на политичките бои, потребни и се во овие моменти и апелирам да бидеме концентрирани кон декларацијата и кон следните чекори што треба да ги преземе нашата држава, а да не бидеме толку оптоварени со моменталната можност да добиеме било каков политички поен.

Исто така, неколку пати беше споменато и јас се приклучувам кон негодувањето поради неприсуството на одредени министри од Владата на Република Македонија, пред се од министерствата кои што се директно задолжени да ја работат оваа проблематика, а тоа се Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи. Мислам дека во најмала мерка министерот за надворешни работи мораше да биде во Република Македонија бидејќи убедливо најголем проблем државата го има во моментот токму околу таа декларација со Парламентот на Косово.

Иако премиерот на Владата на Република Македонија релативно добро ја покри таа празнина, која што се јавува со отсуството на почитуваниот министер, сепак треба навреме да се прават одредени приоритети при работењето, така да во однос на неговата работа и воопшто работата на Владата на Република Македонија би ги насочил под итно да ја почнат процедурата за одбележување на границата, нашата северна граница.

Инаку како пратеник на Македонското Собрание и припадник на владеачката партија и како човек апсолутно ја поддржувам декларацијата и мислам дека ова е најмало нешто што можеше државата Република Македонија да го направи. Во исто време апелирам за што побрзо започнување на процесот за демаркација на северната граница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Како што најавив, сега ќе ја прекинеме седницата.

Пауза од еден час. Значи, продолжуваме со работа во 17,00 часот.

(Пауза од 15,55 часот).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 17,05 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по Предлогот на Декларацијата за состојбите на делот од северната граница на Република Македонија кон Сојузна Република Југославија.

Има збор господинот Љупче Ристевски.

**ЉУПЧЕ РИСТЕВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници,

Македонскиот Парламент повторно е исправен пред една сериозна тема, која повторно се однесува на состојби кои најсериозно ја загрозуваат безбедноста и опстанокот на РМ.

На почетокот веднаш сакам да истакнам дека ја поддржувам Предлог Декларацијата на Собранието на РМ со која се реагира на Резолуцијата која е донесена од страна на привремениот парламент на српска та покраина Косово со која најостро, највулгарно се пројавуваат територијални претензии спрема РМ. Токму поради таквиот однос на овој косовски ентитет, сметам дека Собранието на РМ треба да се произнесе и да даде свое мислење и свој став по однос на состојбите околу грани-цата на РМ. Токму заради тоа сметам дека оние кои во изминатите неколк дена критички се осврнуваат кон тоа дали македонскиот Парламент треба да дебатира околу оваа тема, или оваа тема треба да се изостави во Македонскиот Парламент, бидејќи се работи за една резолуција на едно Собрание на еден меѓународен протекторат кое нема никакво правно деј-ство врз фактичката состојба со границата на Република Македонија. Меѓутоа, сметам дека таквото толкување на работите не е исправно и сметам дека токму македонскиот Парламент е местото каде што треба да сс дебатира околу вакви значајни теми.Ние во Република Македонија подолго време имаме едно искус-тво, за среќа, искуство кое го градеа генерации со ред и кое искуство е градено во конституцијата на секој македонец кон одредени вакви теми да се пројавува чуствителност и одреден страв дека некој со вакви декларации се обидува на Македонија да и нанесе огромна штета. Токму нашето лично искуство, а личното искуство е најскапо, не води кон тоа, кон овој проблем да пријдеме максихмално сериозно и аналитички за пред меѓународната заедница да излеземе со заеднички став.

Радува фактот што најголем дел од партиите кои се претставени во Парламентот на РМ, посебно СДСМ, застанаа зад оваа Декларација и се потписници на оваа Декларација. Мислам дека со вакви потези со кои ќе ја изразуваме нашата

стратегија,односно нашите погледи кон состојбите на РМ се вистинскиот пат за сите оние кои имаат идеи и планови за менување на границите на Балканот и пошироко, да бидат обесхрабрени.

Верувам дека голем број на досегашни дискутанти со право го поставуваа прашањето околу тоа која е одговорноста на Меѓународнатг заедница за оваа ситуација која во моментот е најактуелна. Мислам деке ние имаме право, пред се морално отворено да ја повикаме меѓународнатг заедница, овде пред овој македонски Парламент, да ги изнесе своите ставови и да преземе мерки, според ставовите што ќе ги изнесе, затоа што меѓународната заедница е длабоко инволвирана во случувашата во РМ. Ние сме истите тие пратеници кои под присила или притисок на меѓународната заедница го прифативме Рамковниот договор и ги изгласавме уставните промени, ги прифативме со потпис од четворицата лидери, лидерите на најголемите политички партии во РМ, меѓутоа и со потпис на претставниците од меѓународната заедница. На Рамковниот договор стои потписот на господата Леотар, како претставник на ЕУ и на Пердју како лрстставник па САД. Токму тој пивпи потпис ги обврзува прсд македонската јавност, ги обврзува према македонската држава да бидат овде повикани и за нивните постапки да положат отчет што тие направиле за реализацијата на тој Рамковен договор. Сите оние кои што со своите дискусии апелираа на тоа меѓународната заедница да не се повикува на одговорност заради овие состојби што се случуваат во регионот, сметам дека не се во право затоа што, уште еднаш ќе повторам, меѓународната заедница со потпис е обврзана да ја гарантира целовитоста, суверенитетот и спроведувањето на Рамковниот договор.

Отфрлањето на косовската резолуција секако е надвор од надлежностите на ова Собрание. Косовската резолуција се однесува исклучиво на границата со РМ. Кој друг би дискутирал, кој друг би дебатирал или одлучувал околу границата на РМ, ако не македонскиот Парламент.

Искуството кое што го имавме во минатите години зборува дека токму зачнување на вакви теми, токму негирање на одредени акти што Македонското Собрание ги донело, како што беше Уставот во 1990 година, за Устав за кој што албанските пратеници во тој период не гласаа и тоа нивно негласање, потоа го искористија за можноста во Македонија да поведат војна под закрила за човекови права. Меѓутоа евидентно беше и тогаш и сега е јасно кој за што се залага во РМ и кои се залагањата на политичките партии од албанска националност.

После донесувањето на Рамковниот договор и после сведуваењето на сметките, албанскиот фактор како алиби за започнатата крвава војна во Македонија која што резултираше со толку многу жртви, го посочи Уставот на РМ дека тој бил генератор на кризата. Токму сега оваа состојба со границата, со оваа покраина, исто така, многу налику ва на сценариото со Уставот. Се добива впечаток дека одредени политич ки структури имаат намера границата да ја наметнат како проблем, иако не постои затоа што регулирањото на границата е потпишано како две суверени држави и тој договор ратификуван во Собранието на РМ. Меѓутое сега се наметнува ситуација дека одредени политички структури во РМ не ја признаваат таа граница и во одреден момент кога за тоа ќе се создадат услови, во користење на алиби, за една можеби следна војна, ќе биде токму границата. Токму заради овие минати настани и овие тековни настани и состојбите кои што ќе следат, кај мене како пратеник и кај најголем дел од пратениците македонци, создава еден голем сомнеж дека зад ова стои едно добро организирано, добро осмислено сценарио, сценарио кое што без помош од надвор и без помош од меѓународната заех ница неможе да се реализира. Меѓутоа, искуството што го имаме со меѓународната заедница покажува дека во тие релации РМ мора да биде многу внимателна затоа што ако можеше на една суверена држава да и се наметк став и притисок таа да го промени својот устав и да направи промени вс законодавството кои драстично го менуваат државниот поредок во држава-та, истата таа меѓународна заедница, само со вербални декларации да ја отфрли резолуцијата на таканареченото косовско собрание.

Меѓународната заедница има механизми, има сили ова косовско собрание да го натера, да го седне како што не седна нас, да ја повлечат оваа резолуција и самите тие да гласаат против таа резолуција и да ја отфрлат, ако има намера сериозно да не создаваат дополнителни проблеми на овие простори. Доколку меѓународната заедница има искрени намери состојбите на Балканот да се решат, да се елиминираат жариштата на Балканот, тоа може да го направи и ние сигурно со многу поголема доверба ќе ги примиме тие нивни, за сега вербални декларации затоа штс сепак искуството и наше и меѓународно зборува дека во

безброј ситуации Советот за безбедност и НАТО и ЕУ, по одредени меѓународни проблем по однос на одредени кризни состојби во светот декларативно имале еден став, меѓутоа нивниот однос на самиот терен е многу поинаков,а посебнс таксв еден сднос е карактеристичен во РМ. Јас лично сум убеден дека меѓународната заедница ќе застене на страната на македонската држава, бидејќи од ден на ден се повидливс е дека она што досега беше под черга скриено а скриено под черга беше дека НАТО и ЕУ, меѓународни организации со така силен авторитет, со една таква голема воена и економска моќ, главен сојузник на Балканот го имаат во албанската нарко мафија.

Ако за време на кампањата односно агресијата врз СРЈ, ако за време на војната минатата година во РМ овие меѓународни фактори можеа да ги контролираат нивните медиуми и да дозираат информации такви какви што ним им беа потребни, во последно време сме сведоци на се помногубројни написи и информации во средствата за јавно информирање, како во САД така и во ЕУ, во кои се разобличува до крај главниот сојузник на Балканот, на САД, ЕУ и НАТО. Тоа е албанската наркомафија. Токму заради тоа во РМ довербата спрема овие меѓународни институции е многу мала.

Пред извесен временски период, сите сме сведоци дека од страна на НАТО добивме одредени критика заради тоа што во РМ рејтингот на НАТО е многу низок. Како последица на тоа добивме препорака РМ да работи на тоа рејтингот на НАТО да се подигне па потоа РМ посериозно да претендира за прием во овие европски, атлански асоцијации. Меѓутоа, верувајте дека не може една сериозна воена и политичка организација сојузник да има една нарко мафија која не само на просторите од Македонија, Албанија, Косово, Југославија како балканскиот регион има силно влијание, има силно влијание и во самите европски земји, затоа што нивните деца, нивните поколенија се трујат од дрогата која оваа мафија ја обезбедува за тамошните консументи.

Во оваа прилика би сакал да ја посочам мојата загриженост и заради тоа што косовското собрание резолуципата ја донесе едногласно што значи во доменот на градењето на големоалбанската идеја и кауза, ниту еден албанец нема поинакво мислење освен тоа дека границите на Косово, границите на Албанија се мали за цлеите и идеите на овие политички структури. Сведоци сме дека Резолцуијата помина со ниту еден глас против, со ниту еден глас воздржан, што е навистина многу страшнс многу страшно што во еден народ, во еден парламент да не се најде ниту еден кој поинаку мисли околу ова прашање.

Секако дека овие релации помеѓу РМ и Косово во подолг временски период ќе имаат многу бранувања со чести,повремени ексалации на состојбите. Меѓутоа, за РМ да ја изгради својата позиција околу овие прашања, македонскиот Парламент треба исто така едногласно да ја поддржи оваа декларација која декларација за разлика од декларацијата на спротивната страна е декларација со која се повикува на мир, декларација со која се повикува на почитување на меѓународното право, декларација со која се повикува на почитување на она што е договорено со меѓународната заедница, со она што е договорено помеѓу суверени држави како што се РМ и СРЈ односно Србија како претставник во таа тогашна федерација. Инаку доколку се продолжи од страна на одредени политички структури во Косово и во Македонија, во стилот што го имаат до пред една година, како промотор на кризата во РМ да се посочува Уставот на РМ, а сега од оваа говорница повторно, меѓутоа, сега за еден друг проблем, повторно се почнува по истата шема, по истиот терк дека ние на 1 март минатата година кога вие гласавте за резолуцијата ве опоменувавме дека тоа ќе биде штетно, дека со тоа може да се нанесе нестабилност, дека тоа албанците не го прифаќаат, поготово што и тогаш една политичка партија беше против ратификацијата на тој договор. Меѓутоа, денес ситуацијата станува уште позамаглена со тоа што и партијата која тогаш гласаше за ратификацијата на таа спогодба денес се повлекува од тој нејзин став и соопштува дека како партија не ја прифаќаат оваа спогодба и дека стојат зад резолуцијата која е донесена од страна на Собранието на оваа покраина која е протекторат на ОН.

Ние како пртеници на македонскиот Парламент верувам дека го делиме мислењето околу тоа дека треба да се поздрави Резолуцијата на Советот за безбедност, треба да се поздрави одлуката на господино[т] Штајнер, оваа резолуција да биде прогласена за ништожна и неважечка, меѓутоа, како пратеници треба недвосмислено и цврсто да застанеме зад тоа, од меѓународната заедница да бараме да си ги изврши своите обврски кои ги преземала спрема РМ и да го почитува потписот врз Рамковниот договор.Токму од

тие причини јас овде би завршил и ви благодрам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Вториот ден од седницата која што е закажана вонредно, по повод настаните околу Косово и Косовскиот Парламент остава дилема и за моето учество и за мојата дискусија. Меѓутоа, веројатно од одредени причини кои се викаат и некакво морално и политичко право, ќе се обидам да дадам придонес во оваа дискусија, а да не бидам предолг и да повторувам работи кои веќе се кажани.

Навистина сметам дека,како што сметав и минатата година во септември, октомври, ноември, кога се случуваше првиот циркус и понатаму сметам дека во овој момент на Македонија и е потребно, како никогаш, македонско национално единство и единство околу државноста на нашата држава.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ**: (Продолжение)

Така што сметам дека репликите и нападите во смисла на тоа кој е повеќе, кој е помалку и кој николку е крив, се бескорисни и безпредметни и не водат во прав правец, или нема да не однесат кон добри решенија.

Сега нема да апелирам до колегите пратеници од албанскиот блок, бидејќи сакам да се уверам себеси дека немаат ништо заедничко со оваа работа и не сакам овој Парламент да биде продолжена рака на Косовскиот парламент. Сакам да останат во контекстот на проблемот на државата која што *се* вика Македонија. Меѓутоа, морам да истакнам неколку работи кои што беа споменувани подолго време наназад и кои што како што се одвиваат, како што се одвиваа и сега како што се одвиваат настаните упорно не потсетуваат на потенцијалниот извор на кризата и на нестабилноста на целиот регион и не само на Република Македонија. Ова со одлуката на таканеречениот Косовски парламент кој што попатно да потсетам дека е протекторат под јурисдикција на ООН и кој што апсолутно нема никакви ингеренции во водењето на надворешната политика и кој што сепак е со Резолуцијата на ООН 1244 и со состојбата во која што е сега сведен на ниво на обичен протекторат, ова што се случува со тие луѓе таму за мене е само еден производ на еден лош континуитет кој што се рефлектира во овие простори подолг период наназад за кој што се зборуваше и вчера и денеска и кој што е директен производ на тој лош континуитет во политиката, а кој што создава еден вид на национална еуфорија на оваа територија од една нација која под разни маски од божемна човекова обесправеност до борба за поголеми човекови права до вооружена борба за освојување на поголеми човекови права и тн. Сега кулминира со една ситуација која што е смешна и парадоксална, држава која што е јужен сосед на таа покраина и на тој протекторат и во еден дел граничи со тој протекторат, а во исто време граничи и со држава која што е правен субјект и која што се викаше Република Југославија, сега Србија и Црна Гора. Луѓето оцениле дека е време да го поткренат проблемот со границата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ви кажам, употребувајте ги вистинските имиња. Тоа си е уште Сојузна Република Југославија.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Се извинувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште не е усвоено во органите новото име.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ**:

Луѓето оцениле дека Сега е прав момент да се покренат тие прашзња околу границата и да продолжи и понатаму да се форсира упорно нестабилноста на овој регион, на оваа територија и сега се прашувам само кој Ќ8 биде овој пат изговорот, дали во некоја просторија, или во неколку магични глави, или кај некои специјални советници надвор од овие простори ќе им Т8кне некоја блескава идеја под кој што Ќе се оправда сега овој последниот пот8з на таканареч8ниот Косовски парламент. И од тој аспект не ги прифаќам минимизирањата на овој проблем, обидите да Се минимизира и да се прикаже дека тоа е сепак работа која што е техничка работа, дека реакциите се на делот кој што е технички проблем, а во прашање не е содржината и суштината. Мислам дека е тоа уште една заблуда во која што не носат и не тераат на отстапки, не убедуваат да се убедиме во она што не можеме да го видиме со свои очи, односно гледаме нешто спротивно.

Дозволете ми да ве потсетам дека по повод усвојувањето на уставните амандмани на Рамковниот договор во ова Собрание имаше долги дискусии каде што се ломеа копја што

е извор на кризата во Република Македонија, дали е извор на кризата Уставот според некои, Уставот во РМ кој што треба да се менува, или имаше и други мислења и сеуште има, проблемот и изворот е Косово. Јас за моите дискусии нема да зборувам. Само сакам почитувани пратеници да ве потсетам, а тие се забележани во стенографските белешки, ги имам тука и тогаш кажав од оваа говорница дека таму се создава еден политичко бандитски монструм кој што ги пружа прстите кон Македонија. Ако некој се чувствува навреден и иритиран, не би требало затоа што Не зборував за албанците во Македонија, туку зборував за албакците во Косово. За жал, настаните што се случуваат ни кажуваат дека не сме далеку од тоа.

Од друга страна не можам да го сфатам и понатаму минимизирањето и ноншалантниот однос на Меѓународната заедница кон ова прашање. Ако за нешто треба да се чувствува морална одговорност и грешка во политиката, таа треба да се признае и да се исправи. Мислам Дека е крајно време Меѓународната заедница независно колку е ова што го зборувам непопуларно и свесен сум за тоа мислам дека е крајно време да седнат и да ја ревидираат комплетно својата политика на Балканот и да извлечат поуки од погрешните потези кои што беа правени неколку години наназад, ако не и една деценија каде што некои народи, нации, па дури и држави беа континуирано убедувани и присилувани да прават отстапки во интерес на незнам какви образложенија кои што верувам Д9ка има луѓе кои што мислат како што мислам и јас и во овој Парламент. На крајот, ќе испаднат смешни. Не би сакал да ја елаборирам тезата за голема албанија, толку многу е елаборирана, јасна им е и на малите Деца во Македонија и пошироко и несакам да навлегувам во таа Т9ма. Кажано е, запишано е и мислам Дека треба да ни бидат отворени сите чула, бидеќи тоа Не е заблуда и бидејќи тоа Не е работа која што како што Не убедвуаат Некои е само српско масло, или српска пропаганда. Има состојби кога човек треба да процени колку да зборува и што да зборува. Овој пат Ќе престанам затоа што мислам Дека овој парламднт на една суверена држава која што *се* вика Рдпублика Македонија и Не треба толку многу да му придава внимание и значење на една декларација од еден таканаречен парламент кој што Се обидува да изигрува држава, односно почнуваат да тренираат држава. И ова е еден од пробните балони. За жал, оваа држава граничи со такви елементи фрустрирани во кои што во чиј што парламднт Седат огромен број на поранешни да Не кажам криминалци, туку луѓе кои што ги окрвавиле рацете и тука треба Европа да го ревидира својот став кон политиката и кон демократијата воопшто. И сега тие луѓе изигрываат пратеници, или лидери на влади, или лидери на незнам какви институции. Затоа сето тоа личи на циркус. И оваа држава треба да ги повика и албанците во Македонија како рамноправни граѓани на РМ, како граѓани кои што ги имаат сите права кои што може да ги обезбеди една држава да застанат и би бил најсреќен јас да престанам да зборувам, а некои од моите колеги албанци кои што се тука, да излезе и да каже дека не се сложуваат со постапката на таканаречениот Косовски парламент, а не да се обидуваат да не замамуваат и понатаму, односно да кажуваат дека е тоа мала работа, небитна работа и тн. Во тоа име ќе престанам и ќе посакам да се создадат услови за навистина право државно македонско национално единство. Ако се целите постигнати, тогаш треба секој да застане и да каже: ова е Македонија, ние живееме во оваа држава, границите се тие кои што се, никој не може да ги менува, ниту да ги признава, ниту да не ги признава границите. За тоа постои меѓународно право и тоа би бил најсреќен да го слушнам од сите колеги кои што се во овој Парламент и од граѓаните во РМ. Доколку и понатаму не убедуваат дека некаде постои нешто што се вика нечие право, тогаш навистина сите овие работи што се случуваа во изминатите месеци околу, во и околу Македонија ќе излезат дека се само предвесник на работите кои што следат. Во тој случај нема да ни преостане ништо друго освен едноставно да седнеме и да се преброиме. Бидејќи не се многу 10 години, меѓутоа во политичкиот процес се многу, а во некои настани се премногу. Само пред 10 години се зборуваа некои многу неважни работи кои што тогаш се кажуваше дека се неважни па сега се скоро реализирани. Од тој аспект непридавајќи и голема важност на таа одлука на Косовскиот парламент со декларацијата, сметам македонскиот парламент да ја донесе оваа декларација, јас лично ќе ја подржам и да се заложи кај меѓународниот фактор со многу поактивна надворешна политика на оваа држава, многу поактивна и би кажал

и поагресивна да се заложи кај меѓународниот фактор конечно да седнат и да го ревидираат својот однос кон одредени грешки кои што ги направиле во континуитет.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Еве и оваа денешна расправа втор ден по ред на иста тема покажува дека скоро кај сите пратеници кои излегоа да дискутираат дека е неподелено мислењето дали воопшто требало или не требало да се дискутира по ова прашање што денес ни е на дневниот ред. Ист е и за мене многу тешко е да се каже дали е продуктивна целата оваа расправа и тоа само од една проста причина, ако се резонира, ако се логицира по законите на формалното расудување кога доаѓаме до еден нон сенс дека ние сега расправаме како реакција на една акција која воопшто не постои, бидејќи самата резолуција која е предмет на денешната расправа т.е. самата декларација на Косовскиот парламент повеќе не постои, бидејќи е сосема легитимно и легално согласно актите кои ги регулираат политичките збиднувања на Косово е отфрлена од страна на Меѓународната заедница. Тоа се тие факти на формалната логика каде што недвојбено дека станува збор за Косово како меѓународен протекторат формиран со резолуцијата на Советот за безбедност на ООН 1244 и сите институции согласно таа резолуција на таа територија во меѓународна кмуникација се нарекуваат привремени институции на самоуправа. Тоа јас овде имам документи, ако некој не верува во ова што го кажувам кој документ е наречен уставна рамка за привремената управа на Косово, што значи во рамки на тој привремен устав се регулирани сите битни политички и правни прашања на таа територија. И недвојбена е оценката на Меѓународната заедница дека се работи за меѓународен протекторат. Така организирани на таа територија навистина се поставува суштинското прашање дали тие луѓе кои се сепак да се признае легитимно избрани на парламентарни избори под набљудување на Меѓународната заедница имаат право, или немаат право да донесуваат некои акти кои задираат во меѓународната сфера и меѓународната комуникација на тој протекторат. Бидејќи се децидни одредбите од оваа уставна рамка за привремената управа на Косово, дека апсолутно се нема никакво право, а во меѓувреме правото на цивилниот администратор господинот Штајнер е искористено во функција на укинување на таа декларација, навистина е апсурд што ова денес ние го расправаме. Меѓутоа, лично сметам дека прашањето е посуштинско и не може да се гледа само од формалната страна, за да се премолчи на еден акт на Собранието на Косово, на Косовскиот парламент иако тој како што реков е укинат и не постои и не е легитимен во овој момент во кој ние расправаме по истиот. Бидејќи сам по себе ако се прочита носи во себе некои полички пораки кои би било добро ние априори да се оградиме за да не си имаме проблеми во иднина од едни исти такви препораки пуштени до РМ. Ќе беше добро ако како вчера на почетокот на оваа седница заради ова второто што го кажав, не заради формалната страна на таа декларација на Косовскиот парламент, напротив, поради овие суштински политички пораки и суштинска специфична тежина што го носи сам по себе како документ, навистина на оваа седница да и се обрне поголемо значење и како вчера што премиерот на чело на дел од својата влада седеше на левата страна од Парламентот да бидат и денес присутни, впрочем и пратениците да бидат помасовно присутни на оваа седница. Меѓутоа, впечатокот од денес во собраниската сала е сосема друг и се чувствува една ситуација каде што сите скоро чекаат минута побрзо да заврши оваа расправа.

Вчера на самиот почеток на седницата јас сакав да побарам по ова суштинско круцијално прашање кое ако се гледа само од формалната страна, тогаш се согласувам со професорите по меѓународно право, нема потреба воопшто да се разгледува, меѓутоа од суштинската страна требаше да се пбоара и согласно деловникот тоа право го имаме, пратениците кои го предложија ова да ја објаснат итноста за почетокот на оваа седница, а исто така беше добро да се побара мислење од Владата кое во многу ќе помогнеше околу усвојување на нашата декларација, или отфрлање на истата.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ**:(Продолжение)

Или воопшто овие дилеми што ги имаме дали имаше или немаше потреба да расправаме ќе ни беше помогнато од страна на Валдата по адекватно да размислиме околу ова прашање. Меѓутоа , се случи тоа што се случи вчера, а тоа е еден аргумент повеќе Што ме убеди дека

треба да се земе збор по ова прашање, кога наместо да ја повикаме Владата да даде свое мислење на предметот, дел од владината коалиција ја напушти собраниската сала. не така како што се напушта салата, но нивниот координатор имаше прилично нервозен настап со еден вокабулар штоне доликува на смирување на состојбите во една ваква кревка безбедносна атмосфера во државата.

Визави тоа се поставува суштинско прашање дали она што вчера премиерот го говореше од оваа говорница е само негово лично мислење или е мислење на Владата. Се поставува суштинско прашање дали во таа Влада седат министри на Република Македонија и во оваа сала седат пратеници на македонскиот парламет или во таа Влада седат министри албанци и министри македонци. Се добива впечаток дека токму оваа Влада е составена од оваа втора групација од министри албанци и министри македонци и кога имаат интерес по одредени прашања се соединуваат, а кога немаат интерес по поедини прашања се разидуваат.

Колку и да се лутиме што косовскиот парламент донесол таква декларација толку треба да се лутиме и на нашата Влада што по некои битни прашања навреме не завзела одредени ставови , едноставно бевме почестени само со настапот на првиот човек на Владата вчера овде и тоа претежно со емотивни реакции одтколку со некои зрели и државнички пораки што треба да се направи , аод друга страна имам информација дека веднаш по тој настап продолжуваат да си функционираат онака како што до вчера функционирал9.

Дозволете да констатирам дека во таа Влада Седи министер за контингенти; а не Седи министер за економија или воопшто министер во македонската Влада има капацитет да се справи со вакви прашања.

Меѓутоа, за среќа, во оваа несреќа имавме прилика да слушнеме дека Меѓународната заедница можоби Не најбрзо, меѓутоа правилно реагираше отповикувајки ја резолуцијата на косовскиот парламент. Останува на нас како држава, а пред се Не да ја префрлам вината на некого Дека проблемот Лежи во извршната власт дали со Меѓународната заедница во тој момент со извршени правични контакти и дали е посочено Дека согласно оваа уставна рамка за привремената управа на Косово во поглавјето 8 во точката 8 точка 1 децидно стои Дека доколку било кој орган на привремената управа носи било какви акти кои Се спротивни на Резолуцијата 1244 може цивилниот администратор да го распушти Собранието и да свика нови избори во околности кои *се* оценети дека привремените институции на самоуправата делувало спротивно од одредбите на Резолуцијата 1244. Меѓутоа, за жал ние имаме министер за надворешни работи кој многу Тешко Се разбира што кажува во јавноста , барем за мене тешко го разбирам што кажува и воопшто Не знаеме дали Се воопшто остварени такви контакти со цивилната администрација на Косово и далитокму Се посочени одредбите од поглавјето 8 од уставната рамка за привремената управа на Косово за да се отиде уште еден Чекор понапред во вид на санкција за она што како мерка ја има преземено парламентот на Косово, а Не смеел тоа да го преземе.

Исто така сакам да посочам дека таа одлука нема никаков легитимитет , согласно точките М, О и Н од истото поглавје 8 од уставната рамка за привремената управа на Косово каде што се ставени

обврските на цивилниот администатор во врска со заклучување на спогодби на меѓународен план за надгледување и извршување на обврските преземени по меѓународни спогодби и за надворешните односи на протекторатот Косово вклучувајки ги и оние со државите и меѓународните организации за кои ќе се укаже потреба.

Се извинувам за лошиот превод, го имам текстот во оригинал на таа уставна рамка за привремената управа на Косово. Апсолутно, ако се цитираат овие одредби од таа времена спогодба апсолутно не смеело да дојде како точка на дневен ред на тоа собрание, меѓутоа кога не го спречиле и ние не треба премногу дрвја и камења да фрламе по таа меѓународна заедница со укажување дека има право да го санкционира тоа што е веќе донесено.

Господо, ова што го говорам се аргументи и факти токму од она што го имаат прифатено и косовскиот парламент. Ние воопшто не ја спориме неговата легитимност дека е избран на легитимен начин под надзор на Меѓународанта заедница, меѓутоа, го спориме легитимитетот на одлуките кои ги донел , а не смеел да ги носи. Затоа врз основа на овие факти не треба многу кукање и жалење, туку треба да се воспостави една пожестока дипломатска пресија врз

нив и да се каже дека ова што го направивте е океј за Македонија, меѓутоа тој притисок понатаму треба да продолжи да не се случи и утре.

Исто така треба да се дадат сигнали и до Советот за безбедност на ОН дека за нас е океј изјавата на портпаролот на на Советот врз основа на точката 4 од последната седница на Советот за безбедност, меѓутоа нашата дипломатија треба да побара и да врши притисок и со декларација да се отфрли оваа декларација на косовскиот парламент. Тоа е улогата на нашата дипломатија впрочем тоа е што немаме амбасадори ни во Пекинг, ни во Москва ни во Вашинктон и незнам уште каде како постојани членки земји на Советот за безбедност, а што работат тие треба токму на нас на парламентот да ни кажат зошто тоа не е направено до сега. Додека ова не се направи ние ќе бидеме сведоци на ирационални реакции, емотивни реакции на премиерот во оваа сала дека за ова ни се криви некои колумнисти, некои советници на претседателот на државата. Дајте ви се молам да бидеме по сериозни држава Што зависи од колумната на еден човек, без разлика колку бил мал или голем неговито интелектуален капацитет априори треба да ја прогласиме за ништавна дека не е држава. Немојте сега да се замајуваме и да ја одвраќаме водат на друга воденица дека некој од некаде ни е крив. Испаѓа дека и кога врне и кога не врне и тоа што врне е Фрчковски крив иако Не врне пак Фрчковски е крив. Илузорно е да расправаме за Некои прашања од ваков ранг Дека колумнистите или Некои советници ни Се криви за овие прашања. треба да Се праша Чашуле, треба да Се прашаат амбасадорите треба да Се праша конкретно извршната власт што направила тоа да го спречи.

Покрај оние револти што кај мене Се јавија кога една од политичките партии која партиципира во власта од албанскиот блок ја напушти салата радува фактот што Сепак пратеници од албанските политички партии останаа овде и настапуваа со нивни аргументи.

Радува фактот и дава трунка надеж дека Сепак ние Ќе излеземе на чистина како македонски парламент беЗ разлика кој на која политичка партија е кој од која Вера и националност е припадник забележав во повеќето настапи Дека Сепак тие го признаваат територијалниот интегритет на Република Македонија.

Господа, да Не Се залажуваме вртејки на интернет страници деновиве по овие прашања на Некоја од страниците Се наоѓа новинарски напис каде ова прашање Не е ни малку што може да Се релавитизира затоа што ако се читаат натамошните написи Се убедува јавноста Дека Се работи дека РМ украла територија од Косово. Се спомнува бројка од

2500 хектари земја која нам Коштуница ни ја подарил во компензација за Прохор Пчински. Еден таков новинарски напис го подгрева надежите на тие луѓе дека некој од другата страна нешто им земал. Тука доаѓа до жариште на конфликтот. Потоа никаква меѓународна заедница не може да ги стивне тие страсти да им укаже дека овие од другата страна не им земаат земја. Ви се молам од оваа држава од постоењето па наваму еве да го земеме поновиот историски период од 1912 па наваму земано грабано, земано грабано, и останата е само песната од Војо Стојановски делете ја парчете ја пак ни е најмила.

Да не се сватиме погрешно ние треба да се насочиме кон конкретни чекори. До овој период требаше г-динот Чашуле да изврши демаркација на границата , а не да вели дека немало пари за тоа. Нека му каже на Бесник Фетаи два контигенти и ќе најде пари за тоа. Замислете изјава, вели немаме пари затоа не вршиме демаркација на граничната линија. Тоа под идтно треба да се заврши да се стави адакта тоа прашање. Уште не излечени од раните на штотуку завршената војна ние влегуваме во нов отворен конфликт со северната граница.

Второ, колку некому му одговара или не му одговара , ние сме земја члена на Обединетите нации и согласно нашиот статус како полноправна членка на ОН мора да ги почитуваме меѓународните држави, договри, конвенции дали се билатерални , мултилатерални и т.н. да ве потсетам сите токму овој парламентарен состав има усвоено Закон за ратификација на спогодба за регулирање на граничната линија со СР Југославија. Парламентарната демократија дозволува да имаме различни мислења по тоа прашање. Некој беше за некој беше против. За жал беа против дел од оние што по мое длабоко убедување треба да бидат за. Ние немаме право како македонски пратеници без разлика од која вера, од која националност, од која политичка партија што не бира народот на

овие простори едноставно да велиме точно овие 2500 илјади

хектари не со наши треба да ви ги дадеме таму. Не не избрале за тоа да им ги дадеме таму. Македонија никогаш во својата историја не водела освојвуачка политика. Ако сакаме да живееме во историјата, да се вратиме со веквои наназат Самоиловата држава била некаде до Влашката Низина. Сега јас треба да речам јас сум потомок од Охрид дајте ми до Белград и погоре, повеќе не оди така. Дефинитивно овие прашања на овие простори треба да ги затвориме. Многу е добро што од устата на нашите колеги од албанските политички партии треба тоа да го слушнеме. Еве зошто. На пример тие спорни 2500 илајди хектари што се спомнуваат горе нека бидат обични пасишта, нека биде обична пустелија, нека биде во крајна инстанца Некоја геостратешка точка што треба да се земе на едната и на другата страна. Еве да земеме хипотетички дека е пасиште дали сакате нашите луѓе од Танушевци таму да пасат овци или сакате на другата страна, а од иста националност се албанци и едните и другите.

Ако Советот за безбедност и ОН , ако Меѓународната заедница, ако ЕУ, ако сите живи меѓународни фактори го потврдуваат договорот склучен помеѓу СРЈ и РМ за утврдување на северната граница и ако дефинитивно после 10 години од будалаштините што Милошевиќ ги правеше што *не* го потпишуваше тој договор и намерно се отворени прашањата со сите соседи заради конкретно одржување на неговата позиција таму се реши тоа прашање и ние останеме сами на себе. не е спорно дека македонскито блок ќе се солидаризира по овие прашања. Меѓутоа, господа треба сите да се солидализираме и дефинитивно да покажеме сигнал дека кризата е некое далечно минато за нас и дека овде се работи токму на овие принципи дека ние ќе ја зачуваме Макеоднијакако унитарна држава во овие граници , но едвај ја зачувавме, постоеше опасност од подлеба наистата територија. Ако не го направиме тоа , ако нашите емоции преовладаат над прагмата и секогаш

умот ни е во Приштина, а седиме во Скопје живееме во Куманово ние ништо не правиме. Попусто се расправаме денеска ситуацијата на терен ќе не демантира и секогаш ќе гаиме илузии дека горе Ќе ни биде подобро во некои идни времиња и за некои идни генерации не родени за некои идни големи или малидржави ќе жртвуваме конкретни личности како што ги жртвувавме во минатогодишната војна. Никаде нема да стигнеме во тој правец.

Затоа суштинско е прашањето не дали се , како што рече еден од малите партии што сте не делегирале по ова прашање двете големи партии, сега е суштинско прашањето сите во овој парламент треба да се солидализираме по ова прашање и ако нонстоп се расправаме за нешто непостоечко но поради големата специфична тежина и големите политички пораки што се упатуваат ние треба да бидеме малку повнимателни и со вакви реакции да ја одбиеме таа декалрација. Воопшто не треба ни на албанците во овој парламетн од билокои партии и на македонците да ни е срам што одбиваме едни такви документи кои се невалидни меѓутоа нека се слушне и нашиот збор.

Второ, некој во денешните расправи овде го спомна недоразбирањето во државниот врв. Отука генерираат овие проблеми токму од тука. Ако извршната власт како позиција, влада, министри треба да направи нешто во конфликт влегоа веднаш со врховниот командатнт со претседателот. Овде мроа да се преземат заеднички мерки инаку ни нема спас. Нека ги заборават сите анимозитети што непотребно ги создаваат дека претседателот бил кон СДСМ, навивал за некаде, за никого не навива, туку треба да навива за границата да се зачува и мирно народот да почне да спие.

Да не должам многу од денешната седница иако имаше различни мислења трунка надеж даде еднаа прламентарна група од албанските пратеници што остана и што во повеќе настапи укажа дека тие се за почитување на територијалниот интегритет на РМ. Ако косовската јавност овие денвои како што спомнав се брифира со податоци дека некој им украл 2500 илјади хектари земја 693 разлика дали се толку или помалку апсолутно ќе дојдвме во ситуација на некои нерешени или нерешливи прашања и проблеми кои можат недај боже да генерираат во подлабока криза.

Затоа сум за варијанта на некој начин кога Ќе заврши општата расправа , веќе почнаа да стигаат амандмани кои можат да го подобрат текстот на оваа декалрација да седне една работна група од сите политички партии да го изработи тој текст и да Се отфрлат сите членови како што Некој спомна, каде ние сега ќе

дадеме сигнал, се согласувам со тоа, дека се мешаме во работите на некој друг на кој му е работа таму. Ние воопштоне смееме да пуштиме ни еден сигнал Дека Ќе Се мешаме во работитите на меѓународниот протекторат Косово и во работата на цивилниот администратор. Тие си имаат став кој се вика уставна рамка за привремената управа на Косово ќе сир аботат по тој Устав, ние си имаме наш Устав ќе сир аботиме по нашиот Устав и се согласувам во Текто на амандмансакта расправа да се подобри текстот, да Се исфрлат одредени делови кои алудираат или асоцираат на мешање во работите на други што им Се обврски да си ги завршат и да ја усвоиме оваа денешна декалрација.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници,

Ние денеска расправаме за една декларација коај е поднесена од пратеници од пратенички групи од македонскиот политички блок која декалрација е насловена како декалрација за состојбите на дел од северната граница на РМ кон СРЈ или поточно кон Србија и Црна Гора.

Јас во текто на овие два дена слушам и сите слушаме разни вокабулари независно од која пратеничка група доаѓа. Јас мислам дека пред да почнам со мојата дискусија претходно ги прашувам моите колеги дали е ова некоја обвинителна клупа . Дали е ова некоја судница или е навистина Републичко Собрание. Со вокабуларот, речникот што се употребува во воа Собрание на тапет ги ставаме или на обвинителна клупа ја ставаме целата меѓународна заедница заедно со сите албанци без разлика каде живеат. Дали во Макеоднија, на Косово или во по другите краишта на Бивша Југославија и пошироко.

Би кажал зошто пратеничката група на ПДП денеска е тука присутна и не излезе како другата албанска политичка партија.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ**: (продолжение)

Сепак, останавме на Седницата на Собранието поради тоа што со јазикот на аргументите сакаме да ви кажеме дека не сте во право со поднесување на една ваква декларација во Републичкото Собрание. Денес би сакал само да бидат присутни, а подобро ќе беше да имаме мислење на Владата на РМ. Би сакал да го гледам и министерот за надворешни работи, би сакал тука да гледам и други министри кои се занимаваат или се во тек со надворешната политика.

Од друга страна, би сакал да знам, иако нема мислење на Владата, да знам дали премиерот на Владата зборува во името на Владата или во име на мнозинството што тој го претставува.

Овде ќе го изнедсам нашиот став и ќе кажам дека ние се оградуваме од секакви обвинувања кон меѓународната заедница. Зборувам во името на ПДП и не го прифаќаме тоа како став на Собранието или Владата во целина, туку уште еднаш би истакнал дека ние како пратеничка група на ПДП се оградуваме од сите насилнички или таквите вокабулари кои се однесуваат на меѓународната заедница во целина. Ние станавме толку големи како држава да можеме сега да се бориме со сите, со целата меѓународна заедница. Во таа игра нема да навлегуваме и затоа сите тие кои мислат и понатаму да ја напаѓаат меѓународната заедница ќе треба да се повлечат, затоа што во Македонија живее не само македонско население, туку и албанци и други граѓани кои се граѓани на оваа Република и не сакаме поради еден или неколкумина или една група да имаме последици за сите граѓани на РМ.

Тука би кажал дека само го реафирмираме нашиот став. Не знам колку пати од страна на пратениците на ПДП сте слушнале дека ние сме за интегритетот и суверенитетот на РМ, и тука е точка. Тоа е точка и на Рамковниот договор. Меѓутоа, за овој проблем од почеток укажавме дека не сте на праведниот пат и имате погрешна политика или погрешно однесување кон еден сосед на северната страна. Ние можеме тука да зборуваме, да го признаваме или да не го признаваме Косово, тоа е такво, тоа е вакво. Господа пратеници, Косово постои и затоа ние не треба да ги растуриме сите односи со нашите соседи, туку тие односи треба да ги градиме и понатаму, бидејќи е потребно со сите да имаме добри односи. Посебно би сакал да имаме добри односи со државите кои се населени со албанска популација, поради тоа што во Република Македонија еден дел од граѓаните и припаѓа на албанската заедница. Ние тука треба да бидеме како мост за зближување на тие односи меѓу сите држави кои не опкружуваат, а во кои има мнозинско албанско население.

Само би истакнал дека нашиот потпис или потписите на пратеничките групи на ПДП и другата албанска политичка партија -зборувам само во име на ПДП - не стојат на оваа декларација. Нема ни да стојат, господа пратеници, поради тоа што го кажавме на почетокот дека вие правите спогодба со една држава која нема јурисдикција на територијата на Косово. И тогаш, и на тогашниот министер за надворешни работи од оваа говорница му кажавме дека не треба да склучуваме договор со една држава која не постои на таа територија. Треба да разговараме со фактичката власт во Косово. Тоа е УНМИК, и граѓаните албанци и другите кои живеат на Косово. Таа наша препорака и забелешка вие не ја земавте предвид. Отидовте како една гласачка машинерија, со кревање на два прста, донесовте и ратификувавте еден договор кој после имаше последици. Последиците ги имаме и ден денес.

Ние не рековме никогаш и не бевме против интегритетот на РМ, не бевме против таа демаркациона линија. Рековме дека разговарате со погрешен субјект. И денес тоа ќе го кажеме и затоа нема да гласаме и нема да ја поддржиме оваа декларација.

И понатаму тврдоглаво одите да разговарате со еден субјект кој нема јурисдикција на Косово. Тоа е проблем кој не најдовме сили да го решиме во овие изминати месеци или година и пол откако го ратификувавте тој договор во ова Собрание.

Со овој речник што се употребува во ова Собрание, разни етикетирања кон Косово, јас мислам дека тоа не е добро за Република Макеоднија и ништо нема да и пречи на РМ ако утре се реши статусот на Косово како држава. Меѓутоа, тука не гледам таква клима. Така ли се градат добрсоседските односи.

Македонија има претензии да биде член на ЕУ, НАТО и тн. Истите претензии ги има и Косово. Затоа, ако двата соседи имаат исти аспирации јас не гледам причина ова Собрание да има толку гнев кон граѓаните на Косово.

Се обвинуваше ПДП за нејзиното негласање на ратификацијата, имавме вооружени конфликти на почетокот. Не беше така. Тоа беше една друга работа, причината за војна е друга работа. Не знам колку пати во ова Собрание во претходните години сме рекле дека Република Македонија треба да внимава на тие граѓани кои живеат долж границата. Колку пати од оваа говорница на Собранието сме рекле дајте на тие граѓани да им создадеме услови, да имаат легален граничен премин, за да можат легално да ја преминуваат границата. Меѓутоа, и до тоа не дојде. Сега ние, без да знаеме, јас не сум експерт за да ја одредам таа демаркациона линија и за да знам дали навистина на Македонија и припаѓа некој хектар повеќе или тоа се случило на другата страна. Јас незнам колку е загрижена Србија и Црна Гора, поточно Белград, со тоа што е, нека земе малку повеќе земја Македонија. Меѓутоа, фактичката власт во Косово тоа го бара. Ако е тоа така требало експертите тоа да ни го кажуваат дека одредена територија од Косово со оваа демаркациона линија со ова разграничување и остануваат на страната на РМ. Иако некој се фалеше тука кога го ратификувавте овој договор дека во таа комисија има и албанци. Денес таа политичка партија за жал не е тука. Тогаш се отиде до таа мерка, да се каже јас ви гарантирам дека никој нема да се буни од граѓаните на Косово за демаркационата линија за границата. Денес ќе беше добро тие да беа тука и да разговараме и за таа тема.

Затоа, требаше од почетокот да внимаваме и сите овие расправи што денес ги имаме во Републичкото Собрание се последица на тоа што не најдовме заеднички јазик околу ратификацијата на тој договор меѓу непостоечка држава и држава Република Македонија. Затоа, и сето тоа што е во интерес на граѓаните на Косово ќе го каже Парламентот на Косово. Тука има разни гласини, се легитимни, не се легитимни, имаат компетенции, немаат компетенции и тн., меѓутоа, сите тие кои мислат да ги викаат таканаречени, тие се на погрешен пат. Јас мислам дека и тие се избрани, тие пратеници на тоа Собрание на Косово така како што сме избрани ние, меѓутоа, без насилство и без фалсификвување како што е пример во РМ. Таму имало фер и демократски избори, каде не се употребило насилството, немало фалсификување, немало полиција и тн. Од друга страна, дури и од ова Собрание има пратеници кои атакуваат и на меѓународната заедница и трупите на КФОР.

Ве молам, јас како пратеник на ПДП, на кого да му верувам во овој момент. Има атак врз караулата Стража, кажуваат институциите на Република Макеоднија и Министерството за внатрешни работи. Од

друга страна меѓународната заедница и нивните претставници велат такво нешто не се случило. Тоа го кажуваат на конференцијата за печат одржана од нивна страна. На кого да му верувам? Кој во овој момент ја кажува вистината и кој лаже? За мене вистината ја кажува меѓународната заедница.

Сега ќе се осврнам на тоа што е меѓународна заедница. Република Македонија треба да биде многу благодарна на целата помош што ја даде меѓународната заедница за Републиката и за постигнувањето на тој Рамковен договор во Охрид. Се знае кои беа нашите барања. Вие секогаш велевте дека тие се максимални барања, меѓутоа, со добрата волја на меѓународната заедница и нашата добра кооперативност со нив дојдовме да се жртвуваме и себе си само да дојдеме до еден договор кој ќе се вика Охридски договор за да го постигнеме тоа што значи граѓанска и национална рамноправност, за да живееме сите во РМ рамноправно во сите сфери на животот. Сега во тоа дадоа голем придонес, помогнаа максимално, а ние најдовме за потребно, одредени пратенички групи да ја критикуваат меѓународната заедница, а очекуваме меѓународната заедница да ги исполни нашите барања. Тоа се барања на РМ во една држава, каде што живеат многу заедници, многу етникуми, но и сите граѓани на РМ.

Затоа, уште еднаш би го кажал својот сопствен став дека нема да ја прифатам оваа декларација, нема да гласам за неа, поради тоа што со оваа декларација се сака да се наметне нешто ново во РМ, кобајаги Резолуцијата на Косовскиот Парламент била против процесот на имплементацијата на Рамковниот договор. Каде го прочитавте тоа, во која теорија го пишува тоа, кога самите албанци на РМ, со потпишувањето на Рамковниот договор се изјаснија многу кратко и беа многу децидни: ние го поддржуваме интегритетот на РМ, со тоа што треба целосно да Се имплементира овој Рамковен договор и да се чувствуваме како рамноправни во оваа држава. Сега некоја си Резолуција или резолуциајта што е гласана во Косовскиот Парламент била атак врз процесот на импелементација на Охридскиот договор.

Ако некој во Макеоднија во својата глава ја има таа мува, тоа е нешто друго. Ако некој од македонските политички партии е против тој Рамковен договор, нека излезе и нека каже. Меѓутоа, тоа е обврска на сите нас, особено на четирите политички партии кои се потписници на Рамковниот договор, таа обврска треба да ја реализираат и да ја спроведат до крај.

Затоа, мислам дека не држат сите такви обвинувања и поточно кажано, ние тука не ја видовме таа Резолузија да ни се дели од страна на Собранието, да видиме што пишува во Резолуцијата на Косовскиот Парламент. Ништо повеќе од тоа дека навистина погрешно сме разговарале со некој друг субјект, кој нема јурисдикција на територијата на Косово.

**СТОЈАН АНДОВ.**

Има збор г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Очигледно дека во текот на денешниот ден спласна првобитниот набој од вчера по повод оваа седница која се однесува на Резолуцијата на Косовскиот Парламент. Многу работи беа споменати во претходните дискусии. Ќе се обидам да не ги повторувам, меѓутоа, некои неминовно е да се повторат заради самиот концепт на мојата дискусија.

Имам впечаток дека РМ подолг период е предмет или жртва на една да речам виртуелна политика. Виртуелна политика која пак од друга страна создава некакви виртуелни проблеми на прв поглед, а потоа тие станвуаат стварни и реални, вистинити и не загрижуваат сите. Ако споменеме во изминатиот период само колку пати се случило да доаѓаат некакви предлози од разно разни фокус групи, кризни групи.

Да се потсетиме на предлозите на Лордот Овен и некој други за релативизирање на границите на Балканот, можеби за некакви конференции, потоа предлозите односно коментарот на генералот од Косово за релативизирање на границата со едно банално образложение дека станува збор за обработка на земјоделските површини од едната и другата страна на границата, и тн. И сето тоа велам на прв поглед изгледа дека е изречено со Некоја лесноотија, Дека тоа Не е некој голем проблем, Дека тоа само по себе ништо Не значи, за само после Неколку месеци сето тоа да искрсне во вистинит проблем кој ги загрижува сите граѓани на РМ.

Затоа, ваквото прашање придизвика и огромна реакција во јавноста, интерес, загриженост, недоверба и скептичност и тоа е разбирливо и повеќе од дискутантите тука

впрочем го кажаа во овие два Дена. Сите ние сме загрижени од разбирливи причини.

Имаше овие денови и во јавните медиуми мислење на разноразни правни експерти дали треба овој Парламент да држи седница или не треба да држи седница, дали тоа е правно издржано или не е правно издржано. Меѓутоа, ние велиме дека Косовскиот Парламент, а тука имавме прилика да ни биде прочитан и дел од она што се Негови надлежности и што Не е дозволено тој да работи, донел една резолуција, иако не е надлежен. Значи, кога една институција која не е надлежна за донесување на такви резолуции донела таква резолуција, зошто тогаш овој Парламент да не се занимава со тоа прашање, посебно кога тоа прашање и Те како е политички важно. Ако меѓународната заедница реагираше експресно и овој пат мислам дека навистина е за пофалба реакцијата на меѓународната заедница во прв ред мислам на Советот за безбедност на ОН, а потоа по аналогија и реакцијата на г. Штајнер, дали тоа укажува дека меѓународната заедница реагирала експресно заради тоа што тоа не е валидно. Не, бидејќи од многу проста причина, со таквата одлука на Косовскиот Парламент се искажува некаква политичка волја, се искажува некаква политичка желба. Затоа, она што се зборува од формално-правен аспект, нема да навлегувам во тоа, можеби тоа е така бидејќи не се надлежни, донеле одлука која не е важна. Меѓутоа, реакцијата на меѓународната заедница беше експресна и тука навистина треба да оддадеме признание на меѓународната заедница.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ**: (продолжение)

Ние неможеме така лесно да го игнорираме ова прашање, бидејќи има политичка позадина, има изразена политичка волја. Ние неможеме да се однесуваме така ноншалатно, бидејќи со оваа резолуција на Косовскиот парламент, фактички, која е, пак, по самото свое значење дефиницијата на територијата наедна држава. Ако територијата на една држава, покрај народот, јазикот и некаквото формално правно уредување е дефиниција на држава, значи тогаш се спори еден од државните елементи, територијалниот интегритет, бидејќи територијата на една држава е означена со таа граница. Штом утре дојдеме во ситуација кога меѓународните институции прореагирале, експресно велам и рекле дека таквата одлука е неважечка, што ако дојдеме во ситуација после една или две години, повторно да се актуелизира некое такво прашање и тогаш да добиеме забелешка од Меѓународната заедница, зошто вие не сте реагирале. Дали ние можеме да си го дозволиме тој луксуз како Парламент да го одмолчиме сето ова, за птоа да бидеме прозвани како држава и како Парламент дека сме премолчиле. Мислам дека тоа е недозволиво и мислам дека овој Парламент навистина треба енергично да се спротистави на таквата резолуција на косовскиот парламент.

За мене, од поголема важност е тоа во оној наш документ кој ќе го донесеме, да имаме енергично давање на знаење со концензус дека територијалниот интегритет на РМ , РМ си го задржува правото да си го брани својот интегритет со сите средства, бидејќи тоа би го направила секоја држава во светот. Дека РМ се спротивставува на ревизии на граници, што е впрочем и честа сентенца, која ја повторува и Меѓународната заедница. И дека, со сите сили ќе го брани својот интегритет. Косовскиот парламент, кој некој рече дека е на ниво на локална самоуправа или незнам како, не е ни битно, меѓутоа, е парламент кој донел таква одлука, кој се осудува да негира резолуција на ОН 1244 кој се осудува да спори еден меѓудржавен договор за граница ратификуван во два парламенти, со самото тоа што донел таква резолуција веќе се меша во внатрешните работи на друга држава. На некој начинм со тоа, покажува територијални претензии. Дали станува збор за 500 хектари 2000 или 2500 хектари е помалку важно.

Мислам дека е важен принципот , а не за колку хектари станува збор. Принципот на неповредливост ан границите секогаш и секаде се почитува во секоја држава. За мене е помалку чудно дали парламентото на Косово не знаел дека нема ингеренции и да влегува во забраниети зони, би рекл под наводници, кога тангира едно прашање на граници, а тоа го нема во ингеренциите. И, по малку, за мене, е изненадувачки зошто меѓународната заедница не направи обид пред да се направи, да се донесе таква резолуција зошто не интервенирала преку својот претставник г-динот Штајнер, да им биде укажано дека навистина тоа би им било проблем првенствено заради тоа што немаат ингеренции. Второ, заради тоа што со тоа ќе ја подигнат тензијата во регионот. И, сега, се доведуваме во ситуација што треба ние да преземеме, особено кога нашите колеги албанци од едната партија ја напуштаат оваа седница на Парламент, другите велат

децидно дека ќе гласаат било против каква одлука на овој Парламент. Дали претставниците на албанските пратеници дали министрите албанци во оваа држава седат во овие институции, а на-виваат, да речам, за некои други институции на некоја друга територија. Ако продолжиме на таков начин, навистина, скепсата и недовербата ќе зголемува кај сите нас во РМ. Затоа, мислам дека добар е предлогот кога ќе се изготвува веќе еден текст на декларација од нашиот Парламент, треба да земат учество сите и сите да го подржат таквиот текст.

Што се однесува до самиот текст овој кој веќе ни е на располагање, лично мое мислење е дека текстот мора да биде пократок, по концизен и со тоа посилен, за да дадеме јасно и гласно до знаење дека РМ ќе го брани својот територијален интегритет. Да побараме од меѓународната заедница поактивно учество во чувањето на границата. До колку е тоа е озможно да се влезе и во процесот на околчување , технички да се заврши тој проблем. Тој документ треба да биде недвосмислен и да биде јасно искажана волјата на сите политички субјекти во РМ дека стојат зад државноста и територијалниот интегритет на РМ. На таков начин мислам дека ќе излеземе од оваа ситуација, за да покажеме дека имаме добра волја за соработка сите парламентарни партии и дека на сите ни е главна цел и интерес РМ. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Мирчевски Звонкол

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ**:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Точна е констатација на некои од колегите дека по вчерашното бурно започнување на оваа седница некако се спласна со интересот за дискусија и можам како и другите колеги пратеници да констатирам дека после енергичната интервенција на релевантните меѓународни субјекти и со анулирањето на резолуцијата од страна на привременото собрание на протекторатот на ОН, се доведува во прашање договорот кој што го ратификува ова Собрание овде за граничната линија помеѓу РМ и СРЈ.

Што: се однесеува до декларацијата која што е поддржана од овие четири субјекти кои што се потпишани на декларацијата , би сакал да кажам дека лично мислам уште во времето ме потсетува на некои настани кои што се случија во минатата година кога се водеа разговори после провокациите кај Танушевци и кога нашата пратеничка група живо бараше, со неколку барања свикување на итна седница по повод актуелната безбедностна состојба во РМ, кога заседаваа парламентите на соседните земји , кога расправаше Бугарскиот парламект, Романскиот парламент, кога расправаше Советот за безбедност на ОН по повод ситуацијата на Балканот, конкретно во Македонија, ние како Собрание потфрливме и одговорните субјекти треба да си ја понесат одговорноста, за тоа што едноставно го преспавме тој период кога се иницираше кризата. Кога на Шар Планина и други стратешки места на демаркационата линија, во делот на граничната линија од СРЈ кај Косово се шетаа терористички групи и кога нашата партија сигнализираше дека има упад на терористички групи и кога баравме да се расправа за тоа, од релевантни субјекти во актуелната Влада бевме убедувани , за жал, некои од нив сега се и министри во таа Влада, дека состојбата во РМ никогаш не била побезбедна , отколку тогаш. Проагањето на засолништа и складови со муниција, апсолутно не беа алармантни за да се расправа за таа состојба. Мислам дека само мојата пратеничка група имаше пет или шест барање за свикување на итна седница по тој повод и од страна на најголемата политичка партија, која што е воедно и носител на коалиционата Влада , ни беше објаснувано дека воопшто не станува збор дека има некаква политичка позадина, туку станува збор за некои криминогени структури, кои ги имало и секогаш ќе ги има, не само во Македонија, туку и на други места. Така се случи и случајот кај Арачиново, имаше и други случаи. За жал, сето тоа се случи после онаа криза која што беше во Косово, кога ние како институции, Владата на РМ донесе одлука да прими околу 400 илјади бегалци од Косово, кои што бегаа од режимот на Милошевиќ и на сопствено земјиште со сопствени средства изгради кампови за да ги смести , се додека не помине таа криза. Меѓутоа, во тоа време и политичките субјекти на албанците во Македонија беа заитересирани за да биде таков развојот на настаните и соработуваа со обласга , иако можеби во тие моменти од чиста хуманост македонците занемарувајќи ги интересите на сопствената земја, на сосптвената безбедност, можеби примивме и повеќе граѓани од надвор во нашата земја и тогаш беше оправдано стрвувашето на некои од нас дека понатаму може да биде ваков развојот на настаните.

Овие два дена се изнаслушавме обвинувања, кој е повиновен, дали актуелната Влада или претходната Влада. Јас би рекол дека виновни се сите влади од осамостојувањето на РМ наваму, заради тоа што се направени извесни превиди уште во 1993 година, при приемот на "РМ како членка во ОН и наместо сега кога завршува времената спогодба, која што е потпишана во Бујорк во врска со името кое што го проблематизира'Република Грција и наместо да се хомогенизираме преку народните судови и институции како Собрание овде заедно, сите претставници на граѓаните на '.РМ и албанци и македонци , мислам на албанците во Македонскиот парламент, да го оствариме тоа право , РМ конечно да си гобие своето уставно име , а не името Бивша Југословенска '.РМ, која што денеска сеуште се употребува во ОН.

За оваа декларација која што сега се наоѓа пред нас, би кажал дека со одредени нејзини делови не се согласувам и се сложувам со некои од пратениците кои заговараат дека е потребно да се седне и заеднички сите овде да дадеме свој придонес и да ја составиме, како би застанале сите зад нејзе, не сум против декларацијата . Но, исто така треба да размислиме дали можеби ова Собрание не е пореално да донесе една декларација со која што ќе се поддржи одлуката на цивилнлниот администратор на Косово за поништување на одлуката на привременото Собрани на Косово. Исто така, ми се чини дека треба Меѓународната заедница да се охраби , а не да се критикува и да се повика преку г-динот Штајнер како претставник на ОН за потесна и координирана соработка и активност за уништување на терористичките формации и групации кои што се уфрлуваат од територијата на протекторатот на ОН. Со тоа би се дал и непосреден придонес во борбата против меѓународниот тероризам. Секако, дека се сеќавате ова Собрание на затворената седница на 16 и 17 март 2001 година,расправајќи по информација на Владата на '.РМ за актуелната безбедносна состојба донесе заклучоци и Со тоа се задолжија органите на РМ , претседателот на државата, Собранието, Владата , безбедносно одбранбените структури да ја следат состојбата и да преземаат соодветни мерки со кои ќе го обезбедуваат мирот и стабилноста во земјата и безбедноста на секој нејзин граѓанин. Согласно настанатата состојба овие органи ќе преземат итни и ефикасни мерки за спречување на натамошната ескалација на состојбите. За жал, после 17 март 2001 год, состој-бите во РМ ескалираа и од страна на релевантни политички лидери на политички партии, кои се потписници на .Рамковниот договор да се збору-ва она што вчера беше зборувано во Македонското собрание апсолутно не личи, бидејќи се разбира, како носители на извршната власт се имало можност да се справи со напливите на екстремни терористички групи. кои влегле од надвор и го нарушиле суверенитетот и интегритетот во'РМ.

Што да кажеме за самиот факт дека истиот г-дин е и претседал на владиното координативно тело за справување со кризите. Ние денеска гледаме дека Македонија не е интегрирана, дека сеуште има добар дел од својата територија врз која што институциите на РМ немаат контрола. Вие денеска , исто така , сме свесни дека и нашето Собрание и покрај предупредувањата кои што доаѓаа од нас неколку пратеници преку усвојвуањето и прогласувањето на уставните амандмани дека Собранието избрзува, дека во преамбулата во Рамковниот договор е предвидено меѓу другото безусловно да се прекине огнот од сите страни, да се собере оружјето, да се вратат раселените лица на сопствените огништа, да се побараат цврсти гаранции од Меѓународната заедница, да се вратат киднапираните лица и да се собере оружјето од т.н. ОНА која што во тоа време оперираше на територијата на :.РМ. Меѓутоа, ова Собрание овде добиваше известување од страна на трупите на килибарна лисица, кои ја спроведуваа операцијата жетва, дека со 2/3 од оружјето се собрани, така што и вие претседателе на Собрание бевте информиран дека е ссбрано доволен дел од оружјето и да се пристапи по одредена фаза на промените на Уставот. Иако, ние, цело време се противевме кон Уставните промени, кон амандманите, сепак, сите бевме сведоци и целата македонска јавност дека во ова Собрание овде од страна на политички партии и пратеници, кои се потписници на Рамковниот договор во Хрид, беше зборувано јавно на седниците на Собранието на РМ дека нема никаква теорија да се пристапи кон изменување на Уставот за наредниот ден од истите тие праетници да се гледа дека без никакво размислување ги гласаат промените на тој Устав. Нашите дискусии беа дека е тоа лошо дека тоа води кон федерализација на државата и можеби најцрното сценарио е до уништување на сите институции во РМ. Ние, од ова Собрание немавме праов, се разбира, да водиме грижа за судбината понатамошна на сегашниот протекторат на ОН, Косово. Се

разбира, тоа е пред се и над се прашање на граѓаните кои живеат таму и прашање со кое што треба да се позанимава најсериозно Меѓународната заедница.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Меѓутоа едно е факт дека сите овие пратеници кои што седиме во овој Парламент и сите релевантни политички структури во Република Македонија јасно знаат што предвидува резолуцијата1244 на Советот за безбедност на Обединетите Нации. Јасно се знае за најавите од страна на привременото Собрание на протекторатот дека точно ја насочуваат легитимноста на договорот кој што е ратификуван во Собранието на Република Македонија со СРЈ за граничната линија. Значи дека се доведува во прашање резолуцијата 1244, со што некои сили во земјава и надвор одат кон остварување на идејата за голема Албанија. Се разбира дека Меѓународната заедница не можеме да ја обвиниме, но овој пат е нергично и цврсто и преку Советот за безбедност на Обединетите Нации и преку нивниот претставник во протекторатот на Косово, Европската Унија, како и Вашингтон не реагираа навремено. Секако дека сите ќе се согласиме дека нивната реакција беше навремена и енергична. Еклатантен пример за тоа дека од истото место од каде што почнаат минатогодишните борбени операции од страна на терористите кон караулата Кодра Фура, се сака од страна на некои сили повторување на истите тие настани. Собранието на Република Македонија тогаш кажуваше дека тие групи кои што упаѓаат на територијата на Република Македонија се вооружени групи на екстремисти и терористи, кои што од страна на протекторатот влегуваат во Република Македонија. Меѓутоа, јасно нагласувавме дека тие се парамилитантни организации и ние се залагавме во Предлог заклучоците на затворената седница на Собранието на Република Македонија, да се користи таа терминологија.

Доколку Собранието на Република Македонија превземе чекори со една декларација, со која ќе се поздрави одлуката на Меѓународната заедница за анулирање на декларацијата на Собранието на протекторатот Косово, јас мислам со тоа се оправдува, доколку и понатаму продолжат овие активности во делот на границата со Косово кон СРЈ, Република Македонија и нејзините институции имаат полно и легитимно право преку сите меѓународни конвенции и норми, како и военото право најенергично и најжестоко да одговорат да го зачуваат суверенитетот и интегритетот ка својата територија, а терористичките групи кои што упаѓаат и кои што вршат агресија на територијата на Република Македонија да се протераат, разбијат и уништат. Исто така би требало да се разгледа безбедносната состојба, каде што не би било лошо нашиот Парламент да се декларира во легитимноста за употреба на безбедносните сили во разбивањето и уништувањето на терористичките и парамилитантните формации на целата територија на Република Македонија. Со тоа се дава целосен легитимитет за безбедносните структури, армиските и полициските сили да го бранат суверенитетот и интегритетот на цела територија на Република Македонија.

Самиот факт дека се наближува крајот на времената спогодба од 1993 година, кога треба да се разреши спорот со името, кој што го води Република Грција со нас и нормално, предизвикува поголема нервоза кај некои од нашите соседи, а ние сме сведоци дека некои од партиите кои што се столбови во Владата го употребуваа енергично во комуникацијата со меѓународните фактори терминот славомакедонци, што секако, дека им одеше во прилог во негирањето на националниот идентитет на македонците.

По усвојувањето на амандманите на Уставот, со редефинирањето на националните стратешки интереси, со кои што ова Собрание со гласовите на повеќето пратеници прифати Република Македонија да ја гради понатаму како граѓанска држава, самиот факт покажува дека тоа легитимно изменување на Уставот го даде ова Собрание и покрај тоа што ние се противевме како пратеничка група. Исто така, секако, ова не ни се случува случајно, бидејќи потписниците на Рамковниот договор превзеле и одредени активности, кои што требало со одредени рокови да ги запазат. Значи, во нив било предвидено во кој рок треба да се донесат некои закони од аспект на локалната самоуправа, од аспект на изборното право, од аспект на други области кои што произлегуваат од тој Рамковен договор. Се разбира, во тој рамковен договор биле предвидени и предвремени парламентарни избори за 27 јаруари о.г. Така да, сега некој да излегува на говорница и да сака да се оправда за сето тоа што се случуваше,а притоа цело време, четири години да ги има сите механизми да се справи на легитимен и енергичен начин со сите притисоци кои што дојдоа, ми се чини дека не држи место. Затоа мислам дека со извесни корекции оваа декларација е

добра и треба Собранието да донесе таква декларација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Покрај тоа што сум свесен дека многу нешто беше кажано во текот на расправата и вчерашна и денешна за прашањето за кое разговараме, сепак сметам дека има уште многу нешто да се каже, бидејќи секој дискутант што излегува тука ги изнесува своите видувања и аргументи контрарасправата и за она што е проблем за што е свикана вонредна седница на Собранието на Република Македонија.

Најпрво сакам да го изнесам мојот став и ставот на пратеничката група дека немаше потреба од свикување вонредна седница. Немаше потреба од расправа по прашањето за кое дискутираме и тоа од повеќе причини.

Прво, и покрај тангираните инциденти на граничниот појас кои по се изгледа упорно се демантираат од страна на Меѓународната заедница и покрај фактот што резолуцијата на Собранието на Косово беше истиот ден од претставникот на Меѓународната заедница ставена вон сила и покрај фактот што всушност, Законот за ратификација на Договорот на границата не е доведен во ниту еден момент во прашање, се доволни докази за контрадикторноста на изнесените аргументи прорасправата и проидејата за усвојвуање на еден ваков акт. Но, ова не е прв пат кога претседателот на Собранието, во спрега со претседателот на Владата почувствуваат потреба на јавноста да и сервира една тема, можеби и намерно за да се запостават реалните проблеми во земјата, тогаш се свикува седница, тогаш се дискутира, се расправа, а кога реално имав предлози во Собранието, тоа упорно се одбегнува, темите за кои треба да расправаме не се ставаат на дневен ред под разен изговор, често пати заради немање мислење од страна на Владата, точки се симнуваат од дневен ред, а сега расправаме за еден акт, без мислење на Владата, покрај сите изнесени аргументи дека нема потреба Собранието на Република Македонија да се стави во спрега со косовското Собрание, но упорно тоа го правиме. Дека тоа има намери кои навистина не се искрени до крај и дека тоа не е прв пат покажува и фактот дека и самиот Закон за ратификација на Договорот за границата беше по иста псотапка и на ист начин донесен. Ние уште тогаш упатуваме на забелешките дека не смее Законот за ратификација на Договорот да се донесе на итна седница, по скратена постапка, зашто тој може да остави последици, што времето впрочем ги покажа и како што се одвива настаните во земајта и фактот што денеска расправаме по истата тема, за исти или слични проблеми, само ги потврдува нашите стравувања дека можно е при ваков начин на усвојување на закон да има последици, односно да има проблем. Дека не се надминати таквите тенденции покажува и самиот наслов на декларацијата за која денеска расправаме и која ни се нуди за усвојување. Ние расправаме за проблеми во делот на северната граница, а насловот на декларацијата вели за состојбите на дел од северната граница на Македонија кон СР Југославија. Значи таму не постои ништо друго. Не постои Косово, не постои меѓународно присуство, не постојат никакви органи и упорно си тераме така. Но, што е тука е и јас сакам да го изнесам моето мислење дека темата за која расправаме има две димензии. Правата е формално-правната и втората е практичната. Практичната за која со малку поголема спремност за надминување на проблемите, а не за оставање на жаришта, кои перманентно ќе не потсетуваат на вакви прашања, можат да се надминат. Но, за тоа треба спремност. Кој е формалниот аспект на прашањето. Формалниот аспект на прашањето според мене е тоа што ние уште кога го донесовме Законот за ратификација остававме индикации околу постапката, околу брзината и начинот на кој го донесуваме тој закон, другата страна во случајот Косово има свои забелешки и да се постави на ваков начин, каков што се постави. И да усвои акт, било тоа да е ништавен, било тој да не постои, но како изразена волја на граѓаните на Косово, изнесена преку нивните претставници е факт кој што неможе да се пренабрегне. Зошто го велам тоа. Го велам зошто и тогаш доколку се прочита стенограмот од обраќањето на премиерот, тој јасно укажува дека во тоа време ниту една членка од поранешната СФРЈ го нема регулирано прашањето на границите меѓу себе. Тој меѓу другото вели: Што се однесува до Косово со ова денешно ратификуваше воопшто не го решаваме проблемот на Косово. Мислам дека таа работа многу јасна и едноставна му е на секој пратеник. Ние решаваме еден проблем кој Македонија го има со соседна Југославија и на тој начин ја заокружуваме државноста. Меѓутоа, на некој начин им помагаме и сите други прашања понтаму да се расчитат. Јас само ќе спомнам дека вс

овој момент меѓу ниедна друга поранешна југословенска република го немаат завршено спорот со границите. Ниеден проблем со границите не е затворен.И ги набројува: Словенија со Хрватска, Хрватска со Босна и Босна и Херцеговина, Хрватска со Црна Гора, Хрватска со Југославија, Босна и Херцеговина со Хрватска, Босна и Херцеговина со Југославија и тн. А нам ни требаше преку ноќ да се свика вонредна седница по скратена постапка да го ратификуваме Законот, кој беше неспорен во моментот. Вие знаете какви состојби имавме тогаш на северната граница. И сега се правиме како удрени зошто ни се случува ова, зошто на Косово има реакции. Јасна беше пораката на Собранието на Република Македонија и на Владата дека единствен легитимен претставник за разговори и преговори околу северната граница во делот на Косово е Скопје-Белград. Становиште кое и денес не се напушта. Се чудиме зошто од Косово има реакции. Зарем навистина, некој искрено мисли дека Косово и граѓаните на Косово тоа рамнодушно ќе го гледаат. Заборавате дека 20 години Косово војна водеше со Србија, токму за-ради тие прашања да не остане под јурисдикција на Југославија, Милошевиќ,.Србија и тн. Не велам дали е праведно или не од становиште или од гледна точка за македонците, но немојте да претендирате да ги ставате во столбот на критиките косовската страна и да се чудите зошто тие реагираат така. А како би требало да реагираат. Не би било природно поинаку да реагираат. А како би требало да реагираат. Друго е какво е становиштето на Меѓународната заедница како тие одлучуваат, како се поставуваат и тн. Но, не може да се оспори легитимното право и залагање на косовскиот народ и тие претставници кои го претставуваат тој народ да ги отвораат овие прашања и да разговараат и да донесуваат акти макар истиот ден меѓународниот претставник ги прогласи за ништавни.

Вотор, мислам дека прашњето е спорно од една точка на тоа што во ниту еден момент,иако тогаш упорно баравме за ова прашање да бидат консултирани макар ако не и формално како потписници на Договорот како што беше случајот Коштуница-Трајковски, ама да бидат консултирани за практичните прашања претставниците на УНМИК и на тогашниот привремен Совет за Косово, таквото прашање се одбегнуваше. Во ниту еден случај не добивме одговор дали тоа е направено иако во еден момент тогашниот министер за надворешни работи го стави во заблуда Собранието со неточни изнесени искази дека наводно имало таква соработка, што после таа изјава УНМИК од Косово прача дека тоа не е точно.

Трето,мислам дека јасно е дека Белград не треба да се очекува ниту од албанците во Македонија, иако не е тајна, тие сами признаа дека во еден период пратениците на ДПА беа ставени во заблуда да гласаат за тој договор кој став го имате сега ревидирано. Вие видовте каков став изнесе господинот Дика сега и беше принуден како партија пратеничката група да го напушти и да ја напуштат седницата. Да прифатиме Белград да одлучува за територијата на Косово. Јас ги разбирам забелешките стравот, па ако сакате и стравот на македонската страна, доколку ние отвориме прашање околу тоа дали границата е таа, или дали треба да има граница, каде треба да се протега и од таа гледна точка да се поставуваат проблемите и да се надминуваат состојбите. Не можете да очекувате лојалност на нас албанските пратеници кон прашањето, ние да прифатиме договор потпишан меѓу Скопје и Белград за територија на Косово. Колегите кои од оваа говорница упатија забелешки, дури и со тон на зачудување, како може и каде има такви случаи пратеник од една земја да постави под сомнеж договор околу границата на својата држава.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (Продолжение)

Ги покренувам и со полно право, не во контекст на тоа дел од нашата земја да биде отстапена на друга земја, туку во контекст на тоа, нашите органи со кој тоа преговарале и кој тоа потпишувале таков договор за дел од историјата за која ние неминовно сме заинтересирани да биде така како што тој народ сака.

Практичните проблеми мислам Дека се повеќе од јасни и за жал што ги има така, но уште еднаш ќе подвлечам дека тоа е најмалиот дел од проблемот која со малку спремност и желба може да се надмине.

Тогаш премиерот не убедуваше дека ниту една педа од едната или од другата страна не е отстапена. Повторно ќе го цитирам неговиот тогашен настап. Тој вели:

"Вториот момент во кој апсолутно ве уверувам и кој можете сто пати да го проверувате и да го ставите на било какви меѓународни експертизи е моментот дека оваа власт буквално се држеше на она што се нарекува статус кво,

на она што било во времето на распаѓањето на Југославија. Тоа е тој период од 1990 и 1991 година. Значи ниту за еден сантиметар не е поместена границата, ниту на територијата спрема Србија, ниту на територијата што е спрема Косово".

С9га испаѓа дека тоа не е така. УНМНИК, органите, наречете ги привремени или какви сакате на Косово, изнесоа факти дека во прашање се 2500 хектари. Зошто не се најде ниту еден паметен доаѓа Штајнер од Приштина тука кај Трајковски, сакаше средба и со министерот за надворешни работи, да дискутира за овие работи и чукна на затворени врати. Немаше одговор од македонска страна. Ако навистина е така, како што тогаш премиерот Не убедуваше Дека е, тогаш од каде бојазноста и уплавот од македонската страна да Се изнесат аргументи Дека тоа не е доколку е точно. Јас Ве уверувам Дека Не можеме да ги побиваме, со ваков ригиден став нивните сомнежи Дека дел од таа територија е транпана заради Прохор Пчински. А кога е Прохор Пчински во прашае, јас ќе ви го цитирам настапот на тогашниот министер за надворешни работи кој вели: "Манастирот Прохор Пчински беше третиран од наша страна како прашање од посебен интерес, поради тоа што претставува културно историски споменик од посебно значење за поновата македонска историја, за националните чувства и за битието на македонскиот народ".

Понатаму премиерот вели дека многу се залагала македонската делегација манастирот Прохор Пчински да припадне на македонската страна и што се случи? Манастирот останува од таа страна, под изговор дека ќе уследи еден посебен договор кој ќе го регулира посебниот статус на манастирот Прохор Пчински, ама манастирот останува на српска територија. Тука произлегуваа сомнежите на косовската страна дека манастирот Прохор Пчински е транпан за нивна територија. Ако Не сакаат дајте да излезат на терен екипите и нека го докажат спротивното. Тое Не го правиме, молчиме, или пак се плашиме дека, наводно ако прифатиме разговор со Штајнер, УНМНИК и тамошните органи, наводно преку тоа ќе ги легитимираме органите на УНМНИК и косовската страна како рамноправни и полноважни преговарачи за прашањето на границата, а забораваме дека притоа дека тој Штајнер, тој УНМНИК претставуваат, ако сакате, и тие органи под благослов на таа меѓународна заедница претставуваат ОН, НАТО, ЕУ итн. Затоа јас мислам дека практичните проблеми треба да се надминуваат практично на терен со добра желба.

Пратеникот Хаџиреџа предложи да се формира една заедничка комисија од македонски експерти и од УНМНИК каде што во делот на УНМНИК ќе се вклучуваат и надлежните органи на Косово и нека излезат на терен, нека ја расчистат до крај ситуацијата и спорните хектари кои се спомнуваат.

Второ, дека Белград не е само решението или само Белград не е решението, еве јас ќе ви поставам едно конкретно прашање.

По усвојувањето на законот ние имавме конкретно определен рок дека надлежните органи ќе излезат на терен и ќе извршат демаркација. Имаше немили настани, едно, друго и се заврши. Поставувам прашање до Владата, премиерот за жал не ни е тука, министерот за надворешни работи ниту знаеме каде е, веројатно со авионот на Слободан Милошевиќ шета, со кого тоа македонската страна ќе соработува при одбележувањето на границата во делот на Косово. Неминовен е говорот дека со УНМНИК и со косовските органи, затоа што фактижки таму не е присутен. Ако е така, а мора да е така, јас ве убедувам дека еден ден Македонија мора да седне со УНМНИК и тоа прашање да го расчисти и со косовските органи, ако сака да го одбележи тој дел односно таа граница. Тогаш зошто сите тие проблеми и цела оваа атмосвера кога може на многу практичен начин со конкретни чекори да се надминат и недоразбирањата и да се затвори прашањето и границата да се одбележи. Оттука мислам дека ние можеме да донесеме било какви акти, но вистината ќе остане таква каква што секој од свој аспект Неја ја гледа.

На крај само сакам, инаку и претходниот дискутант од редовите на ПДП се огради па и јас уште еднаш, во име на пратеничката група на ПДП да се оградиме од сите квалификации изнесени, и од претседателот на Владата и од пратениците што како заеднички став утре можеби ќе се преточи во заклучоци или во декларација, кои се изнесени врз меѓународната заедница и нивниот став. Напротив, мислам дека многу скоро ќе дојде времето кога ќе се докаже

конструктивната улога на таа Меѓународна заедница. Јас само ќе ве потсетам дека до колку не беше НАТО и Меѓународната заедница, во екот на кризата во Република Македонија, кога МАНУ преку своите во власта ги лиферуваше картите за поделба на Република Македонија, конструктивните струи и партии во Република Македонија и тоа НАТО и тие меѓународни структури, не го дозволија тоа и Македонија остана во овие граници. Еден ден македонскиот народ во прв ред, а и сите граѓани кои живеат во неа и кои сакаат да живеат во неа, во мир и во рамноправност, ќе му бидат благодарни на тоа НАТО и тој меѓународен фактор, а не тука да се стават на столбот на срамот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Слушајќи ги овие дискусии стекнав впечаток дека не само времено̄то Собрание на протекторатот Косово што ја оспорува границата меѓу СРЈ и Македонија, туку и дел од наши пратеници најавуваат дека таа граница не е валидна. Зборувам за претходниот дискутант кој слушајќи го, просто да го убеди и да му веруваш, до колку не си доволно информиран. Меѓутоа, полека, полека, предлага повторно да се формираат групи кои ќе преговараат и ќе ја ревидираат границата меѓу СР Југославија и Република Македонија.

Партијата Нова Демократија, по дејствувањето на резолуцијата која беше донесена од времено̄то собранието на протекторатот Косово, долго време правевме анализи и се мислевме дали тоа е возможно, меѓународната заедница да не реагира, или најавата за една ваква итна седница на Собранието на Република Македонија, дали ова претставува, како што некои тука сакаа да го прикажат, предмет за кавга и отпочнување на повторни немири во Република Македонија, и воени дејствија, или навистина Парламентот на Република Македонија треба да го каже својот став за оваа поставена провокација од страна на времено̄то собрание на протекторатот Косово.

Најнапред сакам да кажам дека овој проблем на Блаканот подолго време постои, последните 10, 11 години од осамостојувањето на Република Македонија, постојат неколку работи за кои ние сакале или не, меѓутоа укажуваат на едно постојано држење на состојбата ваква каква што е недефинирана и не до крај решена. Најнапред прашањето околу името на Република Македонија кое до ден денес го немаме решено, ниту е случајно ниту малозначајно за Република Македонија и за стабилноста на Балканот. Исто така, прашањето околу границата на Република Македонија и СР Југославија која што, еве 10 години не можевме да го решиме односно успеавме да го решиме пред година и нешто и денес од страна на протекторатот наидуваме на негирање на оваа граница, дури, реков, и одредени парламентарци од ПДП, и тие искажуваа сомневање во реално воспоставената граница меѓу Република Македонија и СР Југославија.

Почитувана господо Меѓународната заедница навистина многу вешто ја држи состојбата вака, не водејќи сметка дека и овој народ, и овие народи кои живеат на Балканот имаат праг на издржливост и доколку тоа не го согледаат на време може да се случат одредени дејствија кои понатаму можат да придонесат за пошироки размери, пошироки немири кои ќе доведат до големи човечки жртви и кои овој простор ќе го држат подолго време ваков каков што е, или ќе го сведат на пониско рамниште.

По отпочнувањето на воените дејствија кои што се случија минатата година, од меѓународните фактори, најнапред тие кои што влегуваат од територијата на Косово, беа нарекувани како криминалци, шверцери, против кои властите во Република Македонија треба да преземат поостри ригорозни мерки. Полека како што се одвиваа состојбите, почнаа да не убедуваат дека треба да седнеме и да преговараме со нив, дека сепак тоа се внатрешни сили кои се борат за човекови права. Таа вистина полека полека ја ширеа преку своите моќни мрежи за информирање или дезинформирање, информирајќи не и нас тука кои ја гледаме вистината, но дезинформирајќи ги меѓународните сили надвор, граѓани кои не ја знаат вистината на Република Македонија и за овој Балкан. Реагиравме така како што реагиравме и направивме нешто што може да го направи македонскиот народ сам, во тој период недоволно подржуван од Меѓународната заедница. Така ни дојдоа Меѓународни сили кои пристапија кон разоружување на теренот што е во западна Македонија,

прогласувајќи Дека постојат само 3300 парчиња оружје и дека овие, Не знам вакви онакви лисици Ќе ја средат состојбата и по разоружувањето ќе биде мир во Република Македонија. Сите Се свесни а и тие самите колку и какво оружје собраа и дали Република Македонија односно се разоружани посебно во западниот ДеЛ на Република Македонија. Го доживеавме тоа што го доживеавме. И ден денес нашите безбедносни сили не можат да влезат во Делови на своја територија и се изнаслушавме парадокси, безбедносните сили на Република Македонија бараат да им се гарантира безбедност од меѓународната заедница да влезат на своја територија во Република Македонија. Тоа е веќе понижувачко, повеќе отколку што може да го поднесе еден народ. Токму поради тоа ја повикуваме меѓународната заедница да има чувство за прагот на издржливост на еден народ кој е познат по својата трпеливост. Меѓутоа, доколку Се доведе во прашање интегритетот и целовитоста на Република Македонија, мислам Дека од еден мирен и мудар народ Ќе прерасне навистина во една сила која што Ќе ја брани оваа мала но прекрасна своја држава.

Се служи најнапред висок воен функционер кој беше на Косово да ја оспори границата. Па Веднаш потоа меѓународниот фактор да го повлече, демек го санкционира. Овие пробни балони многупати веќе се почувствувани во нашата држава и на сите нас доволно познати. Реагираше Владата на Република Македонија и министерот за надворешни работи. И покрај сите реакции повторно времдното собрание на прсггакторатот Косово си донесе резолуција со која ја оспорува границата меѓу СР Југославија и Република Македонија. Веднаш потоа господинот Штајнер, што е за почит, ја поништи оваа резолуција и таа Нема правно дејствие. Меѓутоа, дали да веруваме дека сето ова е реалност, дали сето ова е испробување на прагот на издржливоста како на Македонија така на Косово, така на Југославија, така на сите овие држави кои живеат на овој немирен Балкан.

Ние долго време размислувавме дали да учествуваме во една ваква расправа, дали повторно да отвораме кавги меѓу нас туку, поради една невалидна резолуција која ја донесе едно времено собрание на еден протекторат. Меѓутоа, согледувајќи ја политичката тежина што тоа може да ја има, сакаме да се обратиме до Меѓународната заедница и да го кажеме ставот на македонскиот народ кој преку нас пратениците е преточен во ова Македонско Собрание.

Ја поддржуваме оваа Предлог декларација со наши одредени интервенции што ќе ги дадеме како амандмански интервенции и мислам дека и македонските албанци кои се членови на овој Парламент треба да поддржат една ваква декларација и да можеме да ги нормализираме работите и да тргнеме кон она што значи враќање на патот на реформите во Република Македонија, а не расправање за неколку хектари, колку што сакаше претходниот дискутант. Мислам дека намерите треба да ни бидат чесни кон оваа држава и да се вратиме на патот на обнова односно на продолжување на закочените односно оспорените реформи во Република Македонија.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Подолго време размислував дали да земеме збор како партија и јас како пратеник од Македонско ВМРО и ние како партија за оваа декларација, поточно за резолуцијата . што е донесена во протекторатот Косово И на крај се одлучивме да не седиме по страна и да го кажеме своето мислење. Најчесто почнувам со поговорка. Така и денеска тоа ќе го направам да се задржам на своите принципи. Господо од власта, вие ги барате трагите на волкот, а волкот е со вас. Давате многу големо значење на еден лист хартија, а заборавате на една петина окупирана територија од Македонија. Упорно молчите за окупираната територија. И спрема вас е многу поважен овој лист хартија кој во понатамошниот тек ќе го објаснам. Изненаден сум на откажаната љубов на господинот Замир Дика, како координатор на Пратеничката група на ДПА со Пратеничката група на ДПМНЕ. И прв пат да немаат идентични ставови. Јас незнам и си поставувам прашање, а воедно сакам да ми се одговори, дали ова ќе значи и раскинување на коалицијата, или повторно некој детски трик кој може да има и тешки последици.

Пратениците од ДПМНЕ и нивните коалициони партнери целата вина за состојбата во Македонија ја префрлуваат на меѓународните институции, на меѓународната заедница. Зарем може господо Меѓународната заедница да ви биде виновма за се она што се случи во Македонија. Можеби е виновна и за тоа што ве окарактеризира за најкриминална влада

или држава најкриминалона на просторот на Европа. Можеби и во ова столетие ќе го држите рекордот мислам во 21-иот век, мислам ако останете суште на влас но тоа тешко.

Господинот Љупче Ристевски нагласи, под присила на Меѓународната заедница гласавме за Рамковниот договор. Добро е што дојде на дневен ред оваа Декларација. Навистина немаше да знам, добро е што не запозна господинот Ристевски дека биле присилени да гласаат за Рамковниот договор, но не од нивниот премиер, туку од Меѓународната заедница. Тоа прв пат го слушнав и многу сум изненаден. Зошто тогаш за време на гласањето не ни кажа, барем тогаш да обелоденеа дека се под присила и мораат да гласаат за Рамковниот договор, туку сега ни кажуваат дека биле под присил; Господо, со тешки зборови ќе ги изговорам тие четири свети букви кои не ги заслужувате вие од ДПМНЕ, вие се откажавте од стратешкото место на Попова Шапка, вие се откажавте и му го отстапивте на ДПА. Исто така, во Комисијата беше дојдено и за Попова Шапка да се дискутира, односно да се донесе одлука да се прогласи за национален парк. Токму вие ја стопиравте расправата за Попова Шапка да се прогласи за национален парк, токму вие најстратешкото место и најблиското место со границата со Косово Лешница вие ја отстапивте и ја повлековте полицијата. Кој ви е тогаш виновен, зарем Меѓународната заедница ве принудуваше вие да правите отстапки' Не, господа. Или немате никакви способности, не знаете што правите, или свесно ги правевте отстапките. И едното и другото не ве оправдува за на-правените грешки.

Господинот Флоровски повика да се раскине Рамковниот договор со образложение дека сега сватил, целта на Рамковниот договор била територијални претензии. Па господо каде беше Флоровски кога јас зборував недела дена и повеќе дека целта е територијални претензции а не никаков Рамковен договор, или било какви граѓански права. Добро е што еднаш барем сватил, но не верувам дека сватил, ова е некое си оправдување да се оправда самиот себе, или да го убедат нивниот електорат колку и тие мислат на Македонија. Ги напагаше олеснувачите. Незнам кои олеснувачи, дали македон-ските, или мегународните и другите на ист кавал свиреа. За жал ништо не беа помалку добри ниту едните, ниту другите. Само требаше тоа да го каже господинот точно за време на потпишувањето на Рамковниот договор или додека расправавме за Рамковниот договор. И многу сум изненаден од една порака испратена до граганите од господинот Флоровски: нема вечно пријателство, туку вечен интерес. Интерес е многу тежок збор. Пријателства постојат и ќе постојат, но интереси не. Предавството што е извршено со Рамковниот договор нема оправдување дека тоа е спроведено под присила. Нема сила за одбрана на суверенитетот и интегритетот на било која држава што може да ги поколеба почнувајќи од премиерот, претседателот, па и пратениците. Сите се должни да ги штитат интересите на државата. За тоа и овој народ нас не гласал. Меѓународните човекови права беа на страна на македонскиот устав, затоа што никој нема право да ги присили пратениците на Македонија да не ги бранат интересите на својот народ. За жал пратениците не ги бранеа македонските интереси. Повторно се поставува по незнам кој пат интегритетот на Македонија. Господо албанци, крајно време е еднаш да покажете лојалност спрема македонската држава во која сметам дека многу добро живееете и треба да бидете задоволни и презадовол-ни од правата и привилегиите што ги уживате. ВМРО Македонска не е изне-надена од односот на албанските политички партии со поддршката што ја даваат на протекторатот Косово, затоа што со протекторатот Косово, со Резолуцијата се има за цел да се остварат големоалбанските апетити. За жал, пратениците треба да се одлучат дали им е татковина Македонија, или Албанија. Господо пратеници повторно од етничката албанска популација заборавивте дека Македонија прими 350 илјади граѓани од Косово, а посебно треба граѓаните на Косово да бидат вечно благодарани кога им беше најтешко, кога бегаа под присила на оружјето, Македонија ширум ги отвори врати-те и границите и ги прими сите граѓани без разлика дали имаше можност, или немаше. Господо, тоа не треба да се заборави, бидејќи има господ и враќа. Не треба господо да заборавите, ние вас леб, а вие нас камеша и оружје. Не е чесно. Исто така, коалициите со цел да се одржи и мир и соработка и ширината на македонскиот народ према албанското малцинство им дадоа до тој степен толку многу министерства и најразлични директороки фотељи што прашање е дали ги заслужуваат. Убеден сум дека во Македонија постојат стотици поспособни министри отколку министрите кои ги држат фнкциите. За жал ова не води кон добро. Ние треба да бараме квалитетни министри, а не по некоја си партиска линија. Ова треба

да ни биде поука и еднаш треба да прекратиме со вакви поставувања на министри и директори. Не е мал бројот во јавните претпријатија каде што постојано се отпуштаат македонци, а на нивни места точно во јавните претпријатија каде што се директори албанци, се вработуваат албанци. Бројот на македонците е се поголем и поголем кои се на улица, кои неможат да се прехранат и се принудени да ја напуштаат својата татковина. Вина за се ова што е винов-ни се досегашните влади, затоа што немале национална стратегија. Уште една поговорка ќе кажам за декларацијата. Волкот е на изворот, јагнето пие под изворот, а волкот му се заканува на јагнето дека му ја мати вода-та. Господо, никој не ви ја мати водата, самите си ја матите водата. Се зависи во чии раце се наоѓа. Ако имавме чесни политичари кои си ја сакаат својата држава сега ќе немавме војна, криминал, корупција и безработица. Се зависи од тоа во чии раце се наоѓа државата. Затоа добро проценете дали можат случајни и непроверени луѓе да ја водат државата. Со случајни луѓе само може да се разгради државата како што се разградува и разградува. Се зависи во чии раце се наоѓа. Ракометната топка во рацете на ракометарките на "Кометал" Горче Петров, вреди стотици илјади евра, голема афирмација на Македонија и светла точка од осамостојувањето до денес единствена светла точка. И дај боже да имаме такви и спонзори и такви силни екипи. Но, се зависи во чии раце и кој ги води екипите.

Резолуцијата на косовскиот парламент како нелегална и невладина ја отфрлија сите релевантни институции на меѓународната заедница, затоа што е ништовен акт. Тоа значи дека работиме на сопствена штета, бидејќи свесно го оживуваме ништожниот акт со расправа во Парламентот и прашање е дали требаше денеска да расправаме. За жал, еве и јас подлегнав да расправаме, но подлегнав да расправаме само за да укажам дека овој ништожен акт ние го оживуваме и му даваме важност и му даваме живот и протекторатот Косово го промовираме како свој партнер. Со тоа Косово, уште еднаш нагласувам го протежираме како свој сосед на држава. Нашите квази и недобронамерни експерти кои се на власт си зедоа за право да ја поставаат декларацијата на дневен ред и по итна постапка преку ноќ да закажат седница. За жал оваа резолуција се гледа како легален документ и тоа токму од првиот човек на државата,од премиерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ви напомнам нешто, ве молам господине Симев, вашата пратеничка група исто така, се придружи како предлагач на оваа Декларација.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине претседателе, ние ја немавме информацијата. Ние

мсилевме дека е добронамерна. Но, не сите, само еден пратеник ја потпиша. А нејзините автори се прогласуваат за рамноправен субјект за партнерски преговори како држава со држава.Само колку да ве потсетам господо пратеници, многу добро ќе се потсетите кога премиерот го дочека господинот Хашим Тачи на црвен тепих на аеродромот, како да пристигнува во Македонија државник од највисок ранг. А сега кукаме токму од Хашим Тачи поточно од протекторатот Косово. Се ова е последица на лошите потези кои ги влече оваа влада. Со предлог декларацијата ќе треба македонското собрание да и се спротивстави на косовската резолуција. Моите граѓани знаете како велат? Жими мајка. На сите ни е јасно дека косовскиот парламент нема да се смени со лист хартија, со носењето на декларација. Само длабоко ќе се потиснат сите документи и изјави со кои се зацртани меѓународно прифатените гранични договори помеѓу СР Југославија и Република Македонија. По се изгледа на македонскиот политички врв ништо не и значат изјавите на Стејд де партментот, НАТО, ОБСЕ и Европската Унија кои дадоа целосна поддршка на меѓуграничната спогодба помеѓу Република Македонија и Социјалистичка Република Југославија. Сето ова ми дава за право да констатирам дека оваа собраниска расправа има за цел да промовира еден лажен патриотизам и голема загриженост за иднината на Македонија како и додворуваше на збунетиот електорат, а можеби и нешто повеќе, не дај боже да не биде само со големи последици. Ако повторувањето е мајка на знаењето, во тој случај вреди да се повтори да се нагласи дека македонско-југословенската граница е меѓународно призната па затоа прашувам, зарем треба да повторуваме лекции кои одлично ги имаме научено и оценети сме со највисока оценка , а од друга страна да ги тргаме на страна лекциите кои не ги знаеме од минатото кои постојано ни се повторуваат и каде што постојано се губитници. Крајно време е да вршиме селекција ако не сме во состојба да ги учиме сите лекции, барем лекциите кои се во интерес на државните интереси. На Косово има само една значајна личност по име Михаел Штајнер кој е шеф на цивилната

администрација на ОН, или со други зборови првата виолина на Косово. Единствено неговиот збор се слуша. Се што имаат да кажат граѓаните од Косово достигнува само на ниво на локална власт. Нивните барања немаат крај, бидејќи тие сакаат да ја скријат својата инфериорност па затоа локалната власт не може да ја прикрие силната државничка желба, се со цел да го минимизира протекторатот на ОН а сега да си дадат значење дека се држава суверена и дека можат да прават што сакаат на Балканот.Затоа прашувам зошто да ги задоволуваме страстите на исфрустрираната локална власт освен ако имаме нечесни намери и од каде толку голема желба и потреба да му помогнеме точно на протекторатот Косово, а да си одмогнеме самите себе.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (продолжение)

Прашање кое може лесно да се одговори или како колегите ми дофрлуваат автогол. Токму така. Зарем повеќе господа го сакаме Косово од Македонија. Ова важи и за пратениците македонци и за пратениците албанци. Мора да си ја сакаме својата тактовина која ни дава парче леб, а кој го сака Косово може да си отиде да си живее, може да има таму и подобар живот, но се додека живее и работи во Македонија должен е да ги штити интересите на Македонската суверена држава.

Македонската декларација може да им послужи како искра надеж за задоволување на големоалбанските апетити, до кога господа албанци ќе размислувате за војни. Најдобар пример ќе ви кажам деновиве сите бевме сведоци на една интернационална екипа - "Кометал" каде имаше само една или две македонки, сите беа странкињи, сите гинена за Македонија и станаа европски шампиони. Тоа господа го бараме од вас и дури тогаш ќе бидеме силни и тогаш ќе влеземе во ЕУ. Само ако така размислуваме тогаш ќе имаме иднина. Ако размислуваме поинаку ќе немаме иднина.

За жал во нашиот Палрманет седат пратеници кои ги поздравуваат Резолуциите и ги прогласуваат за легитимни одлуки. Сето ова не му пречи на г. премиер, туку ги сожалува пратениците од ДПА и ПДП за што ќе цитирам на страна 5 и 6 од Рамковниот договор "знам дека се наоѓаат во многу тешка ситуација вашите две политички партии ПДП и ДПА, се наоѓаат во толку тешка ситуација што не може да биде потешка, да се изјаснат против нешто што е од другата страна од Косовскиот Парламент".

Господа, ве прашувам, посебно го прашувам г. премиер од каде толку големо сожалување и загриженост за албанските партии кои ни малку не покажаа лојалност и грижа на совест спрема едногодишната војна, расселените македонци од Западна Македонија, опожарените домови, Цркви, Манастири, како и киднапираните македонци. Господа, требаше барем еднаш да смогнете сили да излезете на говорница и да кажете ги осудуваме терористите. Дури тогаш ќе сфатевме дека навистина сте лојални, барем да одглумевте, но ни еднаш, со ниеден гест не покажавте дека ги браните интересите на Македонија, дека не стоите зад терористите.

Поради наведеното ги прашувам министрите и пратеници албанци чии интереси штитат, бидејќи уживаат големи привилегии токму во Македонската држава надополнувајќи ги привелегиите со безброј директорски и заменички фотељи. Господа, вашите постапки само потврдуваат дека имате една единствена цел за што никогаш не сте поддржале било каква македонска стратегија, за да бидам поубедлив ќе бидам принуден да ги набројам. Тоа убедување го делат скоро сите Македонци дека имате, а имаме можност и да го прочитаме, ќе цитирам, имате една единствена цел распарчување на Македонија и создавање на Голема Албанија. Тоа не води кон ништо, тоа води само до крвопролевање. Европа се обединува, дајте сите заедно да живееме, дајте да бидеме среќни сите заедно, дајте да ја градиме Татковината заедно. Само така можеме да бидеме среќни сите. Ваквата политика на г. премиер незнам каде води. Зарем тој не знае дека за сите тие што многу е загрижен баш им е гајле за Македонија. Кога станува збор за Косово тие настапуваат како да се работи за своја држава, а тоа имавме можност да го слушнеме на оваа расправа токму кога се работи за Резолуцијата на Косово, иако се работи за македонски државни интереси кои се загрозени. Тоа значи дека Македонија ја чувствувате како туѓа држава. Каде води ваквата политика? Ваквата политика може да води само кон немири и кон низок стандард и со тешко срце морам да констатирам многу тешко да дојдеме, да влеземе или да се приближиме до ЕУ ако вака размислуваме и понатаму.

Од осамостојувањето до денес не знам кога сме ја покажале лојалноста кон Македонија, па затоа прашувам како може нелојален граѓанин на Макеоднија да добие министерска или директорска фотеља. Ќе набројам. Бевте против Уставот, бевте против химната кога се свиреше вие станавте и ја напуштивте салата. Бојкотиравте попис. Предизвикавте или доведовте до војна, до економски колапс во Македонија и со тоа

Македонија ја вративте ако не повеќе барем 20-тина години назад заедно со оние што се на власт, сигурно не сте само вие, сигурно партијата која е на власт со Македонци не се само албанци. Немаат крај постапките за човекови права, постојано се бараат некои права. Јас сметав дека амнестијата ќе биде крај на барањата и нема што повеќе. Рамковниот договор беше потпишан, да се амнестираат сите што зедоа учество во војната, и тоа беше дадено. Кога едно ќе се заврши и даде, веднаш се бара нешто друго. Потоа настапува и друго барање. Се добива впечаток дека барањата секогаш се малку и дека немаат крај.

Господа пратеници сакам да ве потсетам на заклучоците на Собранието на РМ, донесени на седницата одржана на 16, 17 и 18 март 2001 година, за Информацијата на Владата на РМ, за актуелнобезбедносната состојба. На седницата беа донесени 8 заклучоци од кој ќе го цитирам четвртиот.

"Собранието на РМ, ги повикува политичките партии да не влегуваат во деструктивни сценарија и своето дејствување да го насочуваат во прилог на државата, мирот, стабилноста и демократијата наспроти насилството и етничката омраза". За жал декларацијата беше едногласно прифатена од сите пратеници и албанци, но таа не беше спроведена. Имавте пратеници кои зедоа директно учество и во војната тоа е Хисни Шакири, и голем број на командири кои застанаа на страната на терористите. За жал господа ако донесеме некој документ и ако се договориме мораме да стоиме зад него.

Покрај тоа што последиците од Рамковниот договор ги знаеме и многу пати ги имаме искажано знаете дека има нешто уште потешко од Рамковниот договор. Господа, не сте свесни, ќе ви кажам една поговорка во која се кажува...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте пак овци, јагниња..

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не се ни овци ни јагниња, не е проблемот што детето ќе се разболи, туку е проблемот што ќе се разгали. Не е проблемот што албанците добиваат се, туку што се многу разгалени, што правиме. Ќ9 имаат некој проблем, стоп, нема минување, да го ослободите еди кој си. Постојано рампи, постојано барикади. Замислете си што Ќе биде ако од Источна Македонија поставаат барикади како г. пратеници вие кои не ги браните интересите на граѓаните од Источна Македонија ќе си отидете дома. Каде води ова поставување на рампи. До каде води? Значи, тоа е непочитување и незнам која сила како може да донесе ред по овие отстапки што се направени, оваа разгаленост која постои спрема децата. Знаете, секогаш родителот кога има милост спрема некое слабо Дете и постојано го гали, после во текот на животот Ќе си има проблеми. Токму тоа Се случува. Сето ова што го наведов ќе го потврдам со следните аргументи. Парламентот на Република Албанија на 9.03.2001 година, донесе Декларација со која го негира потпишаниот Македонско Југословенски договор за разграничување. Набргу по декларацијата следи нападот на Танушевци. Покрај максималните отстапки што ги направи Македонија во однос на албанското малцинство со Рамковниот договор и понатаму големоалбанските страсти не стивнуваат **и** понатаму се пука, и понатаму имаме барикади, и понатаму полицијата не може слободно да се движи на територијата на Западна Макеоднија и не ја контролира целата територија на Западна Македонија, и понатаму се молчи за киднапираните граѓани и овој момент сакам да им се извинам на граѓаните, го добив нивното писмо мислам од родителите на киднапираните, тие од нас бараат да не расправаме каде што има прашања и барања од албанските пратеници, се додека не се дознае за киднапираните 12 граѓани. Затоа ве замолувам ако сите го спроведеме тогаш ќе има ефект, а ако се повлечеме нема да има ефект.

Како потврда за сето ова следува Резолуција од протекторатот Косово. Не случајно границата помеѓу РМ и СРЈ не е призната од Западниот сосед Албанија. Непризнавањето произлегува од идејата повторно ќе гласам Голема Албанија. Таа идеја е зацртана во платформата на Академијата на науките на Албанија од 1998 година. На страница 19, ја имате видено платформата, ќе ја цитирам. Академијата на Албанија мисли доколку етничките проблеми на Балканот вклучувајќи го и правото на албанските етнички простори се решат со примената на принципит на самоопределување, само тогаш на Балканот ќе има мир, само тогаш Балканот нема да биде буре барут и нема да има повеќе потреба за политички распоредувања на државите едни против други. Со тоа го завршувам цитатот.

Со ова барање од Албанската академија В9ќе официјално и се објавува војна на сите балкански соседи. Значи Албанија објавува војна на Македонија, на Србија, на Црна Гора и на Грција.

Премиерот ни одржа предавање што значи не признавање на граници. За таа цел ни презентира неколку примери. Непризнавање на граница е отворено жариште. Точно. Отворена крајна дестабилизација на две земји и тоа е точно само не кажа кои две земји, во текстот не можев да најдам, иако беше конфузен целиот текст едвај се снајдов да извлечам она што треба да цитирам, но тоа е тоа. Во текстот наидов дека дава пример со Индија и Пакистан, Северна Кореа и Јужна Кореа. Господо, ние сме толку далеку и оваа граница на Македонија со Косово нема никаква врска со Јужна и Северна Кореа, а камоли со Индија и Пакистан. Ние сме суверена и независна држава, како може премиерот да не споредува со Пакистан и со Индија, за мене е несфатливо.

Исто така г. премиер не убедува дека ОН до сега имаат донесено многу резолуции, но, за жал, многу од нив не се решени. Со тоа, како да сака да се прикаже далекувиден и да предупреди на време дека изјавите од Стејт Департментот, НАТО и ОБСЕ, како и ЕУ се незначајни во однос на Парламентот на протекторатот Косово. За пример г. премиер ги зема Танушевци, каде го осудува меѓународниот преседан. Премиерот смета дека Македонија на почетокот имаше голема поддршка кај Танушевци, а потоа таа поддршка се намали. Господо, мора да ве потсетам кај Танушевци се беше стационирано. Во една кафеана знаете што имам слушнато. Малку виц, малку вистина. Еден граѓанин знаете што вели - да се соберевме ние ловџиите ќе ги избркавме тие 20 терористи, а целата Армија на Македонија и авијација беше сконцентрирана да избрка 20 терористи, чекајќи наредба, од кого? Од врховниот командант, а врховниот командант немаше сили и храброст да даде одлука. СЕ сеќавам на написите, ова го кажуваа луѓето кои беа во првите борбени линии, тоа го пишува и во печатот дека чекавме наредба, ги следевме како влегуваат командирите во куќите и можевме за неколку минути да ги срамниме куќите и да го решиме проблемот. За жал, одлука не дојде, а знаете ли кога дојде одлуката, кога КФОР се вклучи, кога истите тие терористи се повлекоа на Попова Шапка. Значи, се е договорено, војната е договорена се со цел некој многу лесно да профитира или да го потроши она што го нема заработено или да испере пари. И за ова ќе ви дадам аргумент, не сакам никогаш на памет да зборувам. Бидејќи ние во физичката култура сме точни и прецизни, работиме со бројки, веднаш потоа проблемот се префрли на другата страна и почнаа да следуваат најразлични негаторски ставови и тоа од ББС и СИ-ЕН-ЕН. Многу тешко ми падна кога почнаа да не прикажуваат како Армија која врши терор, која употребува тешко вооружување. Само сакам да ве потсетам и да го потсетам г. премиер, тој треба да знае, а посебно врховниот командант и господата многу слаби генерали дека војната се води на неколку фронта. Едниот фронт е со оружје, другиот фронт е со медиумите. Господа, ја изгубивте војната уште на самиот старт, војна со медиумите и со (му упаѓа г. Чедомир Краљевски) и со БИ-БИ-СИ требаше да водите војна г. Краљевски, а ќе ви кажам како.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да му овозможиме да заврши со излагањето.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ако не беше криминалот, таа војна ќе ја водевте, а зошто имаше криминал во војната? Ќе ви кажам еден пример, сметам дека е доволен бидејќи е многу тежок. Господинот министер за одбрана Пауновски 15 милиони ДМ ги злоупотреби во оние моменти кога на Македонија и беше најмногу потребни средства. Тие средства требаше да ги даде или за оружје да се одбрани Татковината или за медиумите дури тогаш ќе можеа да пишуваат и за војната и објективно да ја покажат сликата што се случува на ова подрачје.

Уште еден голем лапсус на г. премиер косовскиот заштитен корпус го величаше до небеса. Кажувајќи дека брои 4 до 5 илјади вооружени војници како да сакаше да каже дека Македонија не може да се одбрани од Косово. Ако тоа навистина го мисли може да биде само добар премиер на Косово, а не на Македонија. Ако Макеоднија не може да се справи со 4, 5 или 10 илјади или со покраина Косово каде има регуларна армија, каде има авијација, каде има тешко вооружување, тогаш зошто ни е држава. Зошто ни е држава, кажете.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**: (Продолжение)

Значи, проблемот е во оној кој ја води војната, не е проблемот во оружјето. Значи, неспособни луѓе ја водеа војната.

Господо, војната беше режирана. Проблемот беше во предавничката улога што ја изврши врховниот командант и врвните политичари, како и полтронски настроените воени старешини. Тука е вината на Рамковниот договор, а не е вината во меѓународните институции.

Покрај наведеното, зборувавте за нови можни, дури премиерот ни кажа дека се можни нови терористички напади. Целта сметам дека е дури провидна. Треба да знае премиерот Д9ка суверена и независна држава како Македонија многу Лесно ќе се справи со било какви терористички напади, а посебно во време кога целиот свет војува против тероризмот. Значи, се е а наша страна, само треба да се сака. Доколку нешто не се сака, не може да Се оствари. Ќе кажам пак една поговорка од спортот. Трдба да веруваш Дека можеш да победиш кога играш на натревар. Ако не веруваш дека можеш да го победиш противникот, натпреварот однапред си го изгубил.

Ќе цитирам уште еден член од Рамковниот договор на страница 7, каде што премиерот смета Дека е крајно време да се направи една средба МеЃу македонски претствници, албански претставници и српски претставници. На таа средба да Нема претставник од Меѓународната заедница. Добро би било да каже премиерот што ќе дискутира, па зарем Не знае премиерот Дека постои заскон со меѓународни стандарди за етничките групи? Па знае! Па што има да Се договарате сега!? мене ми е несфатливо, навистина Незнам што сакаше да исправи со таа порака.

Исто така господинот премиер сакам да го кажам од каде кај Него толку многу песимизам и каде оти'де, го прашувам, Неговиот силен патриотски оптимизам кој го гаеше токму во предизборието во 1998 година. Наеднаш прекуноќ, за Четири години го изгуби Целокупниот патриотизам што го имаше.

(Дофрлување на пратеникот Александар Пандов со зборовите "се слушаш што зборуваш, велиш четири години - преку ноќ")

Господине Александар, повели кажи ако имаш нешто.

Сега навистина ми е јасно зошто кај вас нема ништо свето. Тоа го кажувам токму за вашата претеничка група. Ги извалкавте 4-те свети букви. Вие можете дас изнесете - токму за вашата партија зборувам, премиерот посебно - се на пазар и се да продадете, затоа што немате ништо свето. Ние како македонска ВМРО имаме свето и затоа се држиме на 4-те свети букви. Инаку, и ние ќе се откажеме од ВМРО, но после изборите да знаете дека се откажуваме од 4-те букви и стануваме само македонска партија. Тоа однапред ви го кажувам и да знае целата македонска јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, не ги кажувајте сите работи однапред.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**:

Пратеникот Александар Пандов ме провоцира.

За жал, 10-годишната пасивна политика ја доведе Македонија во улога на вечен губитник, со постојани оставки. Токму поради тие постојани оставки Македонија е вечен губитник. Дури еден протекторат и наметна правила на игра, проследена со ситни трикчиња. Ни наметна правила на игра. Незнам дали нашиот премиер многу лесно се залета на ова трикче, или има нешто што јас не можам да го предвидам. Но, јас да не го предвидев и да не го осознаев, можам еве и да најдам оправдување. Но, целокупната македонска јавност, според она што го читаме во печатот и целокупната интелегенција, луѓе кои имаат многу подолго се бават со политика од мене, јас признавам дека само 4 години се занимавам со политика, но многу повеќе насучив од вас кои сте 10-15 години во политиката, барем чесно и совесно си ја вршам својата работа. За мене е несфатливо како може да не се сфати токму оваа игра. Постојаните повлекувања, само колку да ве потсетам, за време на преговорите за Рамковниот договор, имавме постојано напуштање на лидерите на политичките партии од албанскиот електорат, после одредено тактизирање повторно ќе се повлечеа. Исто сега и координаторот на ДПА се повлече. Исто така сега ни следува некоја декларација. Што зад ова се крие, ќе покаже времето.

Македонскиот парламент најдобро би било да расправа и да го осуди протекторатот Косово, како генератор за немири на Балканот, со постојана употреба на оружје и тоа на туѓи територии.

Истовремено, со одлука на Собранието да сд запознае Советот на безбедност на ООН и воедно да побара распуштање на Косовскиот парламент, дури тогаш ќе има еф9кт оваа расправа, а не ние да расправаме за резолуција, бидејќи опасноста и генераторот е Косово.

Ние треба да знаеме Д9ка токму Косово е опасно по мирот на Балканот. Сите треба да знаеме, а посебно луѓето кои ја водат политиката во Косово, треба да знаат Дека мора да го респектираат

мислењето и одлуките на господинот Михаил Штајнер, човекот кој е одговорен за протекторатот, а не вие да си земате за право да одговарате на одделни замки кои *се* наметнуваат од протекторатот Косово.

За крај, повторно сакам да завршам со една порака. Човек кој си ја сака својата татковина Не е достоен да живее во Неа, а најмалку да ги користи благодетите на сопствената држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мевљан Тахири.

(Пратеникот Ванчо Чифлиганец бара реплика со зборовите "Се искажаа невистини по спортска линија")

Не е спортот сега во прасање ве молам седните на место.

(Пратеникот Ванчо Чифлиганец доаѓа до говорницата упорно барајќи право на реплика, при што ги кажа зборовите: "Ве молам, по спортска линија, Јака - Бучим беше европски и свдтски шампион, да Не заборавиме

Ве молам, Не можете да Се запарите Сега, *ќе* ви дадам после збор, а Сега седите си на место.

Вд молам Седете Сега, ако треба и тие работи *ќе* ги расчистиме.Повелете господине Тахири.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Дами и господа пратеници,

Ќе се обидам и јас накратко да ги изнесам ставовите веќе на Републиканската партија, а не само мои лични ставови така што се надевам дека нема да предизвикам некое незадоволство кај моите колеги тука, туку навистина ќе се обидам реално да ги согледаме проблемите и колку што можеме да дадеме наш придонес да ја насочиме работата во насока на намалување на тензиите кои се подгрејуваат полека но сигурно од неодговорни поединци.

Како прво, би сакал да кажам, лично сметам дека е легитимно правото на Косовскиот парламент, односно на претставниците на косовските граѓани да се изјаснат за прашања што нив ги засегаат. Не гледам ништо лошо во тоа тие да изразуваат одредени ставови во однос на состојби кои ги засегаат граѓасните на Косово. Во оваа насока, не би требало да се оди понатаму, туку да се разбере таа резолуција како желба да се надминат тие состојби кои и господинот Штајнер, а мислам и од наша страна, неколку пати се изразуваа одредени ставови дека постои подготвеност за надминување на некои состојби кои предизвикуваат незадоволство кај граѓаните од косовска страна. Мислам дека во однос на самиот легитимитет на Косовскиот парламент да се изјаснува по одредени прашања, иако е со ограничен легитимитет и под будно око на Меѓународната заедница, сепак не може да се побие фактот дека тие и те како имаат право да го кренат својот глас и да го искажат своето мислење за одредени прашања.

Второ, мислам дека намерно или ненамерно не ги согледуваме реално фактите. По мое мислење, се работи за намерно создавање на жариште на дестабилизација, и тоа предизвикано од српската страна. Не случајно преговорите кои траеја со години, речиси 7 или 8 години, завршија во тој момент кога Косово, односно Србија и Југославија ја изгуби својата реаслна власт во Косово и потпадна под привремена уирава на Меѓународната заедница, односно на ООН. Во тој мометнт многу брзо се постигна договор и многу брзо, за жал - мислам дека господинот Зибери го спомна тоа - многу лесно се откажа македонската страна од барањата за одредени ингеренции врз територијата на манастирот Прохор Пчински и според некои размислувања можеби се направи добар дил со југословенската странас, односно со српската страна со тоа што се трампаше дел од територијата и за возврат се доби дел од косовската територија. Во овој случај би сакал да кажам според некои сознанија, дури и спроед југословенските закони, не може без консултација на автономната косовска власт да се направи таков договор, така што мислам дека тој договор е апсолутно неважечки токму за делот на Косово. Спроед тоа, добро би било да се бара начин да се согледаат тие незадоволства кои произлегуваат и да сес одбегне оваа, спроед мое мислење, замка од српската страна. Тоа е замка токму од српската страна, затоа што тие не случајно, иако не сум сигурен, дале дел од косовската територија, за да се создаде крајна дестабилизација меѓу двата соседа и понатаму да бидеме заложници од една непотребно создадена ситуација, во која ние понатаму ќе се расправаме, а некој ќе трие раце од тоа што очигледно успеал да направи раздор, и тоа тежок, меѓу македонската и косовската страна, односно меѓу македонците и албанците.

Имајќи ги предвид овие факти, мислам дека треба реално да се согледаат состојбите. Тука за

поздравување навистина е пристапот на премиерот Љупчо Георгиевски кој што и покрај пежоративниот однос на одреден број на пратеници кои неодговорно се однесуваат од оваа говорница, јас би ве замолил господине претседателе во иднина, не само господинот Сејфедин Харуни да го отстранувате, туку и сите тие други кои пежоративно и потценувачки се однесуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сум ги отстранувал јас и другите.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Се изразуваат за Косовскиот парламент и за косовската влада и другите органи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тука не се случи такво нешто.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Добро, но во секој случај имаше такви потценувачки изрази и мислам дека треба реално да се согледаат состојбите и да се седне во една мирна атмосфера да се согледаат состојбите.

Зошто го кажувам ова?

Затоа што според некои шпекулации, се работи за 400 хектари, според други за 2.500 хектари, спорад трати за 4.000 хектари, според некои за реално поместување на границата за да им се овозможи комуникација на жителите од селата Танушевци и Малина Маала, така што овие работи треба да се согледаат сите, да се види што има спорно во тоа разграничување и евентуално во еден мирен разговор да се изнајде решение што би било прифатливо за двате страни. Што е уште поважно, мислам дека неколку пратеници зборуваа за добрососедски односи, за добри односи во регионот, за стиблен регион кој ќе нуди перспектива за своите граѓани, а од друга страна е присутна една многу воинствена реторика од типот на г.Вангел Симев дека што е еден косовскит корпус од 4.000 луѓе, ниа можеме лесно да излаземе на крај со нив, незнам што чекаме и такви работи. За сраќа, тој не е министер, но баш би сакал да го видам како ќе тргне на Косово со тие негови ловџии таму, па нака се сретнат и нака уживаат во тоа што изгледа дека го сака. Но Сепак јас мислам дека поважно од се е тоа да се обидема навистина да воспоставиме добрососедски односи, затоа што оваа реторика која што постои и желбата да се потценува еден сосед, да се изразува пежоративно кон него, мислам дека е многу опасна работа која што во иднина може да Се одрази на односите маѓу Република Македонија и Косово. Состојбите одат во таа насока што мислам дека наминовно Косово ќе стане независна држава и многу е лошо од сега да се создаваат бариари и да се створи таква атмосфера во која однапред Косово Ќе Се сматае за непријателска страна. И што е уште поважно мислам дака поради нас албанците тука во РМ треба да бидете малку почувствителни. Мислам дека треба да водите сметка и за нашата положба во која што се наоѓаме.

Во оваа смисла апсолутно не сум за тоа ниту педа од оваа држава да се даде некому. Но, апсолутно сум и против било каков обид, било кој дел од друга територија да ни припадне на нас. Што ќе ни е тоа што не е наше. Затоа, мислам дека реално треба да се седне, да се разговара, да се согледаат состојбите и да се направи обид да се излезе од оваа ситуација.

На крајот би сакал да одговорам на некои подметнувања кои се присутни овде. Имено дека со оваа шема се работи на создавање на голема Албанија. Апсолутно ги негирам тие размислувања и тие ставови. Ни во најмала мерка не се работи за такво нешто, апсолутно. Мислам дека се работи за загриженост на косовската страна за реалнит состојби кои постојат на границата. Понатаму не сакам да одам.

Апелирам да се седне и да се разговара и да се видат реалнит состојби кои навистина се таму. Дали е тоа навистина нешто крупно, кое не можеме да го пребродиме или пак може да се излезе елегантно од оваа ситуација со едни разговори.

Инаку, создавањето на голема Албанија, ако веќе било некоја тема до минатогодишната војна, кја што сакале или не сакале, мораме да признаеме дека ни беше на прагот, сепак, со начинот на кој што се реши мислам дека се стави точка на тоа прашање и албанците јасно дадоа до знаење дека своите интереси и права ќе ги бараат во оваа држава. Но при тоа морам да одговорам на некои прашања дали е тоа крај на албанските барања.

Албанските барања, господо кои што се заинтересирани за тоа, не се крајниот домет со Охридскиот договор, затоа што тој Охридски договор е кмпромис кој што мораше да се направи за да се сопре војната. Јас се надевам дека никогаш повеќе нема да дојдеме во ситуација да војуваме. Но апсолутно никој не може да го одземе право на албанците со политички средства да бараат начин да

изградат и подобри и похармонични односи во државата.

**МЕВЉАН ТАХИРИ**:(продолжение)

Во таа насока никој нема право да бара од албанците да се откажат од политичките напори да ги подобрат односите во државата. Веќе е дежурна тема на некои пратеници овде штом ќе излезат на оваа говорница, мора да кажат нешто за косовските албанци и за гостопримството кое што ние им го пруживме, односно македонската страна.

Вистина е дека Македонија ги отвори своите проти, но како ги отвори? Откако заглавија луѓето на граница во многу тешка ситуација. Немаше таква намера. Се сеќавате на СНН на сите тие незадоволства кои постоева заради затворената граница. Мислам дека на некој начин ние бевме да ја отвориме границата. И, за среќа, пруживме гостопримство. Но, во секој случај не сте вие тие кои сте пружиле гостопримство, односно тие кои зборуваат како вас. Ви9 не сте сакале ниту да ги видите тие луѓе овде. На ниту еден од нив не сте им пружиле гостопримство. Тие беа прифатени во најголема мера од албанците во РМ и од државата што им овозможи сместување во неколку кампови. Апсолутно не мислам дека е тоа ваша лична заслуга или на некои слични како вас и дека тоа е еден гест што моравте да го направите, а не дека сакавте.

За на крај, сепак би сакал да видам во една мирна атмосфера оваа работа да се решава, а Не да се препукуваме тука меѓу нас и да создаваме непотребна тензија за работи што Сепак, јас се надевам Дека може да имаат и среќен епилог во едни мирни разговори.

Благодара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Јанкоски Жарко.

**ЖАРКО ЈАНКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

На почетокот од својата дискусиај сакам да подвлечам дека во целост ја подржувам декларацијата за состојбите на дел од северната граница на Макеоднија кон СРЈ и тоа од следниве причини:

Со изгласувањето на оваа декларација парламентот енергично и недвосмислено ќе ја отфрли резолуцијата на косовскиот парламент, резолуција што придружена со последните инциденти на северната граница, за кое што постојат сериозни индиции дека во тие инциденти се инволвирани членови на КЗК имаат трајна цел континуирана нестабилност на регионот односно една агонија на која што крајот тешко ќе се види.

Инаку, изгласувањето на оваа декалрација од страна на македонскиот парламент е во согласност со заложбите на меѓународниот парламент, фактор за неменливост на границите на Балканот.

Во тој контекст посебно интересни се дискусиите на дел од пратениците на пратеничката група на ПДП кои постојано ја потенцираат улогата на меѓународниот фактор и нивниот став дека за секое битно прашање што ја третира РМ , ќе прават консултации со меѓународниот фактор. Тие нивни заложби апсолутно ги подржувам. Припадник сум на политичка партија која оние битни круцијални прашања за иднината и стабилностана РМ беа донесени со меѓународниот фактор и како круна на сето тоа по минатогодишната криза и Рамковниот договор за кој што сме потписници, го подржувам, беше донесен во соработка со меѓународниот фактор.

Меѓутоа, што е индикативно?

Како прво, Договорот за границата помеѓу Македонија и СРЈ беше верифицирано од меѓународниот фактор, а тој од овие пратеници е отфрлен како невалиден.

Како второ, Резолуцијата на косовските институции, што беше отфрлена од меѓународниот претставник Штајнер, кој недвосмислено ја кажа политиката на Меѓународната заедница се промовира исто од овие пратеници како став, како суверено право на претставничкото тело на косовските албанци што исто така ја доведува во прашање нивната искрена намера и намери по прашањата за стабилноста , интегритетот и територијалниот суверенитет на Република Македонија.

Исто така, почитуваниот г-дин Исмет Рамадани , потенцираше во својата дискусија дека е претенцијозно ние, како РМ да го решаваме идното устројство на Косово . Јас потполно се согласувам со него. Ние таква тенденција немаме. Тоа значи никако не сакам мојата дискусија или дискусијата во македонскиот парламент да се сефати како такво нешто и сметам дека решавањето на идниот статус на Косово е во рамките на ингеренциите на Меѓународната заедница и СР Југославија. И, сето она што ќе биде одлучено на тоа ниво, ние како РМ и како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ ќе го почитуваме.

Меѓутоа, истовремено, господо не очекувајте од нас ние на Косово да му дадеме меѓународен легитимитет пред тоа да го стори меѓународниот фактор. Уште еднаш потенцирам дека во потполност ја подржувам декалрацијата и сметам дека е тоа едно сериозно прашање на кое што ние како институција, како сериозна институција на една суверена држава мора да реагираме. И покрај фактот што резолуцијата на косовското претставничко тело е отфрлена, сепак тоа тело е избрано на легитимни избори на Косово и можеме да ги надѕираме вистинските намери на оваа провокација.

Значи, уште еднаш давам безрезервна подршка и се надевам дека предлог резолуцијата ќе биде изгласана.

Благодарам.

Има збор г-дин Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници не се плашите, вие можевте слободно да говорите и да се однесувате како сакате. Дозволете го тоа право и на други. А под име друг кој барам да биде тоа, дозволете ми и јас нешто да кажам како јас ги сваќам работите околу оваа тема што денеска ја расправаме.

Колеги пратеници, пред нас е предлог за донесување на декларација. Декалрацијата е предлог на повеќе пратенички групи , на коај декалрација пристапија и оние кои не беа составувачи.

Веднаш штом дојде ова на ред, според нашиот Деловник со кој работиме овде, ако предлогот за кој што треба да се расправа не е предлог на Влада, ќе се бара мислење од Валдата или од нејзиниот претставник. По Законот за Влада член 15 Владата ја претставува премиерот на Валдата.

Користејки ја оваа законска можност и деловничка обврска на Собранието и на премиерот за негово изјаснување по одреден предлог господинот Љубчо Георгиевски вчера овде во тоа својство даде видување по однос на декларацијата.

Веднаш се појавија некои недоразбирања, некои сомневања дека оваа декалрација треба да се повлече дека не треба да се расправа за неа бидјеки тоа е работа на друга територија, 6е3 разлика каков статус таа територија и тој орган ужива. И, како што почна моето јавување овде, веднаш истите тие луЃе почнаа да се противат зошто ќе говорам и јас. А, се противат , односно не поставија прашање зошто тие таму говореа за нас.

Нормално е, веднаш доаѓа по одредени примери, Тој Устав не бил, примена на Устав кој не важи од 1974 година Тие предлози за анекс на договор, те во тој преговор учествувала една држава што не постои, односно СР Југославија и дека тоа не треба да го прифатиме како држава.

Господо, Уставот од 1974 година на СФРЈ пропадна и не се применува од моментот кога таа држава се распадна. Од неа излегоа пет меѓународно признаени држави, меѓу кои е СРЈ, како остаток, составена од Србија и Црна Гора, другите беа Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и ние Македонија, значи добивме статус на држави меѓународно признати. Сите контакти помеѓу држави можат да бидат само меѓу тие такви држави инаку не и со локални управи или слично . На Косово дојде локална управа од меѓународниот фактор , протекторат. Протекторатот не е ништо друго туку заштитена територија. Еден од дискутантите овде се изјасни дека таа заштитена територија , што ја донела резолуцијата да се соменва и не го признава договорот, тој простор на Косово водел војна 20 години за чистење на Србите од Косово. И, што се прави сега. Дали ние треба да прифатиме дека некој говори за човечки права или говори за територијален принцип. Тие луѓе, кои ја водеа таа војна, тие луѓе, кои сега со гордост говорат дека ќе се иселеле од Косово , веднаш донесуваат резолуција со која не ни признаваат територијален интегритет на државата. Се поставува прашање и од нив и од некои овде меѓу нас дали ние треба да расправаме во парламентот околу територијалниот интегритет.

Господа пратеници, ние како законодавно тело имаме основна обврска да го штитиме интегритетот на државата. На кој начин? Преку обврска на органите кои ја имаат извршната функција во државата. И, нели е срамно ние да се повикаме еден меѓу друг за слична тема, која ни го ограничува интегритетот на територијата, кој идентитет не се признава со години оспорувана граница, со години оспорuванб право, со години оспорувано или не оспорувано право. Ние сега кога го имаме , говориме дека не е така. Е, сега, не е проблем од другата страна, проблем е од оваа страна. Овде имаме покрај друго население и население од албанска заедница. Тие колеги овде кои седат изразуваат подршка за

нетериторијалност на територија која ние ја имаме. Па, нивна е таа територија, население ќе има чувство и ќе може да биде државотворно или ќе има услови да биде државотворно или било како, само ако основно си го почитува интегритетот на државата. Дали е тоа политички, законодавен или територијален. Ние, овде, сега сакаме да изгубиме територијален интегритет. За реалниот интегритет е прашање на време. И, што е најбитно никаде СР Југославија што го донесе Уставот од 1992 година, никаде не кажа дека Косово е надвор од територијата на Србија. Косово има територијална ингеренција на меѓународната власт , но не надвор од територијата на Србија или Југославија. Сепак, досегашните односи на меѓународните сили ќе говори дека Косово е составен дел на Југославија и допрва после три години ќе се решава статусот. Сега, кога се говори за меѓународен однос према Косово и Македонија, во што е нашето противење, како што јас го сваќам. Ако имаме принуден управник преку г-дин Штајнер како претставник на Меѓуародната организација, ве молам, една работа, тој делува директно на утврдување на дневниот ред. Тој не даде од дневниот ред да се симне таа точка, туку остана и откако се донесе таа , сега вели таа е ништовна. На тој став ништавно , се јавуваат други. Ќе го прогласиме целиот договор како таков. Зошто? На другата страна односно Југославија не е правен субјект, затоа што населението на Косово како таков субјект не го признава, а Југославија е членка на Обединетите нации. Ќе ве молам, дали сега ќе треба да ги распуштиме и ОН само заради тоа што едно население не сака да признае членка на таа организација. Ако сакаме мир, ако сакаме просперитет, ако сакаме соживот, ако сакаме добро, овде треба со акламација оваа декларација да ја усвоиме. Затоа што како население на една територија, која ја сочинува таа држава, а ние сме членки на таа држава, да ја заштитиме. Ако дојде предлог за преговори, па тоа по дипломатски пат да се прати, тогаш треба да видиме дали ние ќе прифатиме разговор за битието на државата или не, а не декларација и дојдете на преговори. Едни такви преговори ние веќе имавме и мислам дека не се потребни. Еднаш е направено она што е барано. Ги подвргнавме под човекови права. Сега, ве молам, последниот говорник, не сакам да го напаѓам го спомна Танушевци и Малино мало да ги уредуваат, господа пратеници, знаете во светот дека граничните линии помеѓу држави одат низ сред куќа. Како што се вели делат Ќ9рамида. А, ова, имало друго маало што припаѓа во друга територија, само за територија на една држава односно на едно маало, да се даде цело село или реон. Јас, правото на нив да го бараат, не им го оспорувам. Но, добрососедството треба да има главна причина тоа така да се направи. Добрососедството може да договори начин на користење на имовина. Но, во многу државиво светот еднаш штом ќе се поделат останува имовина на граѓани од една до друга држава. Се прави меѓународен договор, се одредува режимот на користење на тој имот и крај. Меѓутоа, не се делат територии .

Затоа, сега сакам да кажам зошто оваа декларација јас лично како Томе Стојановски ќе ја подржам. Затоа што оваа декларација ќе биде политички манифест како одговор на неодговорна друга страна. Меѓутоа, пак говорам, тие имаат право да истакнуваат што сакаат и мора да ни дозволат ние најмалку да се послужиме со исто средство, како што тие се послужиле. Тие се протекторат, а ние сме држава. Може да одлучуваат на државата да и се забрани. Јас , колегите од албанско потекло , навистина , во овој момент не можам да ги разберам. Зошто го штитат туѓиот интерес. Викаат ние имаме таму роднини. Па, ниеден од овде, ако се броиме, можеби имаме во соседните држави сите роднини и зарем тие држави да ги доведеме овде. Сигурно не. Затоа, имаме државнички карактер , ќе се однесуваме како такви. Јас декларацијата ќе ја подржам како гест на државник дека друга соседна држава односно соседна територија не може да се меша во внатрешни работи на друга држава. Склучените договори во кои тие не учествувале, не може да бараат да се раскинат. А, ако бараат поништување на тие договори , сакаат да ја прогласат другата држава, другата страна односно Југославија да не е држава. Како правник правам разлика меѓу право на ништавност и право на раскинување. Право на раскинување на договор може да има само оној кој го склучил договорот, а право на ништавност секој. Ако успеат тоа да го поништат, ние како ништавно-правна работа, ќе го прифатиме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Чифлиганец Ванчо.

Тој не е тука.

Г-дин Тодоров Ѓорѓи.

Во моментов влезе во салата г-динот Чифлиганец.

Г-динот Чифлиганец има збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе,

Јас зборувам во 20,45 часот, пратениците се бунат, но мжеби е добро во последните три месеци пратениците да ја дадат последната позитивна енергија. Јас сакам на колегата Вангел Симев, личност која посебно ја почитувам и повеќе години следам како бивш спортист, спортски работник, спортски професор на Универзитетот во Македонија, педагог и тука ниту сакам колега Симев да ти одземам, ниту да ти додадам. Со твојата педагошка работа повеке години си бил ценет и си бил докажан. Коректен, примерен и морален. Им посакувам на многу спортски работници, педагози, работници така да се однесуваат.

Јас сакам македонската јавност да ја потсетам и сакам да укажам дека на секој спортски успех, резултат на Балканијада , Европско првенство, светско, Олимпијада и било кое натпреварување да си постигнат добри спортски резултати. Дали е спортски резултат од некој спортски клуб, екипен од Тетово, Гостивар, Струмица, 'и од мојот"Бучим"Радовиш за мене е тоа исто. Тоа го рекол и Гоце Делчев и тој аманет не треба да го забораваме - спортското и културно натрепарување е на секоја нација. Затоа спортскиот резултат на Кометал Горче Петров и мојот драг пријател Иван Бојков, на и тоа како значајниот спонзор Трипун Костовски и неговите спортиски, Индира, да не ги набројувам сега сите многу голем успех дадоа, тренери, љубители на спортот од целата македонска јавност, без разлика на нивната национална припадност им го честитам успехот и догодина да се повтори.

Но, кога зборуваме за спортски резултатите не смета да се заборават и успесите во претходниот период. Затоа сакам со целосен респект спрема "Кометал" Горче Петров, "Бучим" .Радовиш , Еворпа свет беше првиот европски шампион, ги победи шампионите од Турција кои беа од претходната година светски шампиони.

Првиот клубски светски шампион "Бучим-Јака" тоа беше за времето кога многу успех Македонија редеше и тој успех на "Бучим-Јака" Европски светски шампион се забележи или не. "Комета " од Горче Петров сега беше само една од светските точки кои се постигнаа и тоа беше контраст што се забележи, затоа што државата пропаѓа а во спортот постигнуваме успех. Затоа ве молам немојте да ги негирате претходните резултати, ниту пак мислам "Кометал" Горче Петорв.

Затоа колега Вангел Симев ве молам морате во овој момент не да се извините да си признаете дека "Бучим-Јака" бил европски и светки шампион и "Кометал" е европски шампион што во овој момент кога Македонија тони тоа е најсветлата точка.

Но, тоа беше во време на СДСМ , најмалку ни одговара да кажеме дека тогаш беше Бранко Црвенсковски лидер на партијата на СДСМ и премиер на Владата. Ве молам, само ќе ви кажам само една ситуација. Го повикуваме Бранко 'Црвенковски да го даде пехарот за светски шампиони и европски шампиони. .Рече - г-дине Чифлиганец, пратениче во овој момент Македонија има многу по клучни прашања да решава, стопански, признавања и тн. Нека ви биде со успех и тн. И тоа треба македонската јавност и сите ние што седиме овде да го респектираме. Се што можеше во принципиелен амбиент не поддржаа.

Понатаму, сакам една дилема да разрешиме овде.

Има многу партии кои се надоврзуваат на светите четири букви ВМРО-ДПМНЕ . Дали е ВМРО-ДПМНЕ, демократска партија на македонско национално единство, дали е ВМРО Вистинска, или ВМРО македонска. Ве молам, оваа дилема да не биде од оваа страна разрешлива, дали е ВМРО тоа што го негираше колегата Вангел Симев - демократска партија за национално единство односно ВМРО- внатрешна македонска революционерна организаци, вие колега Вангел Симев разговаравте дека оваа партија ВМРО- ДПМНЕ се растурила, се разнебитила. Дали е ВМРО внатрешна революционерна организација или внатрешна македонска растурачка организација.

Вие меѓу вас тоа да го расчистите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам да не ме доведувате во ситуација да ве прекинувам и да ве отстранувам од говорницата. Инаку има што да се каже, но ние имаме дневен ред и сега веќе излеговме од тој дневен ред. Значи "Кометал" и "Бучим-Јака" Радовиш беше и ако може да престанеме. Дали е "Победа" Прилеп или некој друг, ама нема правда до крај.

Ве молам сега да работиме.

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нема да говорам многу. Третата буква што вие ја употребивте како растурачка ќе ви ја направам на вас како расипничка.

Г-дине Чифлиганец...

.(реакција на г-динот Чифлиганец од место)

Ве молам ние говоримееза стратегија на држава, вие за предавање на пехари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да ви кажам да си го чувате сопственото достоинство.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Моите сопартијци знаат дека држава се води на високо ниво, со голема култура, а јас си го застапувам мојот електорат кој сака да бидеш конкретен и да го кажеш тоа.

Тоа што го кажа колегата Стојановски во прилог...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вашите односи со електоратот е ваша работа. Овде сте пратеник.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

,Но, јас го консултирам мојот електорат и Република Македонија.

Може ли нешто да ви кажам г-дине Андов?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, на мене неможе ништо да микажете . Вие кажете што сакате само обратете се на Парламентот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас во овој Парламент го претставувам мојот електорат кој гласал и ја претставувам ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата г-дине Чифлиганец.

Исклучете го ве молам.

Има збор г-динот Горѓи Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и колеги пратеници,

Денес на дневен ред имаме декларација за состојбите на дел од северната граница на РМ кон СРЈ како предлог за укинување на овој парламент,

Овој предлог се повикува врз основа на член 68 став 2. На седницата одржана на тој и тој ден, по запознавањето со текстот на резулуцијата на косовското собрание од 23 мај 2002 година ја донесува следната декларација.

Овој Парламент го добиено текстот на резолуцијата на косовското собрание, ниту го има разгледано и ние расправаме по нешто што не сме го разгледале или не сме од партиите што се на власт и партиципираме во власта кои го имаат разгледано и имаат составено некаков текст на декларација за спротивставување на резолуцијата на косовското собрание. Согласно Уставот на РМ Владата како извршен орган на Парламенто[т] со Уставот е задолжена да ги штити националните и другите интереси на РМ и во услови кога имаме од другата страна протекторат кој што е по меѓународна надлежност, каде што не е надлежен да расправа за границите околу соседите, ние наместо да реагираме и да комуницираме со администраторот кој што е надлежен за Косово, знаеме дека во меѓувреме од прогласувањето на оваа декларација до денес или вчера, косовскиот администратор ја има поништено таа декларација. Исто така, Советот на ОН има расправано по повод работата на косовскиот парламент како протекторат на ОН и мислам дека текстот на декларацијата кој што ни е понуден, за тој текст ќе зборуваме покасно, не конвенира со меѓувреме со настанатите измени односно реагирање на формално правните субјекти за протекторатот Косово.

По излагањето на премиерот и од содржината на декларацијата, за која што во излагањето се кажа дека состојбата на дел од северната граница се второ полувреме, значи на некој начин од неговото излагаше кога добро ќе се проанализира ќе се свати дека ние лани имавме една договорена, да не речам сервирана војна од страна на премиерот односно партијата на власт со албанските политички партии кои партиципираат во власта , а кои што вчера и денес не присуствуваат на работата на овој Парламент иској што јасно кажа дека нема да застанат зад оваа декларација.

Ние знаеме дека пред оваа декларација од страна на протекторатот Косово Република Албанија има донесено исто така декларација со која што не го признава договорот склучен помеѓу државата Маке-донија и СРЈ. Ние како држава не реагиравме по тој повод како формал-но правен државен субјект на соседот од западната страна на нашата држава, туку сега директно впуштајќи се со разговори и преговори на косовскиот

параламент ĸoj има администратор *ĸoj* има улога и можност и законски е задолжен од ОН да може да укине , или да реагира на оние одлуки од тој парламент кој што се дрзнува да заседава и да ре-шава прашања што не се во негова надлежност. Ние наместо да седнеме како држава, нормално то и Уставот го наложува на Владата и нејзините министерства да разговараат со косовскиот администратор. Нашата декларација треба да биде во насока на барање за дисциплинирање на косовскиот парламент за негово распуштање, како што нешто слично имавме во Република Босна. За многу помали и небитни работи кога босанскиот парламент носеше одлуки, декларации или резолуции кои не беа во негова надлежност нивниот администратор неколку пати го има распуштено Собранието.

Од тој аспект мислам дека треба да бараме декларација за распуштање на косовскиот парламент, бидејќи тој под ингеренции на ОН не го положи испитот со тој што Косово требаше постепено да го решава својот статус.

Сакам хронолошки да наведам неколку работи.

Минатата година го имавме случајот Танушевци, а пред Танушевци во РМ имавме пожари ширум РМ . Немавме шумски пожари само во регионите што денеска се окупирани и не се повратени после потпишување на Рамковниот срамен капитулат"српских богова"од страна на оваа неспособна Влада која што не успеа да ги одбрани македонските национални и државни интереси. Знаевме дека со ширењето на тие пожари се свртуваше македонската јавност кон останатите делови на [Г].РМ , а во завојуваните или до вчера раселените региони терористите или косовските терористи поддржани од домашните терористи вршеа инвазија на РМ односно се подготвуваа за војна. Војна која што оваа Влада не успеа да ја добије бидејќи РМ има уставно право да го брани својот суверенитет и интегритет на сопствената држава.

По начинот на владеењето за овие четири години од оваа Влада не можеше поинаку да се очекува, бидејќи видовме дека многу стратешки објекти од стопанството се продадоа, кои што РМ односно буџетот на РМ имаше економска корист и економска сигурност. Да се продадат стратешки фирми или претпријатија кои што се профитабилни, да се откажат од нив зборува за Влада и за партија која што немисли од оваа држава да нап-рави држава, туку мисли со распродажбата на стопанските субјекти кои што се стратешки за оваа држава да се уништи македонската држава односно да се разнебити оваа земја и овој народ дека За време навојната знаеме додека се водеше за време на војната сите претставници на безбедносните сили не загинаа од директна битка и војна со терористите, туку загинаа во заседи , во препади, напади да не речам предавства. Сега не можам да тврдам дали тие предавства се извршени од страна на македонци или од страна на учесници, партиципиенти од страна на ДПА, кои што партиципираа во Владата но мислам дека македонците кои што учествуваа во оваа 'Влада требаше да го уви-дат тој факт, да внимаваат и да ги прислушкуваат нивните разговори и врз база на тие разговори да предвидуваат одредени настани и ги заштитуваат безбедносните сили, а не да не прислушкуваат нас што зборуваме. Мислам дека се занимаваат со многу перфериферни, спорни прашања , одколку со водеше на една стабилна и сигурна државна политика. Бевме сведоци на седнување на оваа Влада да преговара со терористи, кои што терористи меѓународната заедница ги осуди и за време на состојбите во Танушевци меѓународните фактори и меѓународните субјекти јавно дадоа поддршка на РМ да биде енергична и да го расчисти проблемот Танушевци, видовме дека тоа не се случи и одтука можеме да заклучиме дека дозволувањето на проширувањето на воената состојба во РМ дека станува збор за договорена односно контролирана војна од страна на ВМРО- ДПМНЕ и ДПА , каде што остварија одредени профити, бизниси за кои што многу добро се знае во македонската јавност. Седнаа во Охрид да преговараат и да договораат со партнер кој што не го сметаа за достоен односно седнувањето и прегоаварањето со терористите, ние сме сведоци дека никаде во светот, ниедна држава која се бори против тероризмот и терористи не преговара, бидејќи Меѓународната заедница ни даде време и кај нив во кој што не успеавме да го решиме проблемот со терористите нормално ја принуди Владата, бидејќи такви изјави имавме од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дека биле принудени да седнат и да раз-говараат и преговараат со терористи. Тогаш, во тоа време молчеа, сега од како го потпишаа тој срамен Рамковен договор, откако почна негова имплементација за кој што ние како политичка партија и како пратеници го кажавме јасно нашето мислење и нашиот став дека со терористи нема преговарање, туку со терористи треба да се одговори согласно Повелбата на ОН.

**ГОРГИ ТОДОРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Македонија не се брани со декларации и со незнам какви други решенија, Македонија се брани со успешно обезбедена граница, со успешно и добро обучена армија. Ние, сведоци сме дека имаме проблеми во граничниот појас со Република Албанија од 1990 година наваму, со дел од СР Југославија, кој е сега на дневен ред. Имаме такви светски искуства каде што одредени проблеми, одредени држави ги имаат проблемите со границите дека во таквите ситуации се има расчистување на еден граничен појас. Ширината на граничниот појас дали ќе биде три или пет километри, тоа треба да го покажат воените стручњаци од таа област, каде што сите села во пограничната зона се иселуваат, каде што не може да се чува границата со луѓе континуирано, туку имаме ситуации, а јавна тазна е дека во такви случаи границите се чуваат со појаси кои што се минирани на одредени мински полиња. Сведоци сме во весникот "Дневник" пред еден ипол месец кога пишуваше дека четворица или пет-мина граѓани на Република Македонија, кои се обиделе да ја поминат грчкотурската граница на недозволено место, наишле на мински полиња. Имаме информации како политичка партија дека исто границата помеѓу Бугарија и Грција од двете страни е минирана и затоа таму нема проблеми. Инаку, свесни сме дека Република Грција е членка на Европската заедница, каде што има еден подобар живот, подобар стандард, а од друга страна ја имаме Република Бугарија, која што до вчера беше дел од комунизмот, каде што исто така се наоѓа во една транзиција, каде што имаме проблеми слични на нашите, каде што стандардот односно животот е многу потежок, победен, а пак на таа граница немаме проблеми, како што ги имаме ние овде. Сакам да кажам дека Република Македонија сакала или не мора да размислува, границата со соседите, дел од север-ната граница и западната граница, тие села на одреден граничен појас да бидат иселени, минирани и нормално поставени соодветни караули и соодветно обезбедување со војска и со полиција. Доколку, сакаме и понатаму да имаме гинење на недолжно население како од безбедносните сили, така и од она население кое што живее во непосредна близина на границата. Нормално, за роднинските врски кои што овде се најавуваат дека имале и дека требало да се остваруваат, сметам дека на оние легални гранични премини никој на никого не му забранува било каде да се движи и да ги остварува тие роднински и пријателски врски. Неможе некој да се движи на граница каде што не е дозволено. Ние, како др-жава во тој поглед овие 10 години не направивме ништо. Од тој аспект сакам да кажам и претходната Влада и оваа Влада доколку мислеше да направи од Република Македонија држава, токму на овој план ќе ги користеше светски искуства, светските знаења. Ние не правиме цврска држава во светот, па не знаеме како да се прави држава или како се заштитуваат границите. Имаме многу примери како се решени одредени конфликтни состојби во однос на границата која што ја имаме ние денес.

Затоа, мислам дека оваа Влада, како и претходната немаше намера од Република Македонија да направи држава. Бидејќи во федерацијата во која што до вчера бевме, нашите политичари не го почувствуваа трендот на распаѓањето на Федерацијата. Не беа подготвени и немаа визија, согледување за ситуацијата или за времето кое што наидува, времето кое што треба Република Македонија да се осамостои како држава и соодветно на тоа да се донесеа основни закони, Уставот на Република Македонија. Не само тоа, туку и да се извршеше одредено мобилизирање, подготовка на кадрите политички и војската.

Сакам да кажам дека во тоа време некои политичари се занесуваа дека и понатаму треба да останеме во некоја си скратена или редуцирана федерација.

Овде имаше разни дискусии дека границата, да се обележи само на картите, додека на терен дека треба да се избришат, мислам дека такви изјави од страна на поедини колеги пратеници се несериоз-ни и не нудат решавање на одредени состспби во Република Македонија. Сакам да истакнам дека решавањето на проблемот односно формирање на државата Македонија неопходно треба или неопходно е потребно да се направи како во сите држави во Европа и во светот, знаеме дека ниедна држава во Европа, па и во светот не е чиста национална држава, туку имаме разни примеси на етнички припадности, национални малцинства и ред други работи. Сите тие држави за да ги надминат овие проблеми што ги имаме ние денес, кои што ги наследивме со распаѓањето на Југославија, треба да се формира македонска нација. Со формирањето на македонската нација сите граѓани во Република Македонија се свртуваат кон економскиот подем и развој на државата, бидејќи со формирањето на македонска

нација, се спречува федерализирањето, а потоа и распаѓање-то на Република Македонија. Ние знаеме дека'во САД, кои што бројат околу 25 милиони жители, само 25 милиони имаме шпанци. Ако тие утре и ако овде успее таа, да365 речеме, нереална претпоставка  дека Македонија треба да биде мултиетничко општество или мултиетничка држава, ќе биде лош пркмер за останатите држави и нации каде што Република Македонија бара прием во Советот на Обединетите Нации, која не е субјект односно не е формирана како нација, а бара припадност, бара прием под името Република Македонија со национален идентитет, а тој национален идентитет оваа Влада и претходната Влада не успеа да седне и да размислува во таа насока како треба да се формира оваа македонска нација, оваа македонска држава да живее, како што реков, во економски подем, а не ние секојдневно 10 години, па се најавуваат уште 10 години дека ќе се рапсправаме кои сме и што сме и како сме. Ако оваа држава е Македонија и ако ова е македонска територија, сите ние што живееме во неа сме македонци, пред се и над се и така треба да се однесуваме. И, ако сакаме да има соживот во вистинска смисла на зборот, треба заеднички да работиме, заеднички да учиме, заеднички да живееме во севкупниот живот, а не со поделби на посебни секти. Секти во образованието, образование за албанци, образование за турци и незнам за кои други и тн. Република Македонија со своето стопанст во не може да го издржи тоа. Не само Република Македонија, туку и многу појаки нации, како што се Америка и други како што го кажав примерот дека и таму има разни етнички припадности, но тие седнаа и го решија тој проблем. Сите се нарекоа американци по нација без разлика на етничката припадност, усвоија еден јазик, едно писмо и со тоа ги надминаа меѓусебните кавги, кој како и што се вика и гледаме дека постигнаа голем економски подем и развој. Во таа насока сакам да кажам дека и ние сакале или не мора да седнеме и да работиме сите политички партии во Маскедонија на формирањето' на македонската нација, на сите овде што живееме во Македонија сме македонци, без разлика кој каква етничка припадност има и нормално да го штитиме територијалниот суверенитет и интегритет на Република Македонија, за да можеме да имаме економски подем. И, кога ќе го достигнеме она ниво на економски подем, ние не треба да бараме прием во Европската заедница. Таму каде што ти бараш и молиш да бидеш примен, твојата цена е симната. Ако со економски подем, со усвојување на економските и светските стандарди достигнеме таков развој, секој ќе не бара како партнер, субјект, како национален партнер и субјект за соработка и тн.

Затоа, сакам да кажам дека околу декларацијата ние треба да реагираме до Обединетите Нации, соодветно на 'евоите формално правни ингеренции да реагира до Косово, а тоа ќе го побараме ние како пратеничка група со амандмани кога ќе биде расправата околу текстот на декларацијата, бидеЈЌи некои работи се променија од овие неколку дена, од 23 мај, па до сега, ние да реагираме соодветно во Советот на Обединетите Нации и соодветно до администраторот во Косово, соодветно на неговите ингеренции да превземе соодветни мерки.

Овде беше кажано дека дневниот ред администраторот го составувал, па можел да реагира и ред други работи. Ние знаеме дека администраторот може во таа насока да биде изигран, дневниот ред да биде составен и на самата седница на Собранието. Јас мислам дека Обединетите Нации преку својот администратор и преку заседанието на Советот на  Обединетите Нации исправно реагираа и дека нашата определба треба да биде и соработка токму со Меѓународната заедница за заштита на границата со Сојузна Република Југославија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес.

Сега ја прекинувам седницата и утре ќе продолжиме во 12 часот.

Прво, ќе продолжиме со оваа седница, а потоа ќе минеме на Сто и седмата седница.

(Седницата прекина со работа во 21,20 часот).